
ФЕВРУАРИ 2015 ГОДИНА

КАКО ДО ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ КАЈ ИНСТИТУЦИИТЕ И КОМПАНИИТЕ ВО ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Овој документ е продуциран со финансиска поддршка од Европската Унија. За содржината на овој документ целосно е одговорна Аналитика и во никој случај не ги рефлектира ставовите на Европската Унија.

Проектот "Следење на тендери, јавни набавки и буџетирањето во енергетскиот сектор на Македонија„ е имплементиран во рамки на проектот „Акциска мрежа за добро владеење" спроведен од Метаморфозис, Македонски центар за европско образование и Реактор - Истражување во акција.

Кратенки

АЕ	**-**	**Агенција за енергетика**
ДЗР	**-**	**Државен завод за ревизија**
ДКСК	**-**	**Државна комисија за спречување на корупција**
ЕК	**-**	**Европска комисија**
ЕЛЕМ	**-**	**Електрани на Македонија**
ЕЛЕС	**-**	**Оператор на системот на пренос на електрична енергија**
ЕУ	**-**	**Европска унија**
ЗЈН	**-**	**Закон за јавни набавки**
ЈПП	**-**	**Јавно приватно партнерство**
КЗК	**-**	**Комисија за заштита на конкуренцијата**
МЕ	**-**	**Министерство за економија**
МЕПСО	**-**	**Македонски електропреносен систем оператор**
ОЈО	**-**	**Основно јавно обвинителство**
РКЕ	**-**	**Регулаторна комисија за енергетика**
РМ	**-**	**Република Македонија**
ХЕП	**-**	**Хрватска електропривреда**
ХОПС	**-**	**Хрватскиот оператор на преносниот систем**
ХСЕ	**-**	**Холдинг Словенски електроцентрали**

Содржина:

1. Вовед 3

2. Зошто е важно да се знае како се планираат и трошат парите во енергетскиот сектор?.....4

3. Правната легислатива и институциите/компаниите во енергетскиот сектор.....6

4. Буџетирање за енергетика.....9

5. Институционална поставеност.....13

Улогата на собраниските комисии при финансирањето во енергетскиот сектор.....13

Улогата на Агенцијата за енергетика на РМ.....17

Улогата на Регулаторната комисија за енергетика.....21

Сектор енергетика при Министерството за економија..... 24

6. Искуства од Словенија и Хрватска.....28

7. ЕЛЕМ И МЕПСО – како работат двете државни енергетски компании.....36

ЕЛЕМ.....36

МЕПСО.....42

8. Позитивни искуства од Словенија и Хрватска.....46

Словенија.....46

Хрватска.....52

9. Проблеми при финансирањето и трошењето на парите во македонскиот енергетски сектор.....58

Наодите од ДРЗ за доделените концесии за користење

на вода за производство на електрична енергија

од мали хидроцентрали.....58

Случајот со РЕК Битола.....60

Трговија со струја.....62

10. Заклучок.....65

11. Препораки.....66

12. Извори.....70

Вовед

Доброто владеење, врз основа на транспарентност и партиципативност во донесувањето одлуки, е предуслов за премин кон одржливо производство и потрошувачка на енергија во Република Македонија (РМ), почиста околина и заштита на природата и човековото здравје. Енегетскиот сектор во РМ се карактеризира со затвореност, што може да се објасни како резултат на наследството од социјалистичкиот начин на управување во минатото и задоцнетата либерализација на пазарот на енергија. Со оглед на тоа што енергетскиот сектор во земјавата почна да се приватизира дури во последните години (од приватизацијата на Електростопанство на Македонија во 2006), овој процес на реструктурирање од државна во приватна сопственост не се одвиваше без предизвици, од кои секако еден од најголемите е злоупотребата на позициите на одредени актери во енергетскиот сектор. Помеѓу актерите во енергетскиот сектор постојат претпријатија во државна и приватна сопственост, кои се карактеризираат со неефикасно работење и се склони кон нетранспарентно известување и отчет за сработеното.

Недостатокот на визија за развојот на енергетскиот сектор во насока која ќе понуди решенија за современите предизвици, како и преферирањето на големи и еколошки контроверзни енергетски развојни планови, се дел од проблемите кои се релевантни за енергетските сектори во поголемиот дел од земјите на Балканот. Тука е и проблемот со нетранспарентноста на трошењето на јавни пари во енергетскиот сектор. Притоа, граѓанскиот сектор е многу малку вклучен во развојот на енергетскиот сектор, како и во активно учество во носењето на одлуки и надгледување на нивното спроведување.

Токму заради ова важно е да се анализираат различните аспекти од функционирањето на енергескиот сектор, осврнувајќи се посебно на креирањето на буџетите, како и финансирањето на институциите кои ги креираат енергетските политики, државните компании кои се дел енергетскиот систем, како и приватните актери кои профитираат на пазарот на енергетика, често од парите на даночните обврзници. Енергетскиот сектор како таков е доста комплексен со веќе споменатите државни и приватни актери, се' до крајните потрошувачи и домаќинствата како најголеми потрошувачи на енергија во Република Македонија. Тука секако се и недржавните актери кои "однадвор„ ја набљудуваат работата на овие актери, како што се граѓанските организации, медиумите, странските донатори итн.

Обемната анализа во овој документ се однесува на јавно достапни информации, кои најчесто можат да се најдат на интернет страниците на државните институции, компании, како и на информациите прибрани со употреба на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој е главната алатка употребена во ова истражување. Предмет на анализа во овој докмент се, Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, Агенцијата за енергетика, Собранието на РМ со Комисиите за финансирање и буџет и економски прашања, Министерството за економија т.е. Секторот енергетика, ад ЕЛЕМ и ад МЕПСО. Транспарентноста и отечноста во нивното работење се оценува врз основа на финансиското работење, планирањето на буџетите и надзорот на нивната имплементација, трошењето на средствата, јавните набавки и тендери, односно што, во каква форма и обем од информациите се јавно достапни.

Методологијата се заснова на преглед на законската рамка и анализа на работата на институциите и компаниите предмет на ова истражување, врз основа на одредени параметри: 1. Дали имаат годишен план за работа; 2. Дали имаат годишен наративен и финансиски извештај за работа; 3. Дали имаат други видови објавени извештаи кои се поврзани со нивната работа; 4. Дали се расправало за енергетски проекти и за финансискиот елемент на енергетските проекти (при анализата на расправите на Собраниските комисии); 5. Планирање и усвојување на буџетите во делот на енергетиката компаративно

за последните пет години; 6. Наодите на ревизорски извештаи од Државниот завод за ревизија, 6. Достапност на вести и јавно достапни информации за наводни злоупотреби на службената должност, наоди за коруптивно и други видови незаконско однесување во секторот енергетика.

Анализата содржи и три студии на случај повразни со тендери за енергетски проекти и со трговијата со струја, кои се дадени како пример за пронајдени недостатоци во функционирањето на енергетскиот сектор, а даден е и преглед на позитивни искуства на транспарентност во енергетскиот сектор на други земји. На крајот следуваат заклучоците и препораките за секоја од институциите предмет на анализа на оваа студија.

Зошто е важно да се знае како се планираат и трошат парите во енергетскиот сектор?

Постојат многу причини зошто е важно да се знае како се планираат и трошат парите во енергетскиот сектор. Најважна причина е секако дека во демократско општество едно од главните принципи за негово функционирање се демократскиот и објективен надзор над тоа како се трошат парите на даночните обврзници. Понатаму, самата природа на енергетскиот сектор и неговата непроценлива важност без чие постоење е невозможно функционирањето на било кое модерно општество, носи ризик од негова злоупотреба, ризик кој треба да се митигира со јасно поставени правила на игра. За разлика од други сектори, енергетскиот сектор се наоѓа најчесто помеѓу државната и приватната сопственост, каде што пазарните правила мора да постојат и да се почитуваат, но исто така мора да постои соодветна легислатива и регулација од страна на државата, бидејќи пристапот до енергија е услуга која навлегува во основните човекови права. Увидот во тоа како се трошат јавните пари во одржувањето и функционирањето на енергетскиот сектор, треба да биде потпомогнато со независен надзор од тела формирани со посебна легислатива на која им е доделена таа улога, како и од законодавниот дом како врховен претставник на граѓанската волја.

Според Законот за енергетика на РМ[1], “Електроенегетски систем„ е систем составен од производни постројки, електропреносна мрежа, една или повеќе електродистрибутивни мрежи и потрошувачи на електрична енергија додека “енергетски сектор„ е сектор во економијата кој ги вклучува енергетските дејности утврдени со овој закон; додека пак регулирана “енергетска дејност„ е енергетска дејност преку која се извршува обврската за јавна услуга и се врши под услови, на начин, цени и тарифи пропишани, односно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика. Друга важна дефиниција во контекстот на ова истражување е обврската или обврските за обезбедување јавна услуга кои што се обврски наметнати на вршителите на регулираните енергетски дејности заради остварување на јавниот интерес, во согласност со овој закон, а се однесуваат на сигурноста, вклучувајќи ја и сигурноста на снабдувањето, достапноста на услугата до корисниците во секое време, квалитетот и цената на енергијата или енергентите и услугите, како и заштитата на животната средина, вклучувајќи ја и енергетската ефикасност и заштита од климатските промени. Ова всушност е најважниот дел од законот каде се гледа дека иако се оринентира државата наспрема отворен енергетски пазар, сепак целта е да се заштитат крајните потрошувачи.

Поради овие причини, потребни се тела/институции кои будно ќе ја следат работата на сите инволвирани актери во електроенергетскиот систем и енергетскиот сектор на РМ чија што работа освен што инволвира огромни финансиски средства, е од исклучителна важност за благосостојбата на сите граѓани на државата, па оттука и последиците од било каква злоупотреба можат да бидат далекусежни. За разлика од многу други сектори, во енергетскиот сектор надзорот врз тоа како се трошат јавните пари од страна на независни актери како што се медиумите, граѓанските организации или експертски тела е доста ограничен, делумно и поради сложеноста и потребата од експертско познавање на енергетиката и

[1] Закон за енергетика, Сл. Весник бр. 16 од 10.02.2011 година.

на функционирањето на сите делови на енергетскиот систем. Токму затоа, потребни се надворешни надзорни институции, како што се парламентот и врховните ревизорски институции, кои ќе имаат поголема надзорна улога во трошењето на јавните пари во енергетскиот сектор во РМ, како еден вид на контрола против нивна евентуална злоупотреба.

Други два закона кои се многу важни за тоа како ќе функционира пазарот на енергија, и дали и колку ќе има можности за злоупотреби се Законот за заштита на конкурентноста и Законот за контрола на државната помош. Според Извештајот на Енергетската заедница, токму во нивната неимплементација во енергетскиот сектор го гледа проблемот. **Законот за заштита на конкуренцијата** беше донесен во 2010 година. Забраната за картелско здружување и злоупотреба на доминантната положба го следи текстот на членовите 101 и 102 од ТФЕУ[2]. Законот се однесува на јавните претпријатија во сопственост на државата или општините, како и претпријатијата на кои им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес. На Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) и е доверено спроведувањето на законот за заштита на конкуренцијата. Измените и дополнувањата на Законот за заштита на конкуренцијата се донесени во февруари 2014 година и се однесуваат на квалификациите кои членовите на Комисијата треба да ги имаат за да бидат избирани од страна на Собранието. Измените кои ги предвидуваат условите за квалификациите за управители не беа ограничени само на КЗК, туку беа воведени во сите закони со кои се регулира работата на сите други комисии/агенции (вклучувајќи ја и Регулаторната комисија за енергетика).

Законот за државна помош, исто така беше усвоен во 2010 година. Законот содржи забрана за доделување државна помош и правилата за компатибилна помош се во согласност со членовите 107 (2) и (3) на ТФЕУ.[3] КЗК е надлежна за оценка и мониторинг на државната помош. Неа и е доверено разгледувањето на известувања и може да нареди да се врати државна помош која е доделена незаконски.[4] И во двата закона нема посебни поглавја или членови кои ги обработуваат енергетските прашања, туку членовите генерално се однесуваат на енергетиката, преку одредбите за државна помош и заштитата на конкуренцијата.

Четврт важен закон кој влијае врз тоа како ќе функционира енергетскиот сектор со сите свои субјекти е **Законот за јавни набавки** кој се бави со начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки, надлежностите на Советот за јавни набавки, основањето и надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правната заштита во постапките.[5] Со законот се уредуваат неколку области од кои едната е енергетиката. Па така од членовите 182 до 184 е регулирано "поставувањето и стопанисувањето на фиксни мрежи наменети за обезбедување јавни услуги во поглед на производство, пренос или дистрибуција, односно снабдувањето со гас, топлинска или електрична енергија на таквите мрежи„, што се исклучува од законот за јавни набавки како производството на електрична енергија за сопствена употреба.[6] Под овој закон спаѓаат снабдувачите т.е. трговците со струја кои увезуваат во согласност со потребите на пазарот. Што се однесува до казните доколку се прекрши законот се предвидуваат и казни затвор, најчесто од 1 до 3 години. Она што не е спомнато во законот за секоја од посебните области што ги обработува и тоа,

[2] Annual Implementation Report, 2013/2014, Energy Community Secretariat, 01.08.2014
[3] Ибид.
[4] Annual Implementation Report, 2013/2014, Energy Community Secretariat, 01.08.2014.
[5] Пречистен текст на Законот за јавни набавки објавена од страна на Бирото за јавни набавки http://www.bjn.gov.mk/bjn-portal/wordpress/.
[6] Ибид.

- водоснабдување,
- енергетика,
- транспорт,
- поштенски услуги и
- други опфатени дејности

е што не се предвидени специфични казни доколку се прекршат одредбите во посебните горенаведени области. Додека на пример во членовите 232-б и 232-в при набавка на лекови се споменуваат специфични казни.

> "Тој што свесно ќе оформи дел од предметот на набавка на лекови, медицински помагала и/или потрошен медицински материјал со повеќе ставки без согласност на Советот спротивно на членот 15 став (7) од овој закон и со тоа за себе или за друг ќе оствари поголема имотна корист, или ќе предизвика поголема штета, ќе се казни со казна затвор до една година...Тој што свесно ќе ги дефинира техничките спецификации на набавката на лекови со користење трговска марка или со име на производителот / носителот на одобрението за ставање во промет спротивно на членот 36 став (3) од овој закон и со тоа за себе или за друг ќе оствари поголема имотна корист, или ќе предизвика поголема штета, ќе се казни со казна затвор до една година."[7]

Вакви конкретни одредби не можат да се најдат за тргувањето, производството, преносот и дистрибуцијата на електрична енергија и гас, што се смета за пропуст, бидејќи претставува пазар кој вклучува доста големи финансиски средства, и услуга која диркетно влијае врз добробитта и животот на граѓаните. Друг проблем е што според овој закон мора секогаш да се избира економски најповолната понуда т.е. најевтината на сметка на понудениот квалитет, што ја носи опасноста со себе да се избираат понуди кои се со доста послаб квалитет, а избрани се само затоа што се најевтини.

Правната легислатива и институциите и компаниите во енергетскиот сектор

Главно тело кое со македонските закони е задолжено да го регулира сите енергетски пазари во Македонија (пазар на електрична енергија, на природен гас, топлинска енергија и нафтени деривати[8]) во Македонија е Регулаторната комисија за енергетика на РМ, формирана 2002 година со Законот за изменување и дополнување на законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 94/02). Сепак со вистинската работа Комисијата започна во 2003 година по усвојувањето на Одлуката од страна на Собранието на РМ за именување на претседател и членови на Комисијата, донесена на 23.07.2003 година. Главната работа на Комисијата е регулирана со општиот закон за енергетика и со сопствените правилници за работа.

Цело поглавје 3 од Законот за енергетика, од 2011 година е посветено на Регулаторната комисија за енергетика, каде детално се опишани нејзините надлежности и ингиренции, составот, кој се може да биде избран за член, како се избираат членовите, мандатите, итн. Собранието на РМ ги именува членовите и претседателот на Комисијата по предлог на Владата (Член 16), иако се вели дека таа е незваисна институција. Исто така Собранието на РМ го одобрува статутот на Регулаторната комисија, и Комисијата мора до 31 март секоја година (Член 35) да му достави до Собранието на усвојување годишен извештај за претходната година вклучително и извештај за материјално-финансиско работење. Иако Комисијата по закон е независно регулативно тело кое треба да врши независна, транспраентна контрола на пазарот на енергија (струја, гас, итн.) каде што членувањето треба да биде на професионална основа, со овие одредби сепак се отвораат можности за индиректен притисок врз неа да биде во чекор со политиката на Владата, или во најмала мера, пратениците да одобруваат што таа работи.

[7] Ибид.
[8] Забелешка на РКЕ доставена официјално до Аналитика на 4.02.2015 година

Комисијата всушност е највисокото тело за одлучување во секторот енергетика бидејќи иако Владата и Министерството ги носат стратешките документи, пазарот не би можел да функционира без постоењето на Регулаторната комисија која треба да ги регулира сите учесници на пазарот, од давање лиценци за прозиводство до одлучување за цените на енергенсите. Поради ова нејзината независност и професионалност се од исклучива важност за функционирањето на пазарите на енергетика на транспарентен начин каде што грижата за крајните корисници е голема.

Интересна забелешка е што Собранието на РМ во многу други елементи од енергетиката не игра скоро никаква позначајна улога, како што е активно и суштинско вклучување во дебатите за Стратегиите за развој на енергетиката/обновливите извори на енергија/енеретска ефикасност итн, но во овој случај му се дадени ингиренции за "контрола„ врз работата на едно професионално тело како Регулаторната комисија за енергетика. Ова е и заклучокот на Енергетската Заедница, во која Македонија членува од нејзиното формирање. Па така, во годишниот имплементациски извештај на Секретаријатот на Енергетската заедница од 1 август 2014 година, во делот за Македонија меѓу друото стои дека: *„на Регулаторната комисија за енергетика и е доделена автономија и моќ да директно донесува обврзувачки одлуки кои можат да бидат предмет само на судска ревизија. Финансиската независност е обезбедена преку можноста Регулаторната комисија за енергетика да определи да својот годишен буџет се финансира преку собраните средства од надоместоците за издадените лиценци при што таа самостојно одлучува за тоа како ќе го употреби буџетот„.*[9]

Законски обврзното одобрување на буџетот на Комисијата од страна на Собранието по себе не мора да биде од критичка важност бидејќи Собранието нема право на интервенција во правото на регулаторот сам да одлучува за алокација на својот буџет. Исто така, законската обврска за одобрување на годишниот извештај на РКЕ од страна на Собранието може да биде од некритична важност затоа што недостатокот на одобрение не е наведен како причина за разрешување. Сепак, потребата за одобрување може исто така да биде причина за неоправданиот политички притисок врз донесувањето на одлуки на регулаторното тело. Во практична смисла Регулаторната комисија за енергетика, сепак, не ја користи до макисмум својата независност, а особено, се' уште не презема активна улога потребна за справување со бариерите во конкуренцијата на пазарот на енергија. До овој момент не може да се докаже/потврди нејзината целосна независност.[10]

Како за пример, може да се земе расправата во Комисијата за економски прашања при Собранието на Република Македонија одржана на 29 ноември 2013 година, каде што се разгледувал предлог на финансискиот план за 2014 година. Па така: претседателот на РКЕ Димитар Петров, како и секоја година го изложува буџетот за наредната година пред пратениците, со што тие имаат можност да коментираат. Најголемата забелешка дојде од тогашниот пратеник Николче Ацевски од НСДП кој исто така укажа на проблематичната независност на РКЕ, но не од Парламентот на кого што му одговара туку од Владата, па така истакна дека:

"Во последните 4 години од 700.000 евра, со финансискиот план за 2014 година се бараат 1.120.000 евра...во извештајот на Европската енергетска заедница е констатирано дека Регулаторната комисија за енергетика не е независна, одлуките кои што се носат треба да се почитуваат и спроведуваат од страна на фирмите кои што поседуваат лиценци за вршење на енергетска дејност. Регулаторната комисија за енергетика треба да може да врши истрага дали тие одлуки се спроведуваат. Доколку истите не се спроведуваат ќе треба да се применат санкции...Регулаторната комисија за енергетика не е независна,

[9]Годишен извештај за спроведување, Секретаријат на Енергетската Заедница, 2013/2014, Annual Implementation Report, 2013/2014, Energy Community Secretariat, 1.08.2014
[10]Ибид.,.

туку под силна контрола на Владата на Република Македонија. Тоа повлекува прашање колку се штитат правата на потрошувачите во Република Македонија во однос на монополите.„[11]

Одговорот на претседателот на РКЕ Петров беше дека РКЕ „се финансира од независен Буџет кој го одобрува Собранието на Република Македонија и истата е финансиски независна од Буџетот на Република Македонија и независна од Владата на Република Македонија„.[12] Објаснувања за штитењето на монополите немаше.[13]

Ако се погледне Законот за енергетика, улогата на Собранието, освен во делот на "контролата„ врз РКЕ, е скоро непостоечка кога се работи за енергетскиот сектор. Државните енергетски компании немаат скоро никаква допирна точка со Собранието, а за тоа што точно се расправа на комисисиките седници кога се зборува за буџетот и особено за енергетскиот сектор ќе биде анализирано во нарединот дел. Собранието исто така има ограничена улога и при усвојувањето на разните стратегии поврзани со енергетиката како Стратегијата за развој на енергетиката до 2020 со визија до 2030, Стратегијата за енергетска ефикасност, како и Стратегијата за обновливи извори на енергија. Иако Владата може да му ги достави на Собранието ваквите стратешки документи на разгледување сепак во членот 10 од Законот стои дека Владата на Република Македонија, по предлог на министерството надлежно за вршење на работите од областа на енергетиката (во натамошниот текст: министерството) ја донесува Стратегијата за развој на енергетиката.[14] Владата по предлог на надлежното министерство, а тоа во случајот е Министерството за економија со посебниот сектор за енергетика исто така најдоцна една година од денот на донесувањето на Стратегијата за развој за енергетиката, донесува програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за период од пет години како и енергетскиот биланс за 5 години со кој се утврдуваат енергетските потреби на земјата. И тука улогата на Собранието скоро и да ја нема, бидејќи воопшто не се споменува. Во член 10 уште се спомнува Агенцијата за енергетика на Република, која според законот "обезбедува поддршка за изготвувањето на Стратегијата за развој на енергетиката и во спроведувањето на енергетската политика.„ Како и тоа дека средствата за изготвување на Стратегијата за развој на енергетиката се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, грантови или донации.[15] Иако не е наведено каде и во која ставка точно од буџетот ќе стојат средствата наменети за имплементирање на Стратегијата, ниту пак улогата на Собранието во овој сегмент.

Што се однесува до ЕЛЕМ и МЕПСО пак, иако се компании во државна сопственост, првата за производство, втората за трансмисија на електрична енергија т.е. главен оператор на електропреносниот систем, нивната работа не е засебно регулирана. Дел од нивната работа е регулирана низ членовите кои се однесуваат на областите како што се изградба на нови енергетски објекти, изградба на нови преносни и дистрибутивни системи и директни водови, пазар на електрична енергија, кои се обврските на операторот на електропреносниот систем, на операторот на дистрибутивниот систем, на производителот на електрична енергија со лиценца, итн. области од законот кои генерално се однесуваат на сите учесници на пазарот на енергетика, без притоа да ги одвојува најголемите две компании на пазарот кои се во државна сопственост. Околку разграничувањето на дејностите, она што е најважно е дека законот "правното лице што ја врши дејноста пренос на електрична енергија не може да има лиценца за вршење

[11] Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија, Извештај за Предлог-финансискиот план на Регулаторната Комисија за енергетика за 2014 година, Триесет и деветтата седница одржана на 29 ноември 2013 година.

[12] Ибид

[13] Забелешка доставена од РКЕ по ова беше дека е проблематично од методолошки аспект во изготвување на студијата дека се носат заклучоци само врз основа на една стенограмска забелешка од кратка дискусија во Собранието на РМ при донесувањена финансискиот план за 2014 година. Авторите на студијата ги прегледаа сите дискусии поврзани со финансии и енергетика во Комисиите за економски прашања и финансирање и буџет и наведениот пример беше единствен каде што воопшто се расправало за РКЕ.

[14] Закон за енергетика, Службен весник на РМ бр. 16, од 10.02.2011 година.

[15] Ибид.,член 10.

на дејностите производство, дистрибуција, трговија, снабдување со електрична енергија и снабдување во краен случај со електрична енергија„ како и правното лице што ја врши дејноста дистрибуција на електрична енергија не може да има лиценца за вршење на дејностите производство, пренос, трговија, снабдување со електрична енергија или снабдување во краен случај со електрична енергија. [16] Иако тоа обезбедува еднаквост пред законот на сите актери на пазарот, сепак се добива впечаток дека токму различниот статус на најголемиот прозиводител и најголемиот оператор на електропреносниот систем би требало да биде подробно регулиран со овој или со друг посебен закон за нивно полесно дејствување.

Со ова истражување останатите производители на струја, особено од обновливи извори нема да се испитуваат бидејќи фокусот е на трошењето на парите од даночните обврзници во секторот енергетика, па така овие компании не спаѓаат во тој опсег, освен преку фидинг тарифите кои не влегуваат во доменот на ова истражување[17].

Затоа пак трговците со струја, кои често пати на повик т.е. тендери увезуваат електрична енергија ќе бидат дел од истражувањето. Нивната работа со Законот за енергетика е регулирана преку одредбите кои го регулираат пазарот на електрична енергија па така “со правилата за пазар на електрична енергија, што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика, особено се уредува...воспоставување, организирање и контрола на тргувањето со електрична енергија и системски услуги, вклучувајќи го и прекуграничното тргување... Понатаму членовите 81, 82 и 83 подетално се занимаваат токму со трговците на струја. Најважно од нив е дека: Трговецот со електрична енергија купува електрична енергија од земјата и од странство заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот и операторите на дистрибутивните системи, како и продажба на купувачи во странство... Трговецот со електрична енергија е должен да: 1) работи во согласност со правилата за пазар на електрична енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите; 2) ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со пазарните правила.. Како и заради транспарентно, ефикасно и конкурентно тргување со електрична енергија и системски услуги, учесниците на пазарот на електрична енергија, можат да тргуваат со електрична енергија или системски услуги преку берза за електрична енергија во Република Македонија основана во согласност со закон или преку регионална берза за електрична енергија.[18] Секако понатамошната работа и фактичкото функционирање на трговците со струја го уредува Регулаторната комисија со своите правила и прописи.

Буџетирање за енергетика

На прв поглед, во Буџетот на РМ како што го изготвува Министерството за финансии, тешко може да се увидат буџетските планирања за конкретната калдендарска година во енергетиката. Тоа секако не значи дека од буџетот не се финансира ништо, туку дека ставките предвидени за одредени активности, како што се имплементирање на стратегии, акциони планови и слично, најчесто се ставени во ставките предвидени за разните министерства, агенции, комисии. Сепак ако се земе во предвид фактот дека енергетскиот сектор е доста голем и продира во сите пори од општественото живеење, ваквата состојба во иднина би можело да треба да претрпи промени за потранспарентно известување за тоа каде одат буџетските пари во енергетиката.

[16] Ибид., член 71 и член 78.

[17] Проблемот во однос на ОИЕ во Македонија е дека финансирањето преку фидинг тарифите е нетранспарентно, нема одделен буџет за фидинг тарифите, не знаеме колку е и од каде се полни – со што предвидливоста за нови инвестиции е намалена, а и со тоа отчетноста на АЕ и Владата пред даночните обврзници. Сепак како што беше наведено, бидејќи пред се’ се работи за приватни компании кои стопанисуваат со вакви проекти за потребите на овој извештај, ОИЕ ќе бидат изземени.

[18] Закон за енергетика, Службен весник на РМ бр. 16, од 10.02.2011 година, член 81 и член 83.

Кога ќе се погледне буџетот низ годините забележливо е што и тука нема конзистентност во тоа што се презентира и на кој начин. На пример, во Буџетот од 2010 година, има известување за постигнатите резултати од 2009 година во делот кај Министерството за економија (слика 1), и потоа следат приоритети и цели за 2010 година[19], додека во 2011 година стојат само приоритетите за таа година, без анализа на она што е сработено претходно. Па така во делот за енергетика, во 2010 Буџетот вели: обезбедување со енергија и раст на инвестициите во енергетскиот сектор[20], во 2011 вели само развој на енергетиката[21]. За сектор од непроценливо значење, од кој не зависат само растот и развојот на економијата туку и благостостојбата на сите жители, ваквите кратки и недоволно јасни описи не придонесуваат ниту кон поголема транспарентност и отчетност ниту пак кон стратегиски раст и развој.

Слика 1

10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.217.228 илјади денари

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за економија е надлежна за создавање на услови за развој на индустријата базирана на иновации и знаење, регулација на внатрешниот пазар, развој на енергетскиот сектор, унапредување на деловната клима и поттикнување на домашните и странските инвестиции, зголемување на конкурентноста на корпоративниот сектор, создавање на услови за поттикнувачка деловна и инвестициона клима за раст на деловните активности и инвестициите, развој на претприемништвото и малите и средни претпријатија, искористувањето на природните минерални ресурси, зголемување и промоција на извозот, развој на јавно-приватното партнерство и развој на туризмот.

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година реализирани се активностите согласно: Програмата за развој на туризмот, Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги, Програмата за основни геолошки истражувања, Програмата за детални геолошки истражувања, Програмата за заштита на потрошувачите за период 2009-2010 година, Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија и Програмата за ревитализација на текстилната индустрија.

Изработена е WEB страна за туризмот, учествувано е на повеќе туристички саемски настапи, реализирана е соработка со англиски туроператори и потпишана е билатерална соработка со Црна Гора. Реализирани се меѓународните саеми за вино, земјоделско прехранбени производи, одржана е работилница „Стандарди за квалитет, нови технологии и трендови, можности и потенцијали за извоз за дрвната индустрија и индустријата за производство на мебел".

Во делот на искористувањето на природните ресурси во текот на 2009 година склучени се договори за концесии за основни и детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини; ставени се во дигитална форма Основната инженерскогеолошка карта (ОИК) и Основната хидрогеолошка карта (ОХГК) за листовите Битола и Лерин; спроведени се дополнителни геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште "Неготино"-Неготино; изработена е Студија и Проект за геолошки истражувања на нафта и гас на Република Македонија и започнати се истражувања и испитувања на геотермална енергија на река Пена-Тетово.

Донесени се Правилник за начинот за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија, произведена од обновливи извори на енергија, како и содржината, формата и начинот на водењето регистар на повластени производители на електрична енергија, произведена од обновливи извори на енергија и Уредба за критериумите и условите за прогласување на електроенергетска кризна состојба, начинот на снабдување со електрична енергија во овие услови, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност. Во текот на 2009 година на 500 домаќинства надоместен е дел од трошоците за набавка на соларен колекторски систем.

Во текот на 2009 година Бирото за метрологија изврши жигосување на предмети од скапоцени метали, злато, сребро, верификувани мерила (елекрични и механички), издадени се потврди за сообразност на единечно прегледано возило.

55

Подетални објаснувања за конкретни предвидени проекти и буџетирања може да се најдат во Билансот на приходи и следствено расходи на сите органи во состав на власта, по ставки како и Владините и развојните програми, каде што низ различните ставки може да се сретнат проекти од енергетската

[19] Во ниту една година по 2010 година, не се сретнува вакво наративно објаснување на постигнатите резултати за претходната година. Не се знаат причините за ваквата смена на известувањето од стана на Министерството за финансии.

[20] Буџет на РМ, 2010 година.

[21] Буџет на РМ, 2011 година.

сфера. Па така под отсекот за расходите за Министерство за економија, може да се види дека се ставени и расходите на Агенцијата за енергетика, како и за Програмата за развој на енергетиката (Слика 2). Тука се поставува прашањето зошто ставките за Агенцијата за енергетика се под графата на Министерството за економја кога е засебен државен орган, и зошто доколку се раководи како таков, го нема на ниту едно друго место спомнат во буџетот, а се води како буџетски корисник и неговите вработени како државни службеници.

Што се однесува до споредбата на средствата планирани за проекти и тековни активности во областа енергетика со Буџетот на РМ, анализата на буџетите покажа дека:

1). Во рамките на Министерството за економија, програмата за развој за енегетика, предвидените расходи од 2010 до 2014 биле (во илјади денари):

- 2010 – 69,925
- 2011 – 34,668
- 2012 – 34,839
- 2013 – 28,266
- 2014 – 22,472[22]

И повеќе од очигледни се драстичните намалувања на предвидените расходи, што од 2010 до 2014 година се намалени за дури 68%! Иако ова се само расходи за енергетика што би требало да ги потроши Министерството за економија без останатите чинители инволвирани во овој сектор сепак драстичното намалување за само четири години без притоа да се знае зошто конкретно Министерството добива или пак испланирало помалку средства е загрижувачко.

2). Најголеми проекти надвор од програмите за развој на енегетиката, можат да се најдат во програмите на Министерството за економија и Министерството за транспорт и врски и до некаде, Министерството за животна средина и просторно планирање (во вториот случај најчесто кога станува збор за хидроцентрали за кои е надлежно ова министерство). Па така анализата утврди дека приоритет на РМ била гасификацијата (физибилити студии итн.) и тоа во Прегледите на развојните потпрограми стои:

2010 година:	2011	2012	2013	2014
Програма за електрификација на селата под Министерството за економија со буџети (во илјади денари) од: 10,000 за 2011 и 13,000 за 2012 година[23].	Програмата за електрификација на селата не се споменува повеќе иако биле предвидени средства за оваа година.			

[22] Буџети на РМ за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014.
[23] Буџет на РМ за 2010 година.

Други поголеми развојни програми во енергетиката за 2010 година со буџетот не биле испланирани	Се воведува нова програма под Миистерството за транспорт и врски, Гасификација со буџети (во илјади денари): 44,000 за 2011, 468,810 за 2012 и 218,508 за 2013 година. Тоа е од основниот буџет, додека од заеми (странски извори најчесто – забелешка на авторот) за оваа програма се предвидени расходи од (во илјади денари): нула заеми за 2011 година, 876,732 за 2012 и 1,213,938 за 2013 година[24][25].	Развојна потпрограма Гасификација и тоа (во илјади денари): 300,000 за 2012 година, 390,000 за 2013 и 900,000 за 2014. Од заеми за оваа намена предвидени се: 90,655 за 2012, 735,720 за 2013 и 2,023,230 за 2014 година[26]	Програма за гасификација предвидени средства (во илјади денари): 244, 246 за 2013, 75,518 за 2014, и 27,590 за 2015 година од основниот буџет, а од заеми предвидени се: 0 денари за 2013, 30,665 за 2014 и 153,275 за 2015;[27]	Програма за гасификација, 233,000 за 2014 година, 294,524 предвидени за 2015, и 538,352 за 2016. Додека од заеми за оваа програма се предвидени следиве средства: 0 денари за 2014 година, 10,829 за 2015 година и 231,275 за 2016 година[28]

Симптоматично е тоа што има огормни разлики во планираните средства за оваа програма што наведува до заклучок дека можно е начинот на кој се прави буџетот да не остава простор за појаснувања, па така не може лесно да се заклучи дали разликата во планираните средства меѓу две или повеќе години е бидејќи дел од нив се потрошиле, па се пресметува остатокот во секоја наредна година, или пак се намалиле па со наредниот буџет се прави ревизија и се пресметуваат поголеми средства или пак во прашање е лошо планирање од страна на наделжното тело за тоа колку средства за која конкретна активност под потпрограмата гасификација се потребни за наредните години. Во секој случај бидејќи гасификацијата на земјата се одвива со бавно темпо и скоро ништо не е направено на терен, заклучокот би бил дека ова се недобро испланирани буџетски трошоци.

Генерално, може да констатираме дека со анализа на буџетот и буџетските ставки не може да се изведе целосен заклучок за тоа како државата го планира развојот на енергетиката, ниту пак може да се изведе заклучок за воочените буџетски промени од година во година, особено во сумите предвидени за одредени проекти.

Тука би се издвоил случајот со Агенцијата за енергетика. Улогата на Агенцијата за енергетика не е јасно разграничена, бидејќи според Законот за основање на Агенцијата не се јасно прецизирани надлежностите кои ги има, иако се тоа значаен сегмент од имплементацијата на мерките на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, како и со најновите измени на Законот за енергетика од 2013 година и доделувањето на лиценци за енергетски контолори. Понатаму, не е јасно дефиниран надзорот над работењето на Агенцијата од страна на Министерството за економија, бидејќи постои орган на управување таканаречен Управен одбор составен од претставници на Владата и на Министерството. Па најверојатно и оттука кај расходите/приходите на Министерството за економија стојат и приходите/расходите на Агенцијата. Ова создава проблеми бидејќи и според Ревизијата на

[24] Буџет на РМ за 2011 година.

[25] Она што не е наведено е од кои извори се планирани заемите, ниту пак зошто се предивдени зголемувања на сумите, поготово кај заемите кога се знае дека се тоа средства на кои има камати и кои идните генерации ќе мора да ги враќаат.

[26] Буџет на РМ за 2012 година.

[27] Буџет на РМ за 2013 година.

[28] Буџет на РМ за 2014 година.

Државниот завод за ревизија од 27.01.2011 се смета дека "во Законот за енергетика треба да се прецизираат надлежностите на институциите инволвирани во енергетскиот сектор и поради значајната улога на Агенцијата истата да добие посебно поглавје во Законот, како што е случајот со Регулаторната комисија за енергетика„.[29] За жал оваа препорака не се испочитувала и Агенцијата се' уште е нејасно под Министерството за економија, иако уште пред 3 години се утврдени проблеми со нејасната поделеност на институциите одоговорни за енергетиката.

Останатите воочени проблеми се нејаснотиите околу предвидените средства што од домашниот буџет што од заемите, зошто се секогаш различни суми во буџетите и зошто нема наративно објаснување за тие процеси. Исто така пооблематично е и што од 2011 година натаму исфрлени се појаснувањата за тоа што е остварено претходната година и како на тоа се надоврзуваат плановите за идната. Се' на се' буџетот на РМ не дава јасна слика за енегетските политикии и трошења на државата.

Институционална поставеност

- Улогата на Собранието
- Државен завод за ревизија
- Комисија за заштита на конкуренцијата – (сега е самостоен државен орган, треба да биде професионално и независно тело со самостоен буџет)
- Анти-корупциска
- Агенцијата за енергетика
- Регулаторната Комисија за енергетика
- Секторот за енергетика при Министерството за економија

1. Улогата на собранискиите комисии при финансирањето во енергетскиот сектор

Главно во две парламентарни комисии може да се сретнат расправи на теми кои се од енергетска природа. И тоа **Комисијата за економски прашања**, каде што во описот стои дека Комисијата има претседател, десет члена и нивни заменици и ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- производство и трговија;
- минерални суровини и енергетика;
- туризам, угостителство и занаетчиство;
- надворешно-трговско работење;
- странски вложувања;
- сопственичка трансформација;
- мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот;
- заштита на потрошувачите;
- јавни претпријатија;
- концесии;
- статистика,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
- други прашања што се однесуваат на економскиот систем[30].

[29] Конечен извештај на овластениот државен ревизор за Агенцијата за енергетика, број 08-200/2, 27.01.2011 година.
[30] Собрание на Република Македонија, Работни тела 2014-2018, Комисија за економски прашања http://www.sobranie.mk/rabotni-tela-2014-2018-ns_article-komisija-za-ekonomski-prashanja-2014.nspx

За жал енергетиката е одделена од животната средина, која како тема е ставена под Комисијата за транспорт и врски како екологија, сосем недоволно знаејќи ја тежината на проблемите со климатските промени и загадувањето на само на светско ниво туку и во РМ.

Другата комисија која расправа за енергетски теми е **Комисијата за финансирање и буџет**, поради фактот што кога се подготвува годишниот буџет на државата тука влегуваат сите области вклучувајќи ја и енергетиката. Секако обемот на расправи тука е помал од оној на Комисијата за економски прашања во чие портфолио е енергетиката.

Што се однесува на дискусиите во самите комисии, хронолошки по години, прегледот востанови дека:

1. Комисијата за економски прашања, Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2011 година:[31]
   - За Агенцијата за енергетика се предвидени 9 милиони денари за таа година;
   - Тогашниот министер потенцирал дека програмата предвидува субвенции за обновливи извори на енергија, конкретно сончеви колектори од 6 милиони денари;
   - Критика на ова од опозицјата е дека средствата предвидени за оваа програма не се доволни;
   - Прашање до Министерот зошто е одложен тогашниот тендер за концесија на Галиште од причина што таа инвестиција чини скоро 700 милиони евра;
   - Пратеникот Радмила Шекеринска Јанковска, упати прашање зашто проектот Луково Поле не е опфатен во Предлог Буџетот за 2011 година, иако беше најавено дека ќе стартува со средства од оваа година;[32]
   - Коментар дека 35 милиони денари се малку средства предвидени за енергетика и со тоа што после исплаќањето на плати и разни трошоци би останале само 6 милиони денари за развој на енергетиката и што би се инвестирало со толку средства;
   - Одговор од тогашниот Министер Фатмир Бесими е дека повторно биле воведени сончевите колектори и биле планирани нови финансирања во секторот.

2. Комисијата за финансирање и буџет, Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2011 година:[33]
   - Повторно забелешка од опозицијата дека во буџетот на РМ нема предвидено изградба на енергетски објекти;
   - Коментар за потребата од намалување на енегетската зависност на Македонија;[34]
   - Новина за 2011 дека буџетот предвидува прогама за обновлива енергија т.н. зелен пакет;
   - Објаснување што претставува буџетот за зелениот пакет.[35]

[31] Извештај на Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија на Педесет и првата седница одржана на 5 ноември 2010 година како заинтересирано тело го разгледа Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2011 година, 8.11.2010.

[32] Инаку овој проект не е стартуван ниту во 2014 година.

[33] Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Осумдесет и втората седница одржана на 8,9,10,11,12,17,18,23,24,26 и 27 ноември 2010 година, како матично работно тело го разгледа: Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2011 година. 8.11.2010.

[34] Забелешка дека оваа состојба останува непроменета. И во 2014 година скоро 40% од енергетските потреби Македонија ги покрива преку увоз на електрична енергија.

[35] Амандман во Владини програми на Централен Буџет за додавање на нов дел "ЗЕЛЕН ПАКЕТ" С поднесен од пратеникот Лилјана Поповска под архивски број (07-4338/179)...По однос на овој амандман, заменикот на министерот за финансии се изјасни дека го прифаќа амандманот со изменета содржина за додавање на нова владина програма С која гласи „Унапредување на животната средина" со вкупен износ од 308.648.000 денари. Истите средства да се распоредат во расходи на Основен буџет во првата колона во износ од 74.698.000 денари и во втората колона 122.500.000 денари и во Расходи од донации во изнод 111.450.000 денари. Овие средства да се обезбедат со пренесување на средствата од Разделот 12101 Министерство за животна средина и просторно планирање, Програма 2, Потпрограма 20 Унапредување на животната средина... Комисијата со 7 гласа "за" и 1 глас "воздржан" го усвои амандманот во вака предложената содржина.

3. Комисијата за економски прашања, Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2012 година[36]:
   - Се зборува за предвидени буџетски средства за развојот на енергетиката и има опис на програмски активности во делот на енергетиката како тоа дека Министерството за економија требало да обезбеди многу повеќе средства, конкретно за реализација на 15-те хидроцентрали во регионот на Шар Планина;
   - Беше упатено прашање зошто Министерството за економија од вкупен Буџет од 1.067 милијарди денари, само 3% ги издвојува за енергетиката. Пратеникот Николче Ацевски истакна дека Република Македонија наместо да има Министерство за енергетика, формира Агенција за енергетика за којашто се одвојуваат само 0,7% од Буџетот. Тоа значи дека капацитетите на оваа Агенција коишто се многу мали, воопшто не се зголемуваат;
   - Во однос на средствата за развој на енергетиката беше истакнато дека за истата се предвидени многу малку средства. Посебен акцент беше даден кон изградба на гасификацијата и беше истакнато дека од големо значење би било истата да биде завршена и до ТЕЦ Неготино да се доведе еден крак на гас[37]. Со тоа во Република Македонија ќе има зголемување на производство на електричната енергија како и намалување на увозот;
   - Повторно во однос на средствата од Буџетот наменети за енергетиката, како одговор на критиките од страна на тогашниот Министер Ваљон Сарачини беше истакнато дека повеќето проекти од оваа област се донации и проекти финансирани од страна на разни организации и Република Македонија е на добар пат да ги оствари поставените цели до 2020 година, конкретно во делот на обновливите извори на енергија[38]. Предвидени се и субвенции во делот на соларната енергија, како и други проекти, којшто со помош на донатори се прават во областа на енергетиката;

   Комисијата за финансирање и буџет, Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2012 година:[39]
   - Поголемиот дел од дебата за енергетските прашања беше околу планираните капитални инвестиции во енергетската област;
   - Капиталните расходи се предвидени во износ од 26 милијарди денари, односно на повисоко ниво од 29% во однос на 2011 година, со цел остварување и одржување на планираните позитивни стапки на раст. Во овие рамки предвидени се значајни инвестициони вложувања во патната и железничката инфраструктура, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во образовниот, социјалниот и здравствениот систем, земјоделието, заштитата на животната средина и правосудството[40];
   - Забелешка од опозицијата дека не е изграден ниту еден енегетски објект.

[36] Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија на Шестата седница одржана на 10 ноември 2011 година како заинтересирано работно тело го разгледа Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. 14.10.2011.

[37] Напомена дека ТЕЦ Неготино во 2014 година се' уште не е префрлена на гас.

[38] Според последниот Извештај на ЕК за 2014 година, Македонија не е на добар пат на ова поле велејќи дека Националниот акциски план за обновливи извори на енергија не е усвоен од страна на Владата и рокот за негово доставување до Енергетската заедница не е испочитуван. Националната легислатива се уште не е променета за да го рефлектира обрвзувачкиот таргет од 28% од финалната потрошувачка на енергија да доаѓа од обновливи извори поставен од страна на Енергетската заедница. http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf

[39] Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Дванаесеттата седница одржана на 14, 15, 16, 21, 24, 28, 29, 30 ноември, 1, 2 и 3 декември 2011 година, како матично работно тело го разгледа, Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. 3.12.2011.

[40] Сепак ако се погледне погоре направената анализа на тоа колку средства се одвоени за 2011 и 2012 за развој на енергетиката, разлика во сумите скоро и да нема, и се движи околу 34 милиони денари, што ја прави изјавата преоптимистична.

Комисија за финансирање на буџет, Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2013 година[41]:

- За гасификација биле предвидени 244 милиони денари во буџетот;[42]
- Забелешка дека од буџетот се издвојуваат малку пари за енергетика односно само 350.000 евра;
- Во Република Македонија како во минатото така и денес инвестициите во енергетскиот сектор ги прават АД ЕЛЕМ и МЕПСО и тие се меѓу најголемите инвеститори во земјата. Енергетските проекти не треба да се бараат само во Предлог Буџетот на Република Македонија за 2013 година, туку и во буџетите на овие компании;[43]
- Друга забелешка за енормниот увоз на струја, од 2006 година наваму, и дека тоа е загрижувачка појава, без притоа да се изградат нови енергетски објекти;
- Повторно забелешка за проблемите со гасификацијата на земјата: "За гасификација се планирани само 4 милиони евра поради што очигледно е дека Владата не планира да започне со вложување во развој на енергетиката и гасификацијата во функција на намалување на увозот на електрична енергија. Ако во месец септември (2012) се увезени 40% од вкупните потреби од електрична енергија, јасно е колку би изнесувал увозот во следните месеци кога поради зимскиот период и потребите би биле поголеми. Од 2006 до 2012 година потрошени се средства од Буџетот во износ од 1 милијарда евра за увоз на електрична енергија. Високата увозна цена на електричната енергија влијае на цената на електричната енергија за крајните потрошувачи- граѓаните која е во постојан пораст;
- Повторно забелешка дека наместо во енергетскиот сектор средства се вложуваат во други работи, како на пример скијачки центар на ЕЛЕМ;
- Забелешка дека ниту во 2012 година, не се предвидени буџетски средства за спроведување на Стратегијата за енергетика до 2020 година;[44]
- Коментар за споредба колку малку средства за издвојуваат за енергетика наспроти други владини програми, па така само 900.000 евра се предвидени со Буџетот за 2013 година за енергетика, наспроти ставката за реклами и промоција која изнесува дури 11 милиони евра.

Главната забелешка е што, во Комисиите расправите најчесто одат во насока на: критика кон владата, оправдување/реплика на критиката, без притоа да се има суштинска дебата за тоа што е спроведено од минатите години, што останало да се спроведе и што ново е планирано за наредната година за која и се однесува буџетот. Расправите делуваат ад-хок и без претходна подготовка на членовите на комисиите. Понатаму енергетиката ретко е главна точка на расправа било во Комисијата за економски прашања било во Комисијата за буџет. Расправите се одвиваат секогаш заедно со останати теми со што се остава мал простор за детално и темелно разгледување на тоа како се трошат парите на даночните обврзници за енергетските потреби, кои освен преку даноците, граѓаните и лично ги плаќаат со сметките за струја. Исто така штом единствената улога што ја има Собранието во енергетиката е контролата врз ќесето, а анализата покажува дека расправите најмногу се однесуваат на тоа за што се трошат пари и колку рационално, се очекува пратениците да покажат поголем интерес за посуштинско вклучување во одлуките каде оди енергетската политика на Македонија, без притоа да ги потврдуваат извештаите и плановите на министертвата без издржана дебата.

[41] Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Четириест и третата седница одржана на 19, 23, 26, 27, 29, 30 ноември, 1, 3, 4, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22 декември 2012 година, како матично работно тело го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Извештај од 22.12.2012.

[42] Нешто што се' уште се нема остварено до 2014 година.

[43] Нема промени на ова поле.

[44] Ситуацијата со (не)спроведувањето на оваа Стратегија не е променета ниту во 2014 година. Од информации од граѓанскиот сектор, се покренува иницијатива за нејзина ревизија.

2. Улогата на Агенцијата за енергетика на РМ

Агенцијата за енергетика е формирана со цел да го поддржува спроведувањето на енергетската политика на Владата преку подготовка на енергетски стратегии, развојни планови и програми, со особен акцент на енергетската ефикасност и користењето на обновливите извори на енергија. За разлика од РКЕ, Агенцијата за енергетика нема правни овластувања да наложува, и исто така не се смета за независен орган надвор од државната управа. Што се однесува до статусот и финансирањето, Агенцијата има својство на правно лице, а средствата за основање се обезбедени од Буџетот на РМ. Средствата за вршење на дејноста се обезбедуваат преку трансфери од Буџетот на РМ, приходи од вршење на специфични услуги во областа на енергетиката, како и од донации со што се обезбедува најзина самоодржливост. Исто така Агенцијата има улога на имплементатор на домашни и странски проекти.[45] Со измените во Законот за енергетика од 2013 година Агенцијата исто така има значителна улога и при издавањето лиценци за енергетски контролори.

Агенцијата за својата работа на официјалната веб страница објавува програми за работа при што се наведени програмите од 2006 до 2014 година, и извештаите за она што е сработено при што се наведени извештаите од 2007 до 2012 година. Нема образложение зошто фали 2006, а и 2013 година во времето кога е пишуван овој извештај знаејќи на пример дека извештите за претходните години се подготвувани во јануари месец наредната година.[46] Генерално извештаите на Агенцијата ги следат програмите за работа за годината на која се однесуваат. Извештаите се детални, јасни за преглед и читање, можат да се преземат од интернет страницата на Агенцијата и да се дисеминираат понатаму. Буџетот на Агенцијата ги следи генерално насоките на тоа како се прават буџетите на другите државни органи за тоа кои ставки ќе бидат преставени, како следниов пример:

Слика 2

Табела 1. Буџет на Агенцијата за енергетика за 2012 година во (000) денари

		Опис	Буџет за 2012 година	Состојба по ребаланс за 2012 година
1	**40**	**Плати, наемнини и надоместоци за вработените**	**2.569**	**2.922**
1.1	401	Основни плати	1.852	2.132
1.2	402	Придонеси за социјално осигурување	717	790
2	**42**	**Стоки и услуги**	**5.160**	**4.835**
2.1	420	Патни и дневни расходи	310	310
2.2	421	Комунални услуги, греење, комун. и транспорт	400	328
2.3	423	Ситен инв., алат и др. материјали за поправки	130	111
2.4	424	Поправки и тековно одржување	320	320
2.5	425	Договорни услуги	4.000	3.591
2.6	426	Други тековни расходи	0	175
2.7	**480**	**Купување опрема и машини**	**0**	**75**
3	**637**	**Вкупно буџетски средства (1+2+2.7)**	**7.729**	**7.832**
4	**631**	**Расходи од буџетски органи**	**150**	**150**
5	**785**	**Расходи од донации**	**4.663**	**4.663**
6	**787**	**Расходи од самофинасирачки дејности**	**350**	**350**
		Вкупно (3+4+5+6)	**12.892**	**12.995**

[45] Агенција за енергетика на Република Македонија
http://www.ea.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=46&Itemid=128&lang=mk
[46] Ибид., http://www.ea.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1992&Itemid=133&lang=mk

Интересно е да се напомене дека нема табела на остварени приходи како и тоа дека нема конзистеност во правењето на годишните извештаи, па така во Извештајот за 2010 година нема претставено Табела со годишниот буџет туку само Збирни финансиски показатели за реализација на програмата за работа за 2010 година[47], додека во 2011 освен буџетот има посебен анекс каде што се наведени освен финансиските показатели и сите јавни набавки на Агенцијата за енергетика остварени во 2011 година како што се гледа од Сликата 3.[48] Па така од извештајот може да се види за кои цели биле правени јавни набавки, до колкави суми, и за кои потреби. Вкупната сума на сите јавни набавки на Агенцијата за енергетика за 2011 година изнесуваат 5.530.011.75 денари без набавките во рамките на донаторските проекти кои се најчесто финансирани од странски извори, додека пак вкупниот буџет за таа година на Агенцијата изнесувал 27.389.000 денари.

Слика 3

Прилог1.

ЈАВНИ НАБАВКИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА ЗА 2011 ГОДИНА

Р.б.	Опис и број на договот	Носител на набавката	Датум на потпишување	Времетрање до:	Износ на Договорот со ДДВ	Месечен износ/Забелешка
1.	Услуги за одржување и поправка на телефонска централа: 03-31/10	Дигитал ДОО	02.02.2011	02.02.2012	33.984,00	По извршена услуга
2.	Изнајмување на уред за копирање и печатење: 03-116/9	Копир сервис	18.02.2011	18.02.2012	16.992,00	По извршена услуга
3.	Користење на апарат за топла /ладна вода и снабдување со вода:03-134/7	Кодинг	28.02.2011	28.02.2012	10.560,00	По извршена услуга
4.	Услуги за хигиена: 03-104/10	Хаусмајстор	28.02.2011	28.02.2012	71.364,00	Месечен износ
5.	Набавка на канцелариски материја:03-117/6	Петро М	01.03.2011	01.03.2012	24.306,00	По извршена услуга
6.	Преведувачки услуги:03-157/10	Германски јазичен центар	04.03.2011	04.03.2012	354.000,00	По извршена услуга
7.	Издавачки и печатарски услуги:03-135/10	Винсен графика	09.03.2011	09.03.2012	354.000,00	По извршена услуга
8.	Набавка на услуги за воздушен транспорт на луѓе, хотелски и угостителски услуги и дополнителни транспортни услуги:03-172/9	Киниси	10.03.2011	10.03.2012	354.000,00	По извршена услуга
9.	Услуги за одржување и поправка: 03-202/10	Хаусмајстор	29.03.2011	29.03.2012	362.850,00	По извршена услуга
10.	Изработка на апликативен софтвер: 03-971/9	Веником Софтвер ДООЕЛ	07.12.2010	07.12.2011	180.000,00	Еднократно
11.	Одржување на компјутери и компјутерска мрежа: 03-947/9	АМЦ ДОО	02.12.2010	02.12.2011	84.000,00	По извршена услуга
12.	Услуга за закуп на панели за комерцијално упатување и огласување: 03-244/2	Продукција Перспектива	12.04.2011	12.04.2012	36.297,00	Еднократно
14.	Изнајмување на моторно возил:03-291/9	Порше Македонија	18.05.2011	18.05.2012	354.195,00	Месечен лизинг
15.	Телекомуникациски услуги – услуги од мобилната телефонија:03-650	ВИП	25.10.2011	25.10.2012		По извршена услуга
16.	Ревизорски услуги:03-836/11	МУР Стивенс	15.11.2011	15.11.2012	195.880,00	Еднократно
17.	Имплементација на ИСО стандард 9001:2008 03-444/11	Контрол Доо Скопје	15.07.2011	15.07.2012	184.080,00	Еднократно
18.	Сертифицирање на ИСО стандард 9001:2008:03-445/11	ТУВ гроуп доел Скопје	15.07.2011	15.07.2014	178.219,00	1 година =98.197,00 2 година =40.011 3 година =40.011

15

[47] Агенција за енергетика, Извештај за работа за 2010 година http://www.ea.gov.mk/images/stories/E_Izdanija/Izvestai/Izvestaj_za_rabota_2010.pdf

[48] Годишен извештај за работата на Агенцијата за енергетика за 2011 http://www.ea.gov.mk/images/stories/E_Izdanija/Izvestai/Izvestaj_za_rabota_2011.pdf

Ваквата пракса би била одличен пример и за другите институции, не само за оние во енергетскиот сектор, да јавно и транспарентно обелоденат кои се' јавни набавки ги имаат направено во текот на една фискална година. Па така секоја заинтересирана страна може да има лесен увид и пристап до тоа како се трошат парите на даночните обврзници и за кои цели и потреби. Она што загрижува е што Агенцијата не продолжила со ваквата практика па така, во 2012 година кога ќе се погледне годишниот извештај, во него нема наведено кои јавни набавки ги направила Агенцијата, туку стојат само буџетот и финансиските показатели за реализација на програмата за работа во 2012 година. Агенцијата не го искористила моментумот со извештајот во 2011 година да воведе една практика на транспарентно објавување информации од важност за јавноста кога станува збор за не толку позната област како јавните набавки, трошењето на буџетските пари и колку и дали се прави тоа домаќински.

Иако Државната комисија за спречување на корупција не е предмет на анализа на овој документ, сепак по обавеното истражување со дојде до одредени наоди дека во 2012 година Комисијата повела постапка против тогашниот директор на Агенцијата за енергетика. Во целост делот од извештајот кој се однесува токму на работењето на извршните лица на Агенцијата вели: „Државната комисија за спречување на корупцијата, покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на лицето Л.Г. - директор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија поради постоење основи на сомневање дека сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 3 в.в со став 1 од КЗ на Република Македонија и кривично дело Несовесно вршење на службата од член 353-в од К.З на Република Македонија„.[49]

Исто така Комисијата покренала иницијатива за друг вид на одговорност, што е втора постапка различна од првата, а исто се однесува на Агенцијата, одговорното лице и 2012 година. Па така извештајот вели: "Согласно со надлежностите од членот 49 став 1 алинеја 5 од Законот за спречување на корупцијата според кој ДКСК покренува постапки пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорност спрема избрани или именувани функционери, службени или одговорни лица, во 2012 година се покренати следните иницијативи: ДКСК покренува постапки пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорност спрема избрани или именувани функционери, службени или одговорни лица, во 2012 година се покренати следните иницијативи: 1. Врз основа на Конечниот извештај за извршена ревизија на регуларноста на финансиското работење на Агенцијата за енергетика на Република Македонија во 2009 и 2010 година од страна на Министерството за финансии - Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола, Државната комисија за спречување на корупцијата, до Владата на Република Македонија покрена Иницијатива за поведување постапка за разрешување на Л.Г., директор на Агенцијата за енергетика и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата поради тоа што како раководен орган и орган на управување на Агенцијата на енергетика, овозможиле неекономично трошење на средствата од Буџетот на Република Македонија во работењето на Агенцијата во 2009 и 2010 година.[50]

За време на објаувањето на извештајот, познато е само дека од 2014 година Агенцијата има нов директор без притоа Агенцијата да објави официјално која е причината за смената на стариот директор.

На барање до слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено до ДКСК до каде е постапката по овие два случаја, на прашањето до каде е постапката за кривично гонење на лицето Л.Г. (екс)директор на Агенцијата за енергетика и на членовите на управниот одбор, беше одговорено дека таа е во тек пред надлежното јавно обвинителство. Додека на прашањето до каде е постапката по покренатата инцијатива за разрешување на лицето Л.Г и членовите на Управниот одбор беше

[49] Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција за 2012 година, http://www.dksk.org.mk/images//godisenizvestaj2012.pdf, мај 2013 година
[50] Ибид.,

одговорено дека ДКСК не располага со таа информација. Секако се знае дека од 2014 година Агенцијата за енергетика има нов директор, но она што не се знае и што не е јавно достапно е дали членови на Управниот одбор кои биле предложено да се раресат се разрешени, и дали поранешниот директорот е разрешен токму на барање на ДКСК или по други основи. Она што е проблематично во целиот случај е што медиумите воопшто не известуваа за него, и дури и да се случило тоа две години подоцна не може да се пронајде скоро ништо во архивите на он-лајн медиумските изданија. Па оттука, се крши правото на граѓаните да бидат доследно и навремено информирани за случаи кога постои основано сомнение дека лица злоупотребувале службена должност за лична корист.

Наодите на Државниот завод за ревизија

Со користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истражувачите му пристапија на Државниот завод за ревизија со цел да ја добијат извршената ревизија за Агенцијата за енергетика за 2009 година. ДЗР не изразил мислење за оваа ревизија (дали финансиските активности, трансакции и останато од финансиските извештаи на Агенцијата се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики) бидејќи како што се наведува ревизијата не обезбедила доволно докази за се увери дека сметководствената евиденција е целосна и комплетна за реално и објективно изготвување на финансиските извештаи за 2009 година. Имено, откриена е следнава ситуација: во 2009 година, август е именуван тогашниот нов директор Гечевски, и е раскинат договорот со сметководственото биро со кое до тогаш соработувала Агенцијата со образложение дека истиот е штетен поради невообичаено високата цена и несовесно водење на сметководството. Агенцијата во ноември истата година склучува договор со ново сметководствено биро кое ги презема сите активности за успешно изготвување на завршна сметка за 2009 година. Но, со склучувањето на овој договор не е извршено примопредавање на сметководствената документација и евиденција со претходното биро, со што е прекинат континуитетот во водењето на сметководствените книги.[51]

Инаку постоеле и основани сомненија за нерегуларности во работењето на претходниот директор до 2009 година, прво зашто завршната сметка за 2008 не била изготвена согласно законската регулатива, а потоа и зашто во поглед на благајната на Агенцијата, со направен попис е истакнато дека не може да се утврди вистинската состојба поради тоа што во тој период до 2009 година не била воспоставена евиденција на благајничко работење, т.е. не се изготвувале благајнички извештаи ниту биле приложувани документи за прием и користење на средствата од благајната, не се изготвувале решенија за службени патувања, итн. Во текот на 2009 година било пратено и известување за ова до Финансиската полиција. На крајот заклучокот од Ревизијата е дека и покрај сите активности преземени од страна на Агенцијата до крајот на годината, ревизијата не можеше да се увери во комплетноста на прикажаните состојби во завршната сметка дотолку повеќе што не е воспоставена аналитичка евиденција на средствата и изворите на средствата.[52] Одговорот од Финансиската полиција на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, дали до нив има доставено барање за покренување на било каква истрага за тогашниот директор на Агенцијата, е дека тие информации не се од јавен карактер.

Како што се гледа проблемите со Агенцијата за енергетика се доста обемни, со наоди за наводно неправилно работење на двата претходни директора. Ова доведува до заклучок дека надлежните институции мора да преземат мерки за исправање на неправилностите во работењето на Агенцијата доколку се сака да се прекине традицијата на нетранспарентно, незаконско работење, поготово што Агенцијата е од витално значење за правилен напредок на целокупната енергетска политика на земјата.

[51] Конечен извештај на овластениот државен ревизор за Агенцијата за енергетика, број 08-200/2, 27.01.2011 година.
[52] Ибид.,

3. Улогата на Регулаторната комисија за енергетика

Иако погоре во документот беше доста широко објаснета правната рамка што ја регулира улогата на РКЕ во секторот енергетика во Македонија, сепак останува да се анализира делот со нејзините планови за работа, годишните извештаи и проблемите кои се појавија во текот на нејзиното работење, а се однесуваат на наводните прашања поврзани со нејзината независност од извршната власт во РМ. РКЕ е единствена институција што за време на подготвувањето на овој извештај го имаше објавено годишниот извештај за работа за 2013 година. РКЕ секоја година од нејзиното формирање ги објавува годишните извештаи, па така од 2004 до 2013, извештаите се јавно достапни на страницата на РКЕ.[53] Извештаите на РКЕ освен што содржат информации за пазарите на електрична енергија, гас, топлинска енергија, нафта и нафтени деривати, обновливи извори на енергија итн., најчесто во последната глава ги содржат и финаниските детали од работењето на Комисијата во годината на која што се однесува извештајот, како и планираните активности за наредната година.

Она што е позитивно во овие извештаи е што освен табеларно има и наративно објаснување на буџетот на РКЕ при што може секоја заинтересирана страна лесно да увиди на кој начин и од кои средства се финансира Комисијата. На пример: "Вкупните приходи на Регулаторната комисија за енергетика за периодот 01.01 – 31.12.2013 година се 54.242.470 денари при што: 52.243.995 денари или 96,32% се фактуриран годишен надоместок на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности. Фактурираните приходи за 2013 година се пресметани како 0,037% на вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности од претходната година (податок добиен од Централниот регистар на Република Македонија), 1.846.269 денари или 3,40% се приходи од наплата на надоместокот за издавање на лиценци, 73.620 денари или 0,13% се наплатени приходи по други основи и 78.586 денари или 0,15%, се остварени други приходи (од камати и курсни разлики)[54].

Потоа следи табеларен приказ на расходите на РКЕ (Слика 4), како и наративно објаснување за тоа дали има или нема зголемување на приходите/расходите од претходната година и поради која причина се случило тоа. Па така на пример, извештајот од 2013 година вели: „Во 2013 година сите трошоци се намалени во однос на планираните како резултат на рационалното трошење на потребните средства и покрај зголемените надлежности на Регулаторната комисија за енергетика кои произлегуваат согласно Законот за енергетика„.[55] Позитивно во овој случај е што постои конзистентност во известувањето, па така во сите извештаи од 2004 до 2013 година можат да се најдат на скоро ист начин презентирани сосојбите со финансиското работење на Комисијата, и тоа на лесно пристапен и транспарентен начин. Ваквата состојба секако може да се подобри со тоа што би се вовел и приказ на јавните набавки што РКЕ ги прави, како и на ревизорските извештаи со што уште повеќе би се засилила отечноста и транспарентноста на Комисијата.

[53] Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија http://www.erc.org.mk/pages.aspx?id=18
[54] Извештај за работа на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2013 година http://www.erc.org.mk/odluki/Godisen%20izvestaj%20za%20rabota%20na%20Regulatornata%20komisija%20za%20energetika%20na%20RM%20za%202013%20godina.pdf
[55] Ибид,,

Слика 4

Табела IX.2. Преглед на планирани и остварени расходи од работењето на Регулаторната комисија за енергетика за 2013 година

Р. бр.	РАСХОДИ	2013 година		
		планирани (денари)	остварени (денари)	остварени/ планирани (%)
I.1	**Трошоци за материјали, енергија, ситен инвентар и автогуми**	**2.902.320**	**2.152.281**	**74,16**
1.	Трошоци за материјали, ситен инвентар, автогуми	1.110.000	854.970	77,02
2.	Трошоци за енергија	1.792.320	1.297.311	72,38
I.2.	**Трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци**	**13.336.600**	**11.167.143**	**83,73**
3.	Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	3.753.800	2.597.742	69,20
4.	Услуги за одржување и заштита	500.000	266.735	53,35
5.	Наемнини	8.038.800	7.692.491	95,69
6.	Комунални услуги (вода,комун.хиг)	114.000	61.781	54,19
7.	Останати услуги (печатарски, судски такси, регистрација на возила, огласи, и др.)	930.000	548.394	58,97
I.3.	**Останати трошоци од работењето**	**8.141.800**	**4.512.491**	**55,42**
8.	Трошоци за репрезентација	750.000	710.653	94,75
9.	Трошоци за осигурување	93.400	68.832	73,70
10.	Банкарски услуги и трошоци за платен промет	85.000	77.444	91,11
11.	Членарини и други давачки	1.200.000	758.247	63,18
12.	Надомест за Комисијата за жалби од областа на енергетиката	493.400	493.332	99,99
13.	Авторски хонорари, договор на дело, поврем.и прив.работи	3.500.000	1.829.097	52,26
14.	Преведувачки услуги	300.000	3.809	1,27
15.	Адвокатски услуги, вештачење	350.000	68.284	19,51
16.	Трошоци за стручна литература, дневен печат, Службен весник и др.	170.000	119.062	70,03
17.	Останати расходи (ИТ услуги, курсни разлики и др.)	1.200.000	383.731	31,98

- 116 -

Што се однесува до негативните појави забележани во работата на Комисијата веќе беше споменато за Извештајот на Енергетската заедница каде се критикува недоволната независност на самата Комисија во нејзиното работење. Дури и извештајот на Европската комисија од 2014 вели дека: "Регулатотот (се мисли тука на РКЕ – забелешка на авторот) треба да има повеќе моќ да ги спроведува своите одлуки и бизнисите кои имаат добиено лиценца треба поефикасно да ги исполнуваат обврските кои им се доделени„.[56] Она што е дадено како официјален и јавно достапен одговор на ваквите забелешки досега е писмото од Директорот на РКЕ доставено до Директорот на Енергетската заедница, по повод еден инцидент каде што Директорот на Енергетската Заедница во изјава дадена за една македонска тв куќа ја доведува во прашање независноста на РКЕ. Одговорот е во рамките на протесна нота и демант на тоа дека Комисијата не е независна, велејќи дека "РКЕ ги задоволува критериумите за независност по Законот за енергетика и Директивите за електрична енергија и гас, како и дека само РКЕ одлучува за како ќе се троши алоцираниот буџет како и дека тоа што Парламентот го одобрува нејзиниот буџет не претставува пречка во буџетската автономија.„[57]

Но сепак, независноста на РКЕ повторно се доведе во прашање со новите загрижувачки случувања околу либерализацијата на пазарот на енергетика. Министерот за економија Беким Незири, најави одложување на либерализацијата на пазарот на енергетика, што требаше да отпочне на 1 јануари 2015

[56] Извештај за напредокот на Македонија 2014, Европска комисија, Брисел 8.10.2014 http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-strategy-paper_en.pdf

[57] Допис до Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, 05.12.2013 година http://www.erc.org.mk/odluki/20131205105740953.pdf

година.[58] Загрижувачкото е што постојат индиции дека наводно со ваквата одлука се штити монополот на ЕВН како главен и единствен дистирбутер на домаќинствата со електрична енергија, а не како што беше најавено поради ценовниот шок кој граѓаните ќе го доживеат со либерализирањето на пазарот на електрична енергија[59]. Уште позагрижувачко е што РКЕ се нема изјаснето за овој чекор иако е главното регулаторно тело кое дури и при либералзиран пазар контролира колкави се цените и ги штити интересите на потрошувачите. Ова го напоменува и Претседателот на Секретаријатот на Енергетската заедница Јанез Копач кој вели: "Јас сум исто така шокиран од оваа одлука, затоа што не бевме информирани за неа и покрај Партнерството за имплементација што го потпишавме со Министерството за економија и Регулаторната комисија за енергетика во 2011 година... Регулаторното тело може да продолжи да ги регулира цените онолку долго колку што смета дека е потребно без притоа да ги лишува клиентите од нивното право да се префрлат од ЕВН на друг провајдер.[60] Неактивноста на РКЕ кога јавно се обвинува за штитење на монопол наспроти интересите на потрошувачите фрла сомнеж врз оправдувањата на Комисијата дека со самото тоа што има независен буџет и експертски тим, е и независна. Од приложеното останува големата веројатност дека сите меѓународни тела ќе продолжат со критиките кон РКЕ и во наредниот период. [61]

Наодите од Државниот завод за ревизија

Со користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истражувачите му пристапија на Државниот завод за ревизија со цел да ја добијат извршената ревизија на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на РМ за 2009 година. Наодите се далеку од позитивни. Главниот заклучок е дека е "изразено негативно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива. […] Со ревизијата е констатирано дека нереално е искажан финансискиот резултат од финансиските извештаи, заради тоа што приходите не се евидентирани на пресметковна основа (фактурирана реализација), туку врз основа на извршените уплати (на готовинска основа) од страна на стопанските субјекти кои имаат обврска да уплатуваат средства по основ на надомест. [...] Од друга страна, расходите се евидентирани на пресметковна основа, врз основа на [...] фактурите„.[62]

Други посочени нерегуларности при ревизијата:

- Нема регулиран начин на водење на сметководство – Министерство за финансии толкувало дека РКЕ треба да води сметководство согласно одредбите на Законот за трговски друштва. Препораката на Ревизијата е да одговорното лице воспостави сметководствени политики и

[58] Извор, Фактор http://www.energy-community.org/portal/page/portal/ENC_HOME/NEWS/News_Details?p_new_id=9661

[59] Извор Енергетска Заедница на Југоисточна Европа: http://www.energy-community.org/portal/page/portal/ENC_HOME/NEWS/News_Details?p_new_id=9661

[60] Ибид.,

[61] На 30 јануари 2015 година, Секретаријатот на Енегетската заедница објави дека покренува прекршочна постапка против Македонија поради одложувањето на отворањето на пазарот на електрична енергија за сите потрошувачи. Во изјавата се вели: измените и дополнувањата на Законот за енергетика, усвоени во октомври 2014 ги лиши малите бизниси и сите домаќинства од нивното право да купуваат електрична енергија директно од добавувачите по нивен избор. Извор: https://www.energy-community.org/portal/page/portal/ENC_HOME/NEWS/News_Details?p_new_id=10461

[62] Конечен извештај на овластениот државен ревизор за Регулаторната комисија за енергетика на РМ, број 08-142/7, 28.12.2010 година.

начела пропишани за водење сметководствена евиденција на пресметковна основа (фактурирана реализација);

- При вршење на пописот на постојаните средства е извршено само физичко броење на средствата и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба при што овие недостатоци во делот на пописот на средствата имаат влијание на реалното и објективното искажување на финансиските извештаи;
- Без спроведување на постапки за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки потрошени се потрошени средства во износ од 3.058 илјади денари за набавка на услуги за превод на документи, набавка на авио билети, адвокатски услуги, услуги од Агенцијата за привремени вработувања, услуги за осигурување, набавка на резервни делови, интерент услуги и набавка на канцелариски материјали. (Во 2010 година Ревизијата додека констатира дека јавните набавки се вршат согласно Законот);
- Нагласување на прашања за неизвесност т.е. во текот на 2010 година, годишниот извештај за работењето на РКЕ е усвоен од страна на Собранието на РМ без да констатира дека не ја содржи активноста во делот на купување државни записи која како активност не е предвидена со законот или пак со финансискиот план (активностите на РКЕ се предвидени со членот 19 од Законот за енергетика). Одговорот од РКЕ бил дека се работи за вишок средства кои требало да бидат искористени за деловен простор и при недоволни понуди средствата се пренаменети за државни записи. Но, финансискиот план за 2010 година предвидува и понатаму да има купување државни записи. Врз основа на тоа, ревизијата не можеше да се увери дека се преземаат соодветни мерки во решавање на прашањето на деловниот простор.[63]

РКЕ поднела забелешки по сите точки од Ревизијата, меѓутоа прифатена е само една и тоа за сметководството во Комисијата при што останатите главни забелешки остануваат. Оваа ревизија покажува колку е значајно да се има надворешна контрола од страна на независни експертски тела на работењето на енергетските институции бидејќи и покрај тоа што редовно годишно се објавуваат Годишните извештаи сепак без извршена ревизија тешко може да се заклучи дали се работи согласно законите на РМ или има некои недоследности. Не е доволно само да се констатираат недоследности, но и да се дадат насоки како истите да се исправат и да се води евиденција (track record) на тоа што е подобрено, а што останува неостварено и понатаму.

Исто така, проблематично е и тоа што ниту една од горенаведените институции ги нема објавено ревизорските извештаи, ниту пак како постапила по нив по укажаните пропусти. Тоа е и случај со наредната институција. Додека пак во Словенија и Хрватска, ревизорските извештаи редовно се објавуваат – и оние направени од нивните Државни заводи за ревизија и од страна на независен (најчесто странски) ревизор.

4. Сектор енергетика при Министерството за економија

Како што беше анализирано претходно кај буџетот на РМ, најзначаен државен орган во енергетиката во Македонија е се' уште Министерството за економија т.е. Секторот за енергетика. Тука се подготвуваат сите закони, стратегии, акциони планови и воопшто се' што е потребно да функционира секторот енергетика во Македонија, неговото планирање и развој. Достапноста до овој сектор за општествените чинители не е едноставна. На интернет страницата на Министерството за економија, го има само следново кога ќе се побара Секторот за енергетика[64]:

[63] Ибид.,

[64] Извор, Министерство за економија на РМ, http://www.economy.gov.mk/ministerstvo/sektori_vo_ministerstvo/sektor_za_energetika/index.1.html

Слика 5




Она што не може да се најде е кој го раководи секторот, кој се' работи во секторот, што се точните овластувања и годишните планови и буџети на работа, како и извршените ревзии на работењето. Па така, треба да се кликне полето минстерство, да се избере органограм на министерството и тука повторно не може да се најдат подетални информации за тоа што точно претставува секторот за енергетика освен општа поделба на органите во склоп на министерството.[65] Инаку, ваквата ситуација се повторува за сите сектори во состав на министерството, што доведува до заклучок дека се работи за системска грешка, т.е. нетранспарентно работење на целото министерство.

Исто така последен извештај што стои на интернет страната на Министерство за економија, а воедно и единствен е Извештајот за 2010 година. Нема никакви финансиски извештаи, ревизорски извештаи, ниту пак планови за работа (Слика 6). Бидејќи е неможно да се спореди со други извештаи од други години, анализата нема да навлегува подлабоко во тоа што содржи овој извештај. Секако, енеретиката е дел од него за тоа што било спроведено во оваа област. Па така под поглавје 4, насловено Развој на енергетиката стојат следниве глави: 1) Регулатива (што е усвоено/изменето/дополнето од закони и подзаконски акти/останати стратешки документи); 2) Проекти (тука спаѓаат како проекти финансирани од странски донатори така и домашни планови за изградба на енергетски објекти/далеководи/итн); 3) Активности (кампањи/активности во меѓународни тела/итн). Никаде во извештајот ниту пак во поглавјето за енергетика не стои буџетот за таа година, што е потрошено и на кои активности. Оттука може да се заклучи дека известувањето на Секторот за енегетика при Министерството за економија на РМ е сиромашно со информации и податоци, со слаба транспарентост и отечност. Најголем проблем е што нема воопшто никакви финансиски извештаи за работењето на ниту еден орган под Министерството.

[65] Извор, Министерство за економија, http://www.economy.gov.mk/ministerstvo/organogram_na_me/3681.html

Слика 6



Друг проблем е донесувањето и менувањето на важни закони и останата регулатива во краток рок без можност за дискусии, забелешки и критики од страна на сите заинтересирани страни. Тоа, како што беше споменато и кај поглавјето за Регулаторната комисија за енергетика, се случи со наглата промена на курсот на министерството од најавена либерализација на пазарот на енергетика на 1 јануари 2015 година до одложена либерализација во 2020 година. Главен иницијатор на оваа промена е токму Министерството за економија.[66]

Секако најавите за покренување постапки против Македонија од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница доколку либерализацијата не започне на 1 јануари 2015 година,[67] како и фактот дека и покрај "добрите„ намери на Министерството, потрошувачите остануваат заглавени со монополот кој што го има ЕВН, не оди во прилог на тоа дека државата ниту пак органите задолжени за водење на енергетската политика рационално и домаќински работат со парите кои граѓаните ги уплаќаат како даноци и преку сметките за струја. Можното плаќање на пенали или пак казни, не би можело да се смета за добра стратегија во услови кога се повеќе од потребни средства и инвестиции во секторот енергетика во Македонија. Останува да се види дали Секторот за енергетика како и целото Министерството ќе го смени курсот по заканите од Енергетската заедница и каде ќе ја однесат енергетската политика на земјата од 2015 година натаму.

Наодите од Државниот завод за ревизија

Согласно ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за економија, сметки на основен буџет – 631 и 637 за 2011 година, од страна на Државниот завод за ревизија, пронајдени се следните недостатоци во делот на енергетските активности на МЕ:

Извештај со број 17-122/9[68]

- Препорака – судскиот спор што го води РМ против правно лице за сопственост на гасоводниот систем кој што не е пријавен во писмениот одговор на секторот за енергетика, а според писмото

[66] Извор Фактор http://faktor.mk/archives/126273

[67] Изјавата на Претседателот на Секретаријатот г. Копач е: Ако се усвои овој предлог закон, Секретаријатот на Енергетската заедница ќе започне прекршочна постапка веднаш откако ќе истече крајниот рок за целосна либерализација на пазарот на 1 јануари 2015 година. Извор: http://www.energy-community.org/portal/page/portal/ENC_HOME/NEWS/News_Details?p_new_id=9661

[68] Државен завод за ревизија, Конечен извештај на државниот ревизор за Министерство за економија, Број 17-122/9, датум 25.09.2012.

добиено од Државното правобранителство за подрачје Скопје, од 23.12.2011 година, се бараат докази по тужбата за процентот на вложувањата на правното лице во гасоводниот систем кој е од важно значење за РМ. (стр.14)

- Врз основа на договор за извршување на групна набавка за спроведување на кампања за штедење на енергија склучен помеѓу ЕЛЕМ, МЕ и МЕПСО, министерството имало обврска за спроведување на постапка за јавна набавка за избор на Агенцијата која ќе ја организира кампањата. Од увидот во начинот на спроведувањето на постапката за јавна набавка, ревизијата констатираше дека:
  - Има пречекорување во рокот за извршување на договорните работи;
  - Гаранциите за квалитетно спроведување на договорот на понудувачот не го покриваат целиот период на важност на договорот за периодот;

  Ваквиот начин на постапката за јавна набавка предизвикува отсуство од несоодветно следење на договорите за јавни набавки што има влијание врз целта од спроведената постапка. (Стр. 32-33)
- Од страна на МЕ во период од 2008-2012 не се преземени доволно мерки и активности за дооформување и ставање во целосна функција на сончевата тест лабораторија (СЛТ), нагласена е и незаинтересираноста на фирмите за тестирање на нивните произведени или увезени сончеви колектори со што СЛТ не ја обавува својата комерцијална функција за која е наменета, а крајниот ефект од ова е тоа што не се обезбедува квалитетно производство на соларни колкетори и подобрување на квалитетот на соларните системи како и заштита на потрошувачите кои купуваат и вградуваат соларни колектори во своите домови. (Стр. 35-36)
- Во Сектор за енергетика при МЕ недоволно и нецелосно се следела наплатата односно враќањето на средствата по одобрени комисиони кредити на крајните корисници со одредена намена (реализација на програми за заштеда и супституција на енергија и набавка на опрема за адаптација на постројките за природен гас); (Стр. 36-37) За сите предложени мерки потребно е да биде информирана Владата на РМ со цел за утврдување на натамошни мерки кои треба да се преземат за наплата на ненаплатените побарувања кои се буџетски средства и за кои постои можност за реална наплата. (Стр. 38)
- Како позначајни судски спорови против МЕ се издвојува тужбата за надомест на штета по основ на разлика во цени на нафтени деривати. (Стр. 39)

Генерални наоди за финансиското работење на министерството:

- Не е воспоставен целосен систем на интерни контроли на начин кој ќе обезбеди финансиско управување и контрола да се спровдедува во сите организациони единици и на сите нивоа, со што би се намалил ризикот при управувањето со јавни средства. (Стр. 1)
- Не е извршен целосен и квалитетен попис на средствата и нивните извори со 31.12.2011 година, утврдени се непотполни и неточни податоци за фактичката состојба, не е извршен попис на нематеријалните и материјалните средства во подготовка, побрарувањата и обврските, и не е извршено усогласување и сведување на сметководствената на фактичка состојба. (Стр. 2)

Забелешки на нацрт извештајот 17-122/9 од страна на Министерството за економија поврзани со енергетските активности и горенаведените забелешки на ревизорот:

- Во однос на препораката кон точка 4.4.5, не постои законски основ за активирање на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот бидејќи нанавременото реализирање на кампањата не е по вина на економскиот оператор за случајот со кампањата на МЕ, ЕЛЕМ и МЕПСО. (Стр. 18-19)
- Забелешка по точка 7.1 за проект сончеви загревачи на вода, согласно информациите од управата предметната студија е изготвена и истата ќе се достави до Владата на РМ и ќе следат соодветни активности. (Стр. 20)
- Во врска со точка 7.2 за одобрени комисиони кредити преку кредитни линии на ЕБОР, гасификација и СИЗ, МЕ-Сектор за енергетика правел анализи и одржувал работни состаноци.

Наредниот период оваа анализа ќе се ажурира и врз основа на истата ќе се изготви информација до Владата на РМ за утврдување на натамошни мерки. (Стр. 20-23)

Одговор и забелешки на нацрт извештај на овластен државен ревизор

- Забелешките во точка 4.4.5 не се прифаќаат заради тоа што не се доставени нови докази со нив. (Стр. 10)
- Со упатената забелешка на точка 7.2 МЕ дава дополнителни информации за кредитните линии кои не влијаат на состојбите искажани во ревизорскиот извештај со што истите уште важат. (Стр. 10)

Извештај со број 17-122/10[69]

- Во 2011 остварен е приход преку Секторот за енергетика во вкупен износ од 165 илјади денари, по основ уплатени средства за полагање испит за стручна оспособеност на ракувачи на енергетски уреди и постројки. Не е донесено решение за исплата на Комисијата пред која кандидатите го полагале овој испит, со што и средствата се останати на сметката на МЕ, а резултатот е неисплатен надоместок на комисијата за извршената работа. (Стр. 6-7)
- На сметката на МЕ неосновано се прибрани средства врз основа на објавен повик за учество во постапка за доделување концесија на Чебрен и Галиште и учество во јавно приватно партнерство со ЕЛЕМ. Овие приходи се јавни и треба да се уплатат на трезорската сметка, а не да стојат во буџетот на МЕ. (Стр. 9-10)

Воочени системски слабости кои се однесуваат токму на концесиите (тендерите) се: Потребно е допрецизирање на начинот на прибирање на средства согласно член 37 од Законот за јавни набавки со цел воедначен пристап на државните органи. Согласно Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и повраќ на јавните приходи, предвидена е уплатна сметка на трезорска сметка, приходи од тендери. Во текот на 2011 година на сметката на основен буџет 631 на МЕ уплатени се 411 илјади денари по основ уплатни средства за подигање на тендерска документација. Заради воедначен пристап на постапување на државните органи ревизијата препорачува Министерството за финансии да го прецизира начинот на прибирање на средства по основ на надоместокот за добивање тендерска документација со цел да се обезбеди целосност на јавните приходи.

Наодите од ревизиите се клучни за да се види како се трошат парите на даночните обврзници и дали институциите работат согласно нивните законски овластувања или не. Исто така може да се воочи каде има потреба од законски решенија или друг вид на регулатива се' со цел да се допрецизира финансиското работење на сите институции, не само на оние задолжени за енергетскиот сектор. Погоре споментатите примери од ревизиите на ДЗР покажуваат колку е неопходно многу поредовно тие да бидат извршувани, и колку е важно нивното објавување и споделување со јавноста со цел институциите да го променат проблематичното работење таму каде што го има.

Искуства од Словенија и Хрватска

Состојбата со транспарентноста на трошењето на јавните пари во енергетскиот сектор е деликатно прашање не само во Македонија, но и во земјите од нашето соседство и во земјите членки на ЕУ. Поради тоа земјите се имаат обврзано за законско, транспарентно и независно надгледување на трошењето на јавните финансии, како и објективно известување. Притоа, евроинтегративните процеси го помагаат тој процес преку обврската на земјите кандидати да го транспонираат и имплементираат европското законодавство во енергетскиот сектор. И покрај тоа што во делот на институционалните

[69] Државен завод за ревизија, Конечен извештај на државниот ревизор за Министерство за економија, Број 17-122/10, датум 25.09.2012.

реформи и раздвојувањето на производството, преносот и дистрибуцијата на енергија, резултатите на реформите се позитивни, во делот на транспарентноста на трошењето на јавните пари и независноста на институциите кои ги надгледуваат енергетските буџети, постои различен степен на спремност меѓу земјите од регионот.

Подолу, компаративно се прикажани искуствата со транспарентноста на институциите од енергетскиот сектор во Словенија и Хрватска.

Институции	**Компаративни резултати**		
	Македонија	**Словенија**	**Хрватска**
Национален Парламент			
Независност	1) Донесува републички буџет и завршна сметка на буџетот.	1) Предлага, донесува и ја надгледува имплементацијата на годишниот буџет на државата	1) Предлага, донесува и ја надгледува имплементацијата на годишниот буџет на државата
Отчетност **-Финансиски извештаи** **-Ревизорски извештаи**	1) Комисијата за финансирање и буџет - разгледува прашањата што се однесуваат за Буџетот на Републиката, јавните набавки. 2) Објавени годишни извештаи за работата на Собранието на РМ од 2006 год до денес.	1) Комисијата за контрола на јавните финансии- ја надгледува имплементацијата на државниот буџет и валидноста на финансиските извештаи од страна на Судот за ревизија; јавните фондови, јавните претпријатија, и јавните институти основани од државата.	1) Комитетот за финансии и централен буџет-одговорен за мониторирање на имплементирањето на политики кои се однесуваат на: системот за јавни финансии на Хрватска, разгледување и донесување на годишниот централен буџет, структурата, авторитетот и методите на работа на Централната канцеларија за ревизија и на Финансиската Агенција.
Транспарентност	1) Објавена архива на: стенограмите од седниците на Комисиите, пратеничките прашања. 2) Редовно објавување на агендата на седниците. (на македонски јазик) 3) Телевизиско покривање на седниците – преку посебен Собраниски канал. 4) На веб страна: Катче за граѓаните (јавни дискусии за предлог закони на веб страна) и Катче за медиумите.	1) Објавена архива на -сесиите на парламентот, состаноците на Советот на претседателот, пратенички прашања (на словенечки) 2) Сесиите седниците на работните тела и др.настани се пренесуваат директно на собраниското радио и ТВ. 3) Посебна просторија за медиуми (технички опремена) за целодневно или повремено користење. 4) Медиумите имаат право да бидат присутни на седници на Собранието и на работните групи.	1) Пренос во живо на пленарните сесии, достапност на архивски снимки на расправи од тековниот и претходните состави на Собранието. 2) Соработка со граѓаните и медиумите – Служба а граѓани и Служба за медиуми 3) На веб страна достапни релевантни информации и контакти за прашања и пристап до информации од јавен карактер

Министерство/Сектор задолжен за енергетика			
Независност	Сектор за енергетика, во рамки на Министество за економија	Директорат за енергетика, во рамки на Министерството за инфраструктура	Сектор за енергетика и рударство, во рамки на Министерство за економија
Отчетност **-Финансиски извештаи** **-Ревизорски извештаи**	1) Нема објавени годишни планови за работа (освен за 2010) планиран буџет и финансиски ивештај. 2) Нема објавено ревизорски извештај.	1) Достапност на веб страна на годишните извештаи (кои вклучуваат и финансиски извештаи за работењето во тековната година) и планови за работа на Инспекторатот за транспорт, енергетика и просторно планирање.	На веб страна нема достапни финансиски и ревизорски извештаи за работата, како и буџет и планирани трошоци.
Транспарентност	1) Нема податоци за раководни кадри во секторот. 2) На веб страна објавено само јавни огласи, нема архива за објавени/авршени јавни набавки и концесии. 4) Мал број советувања со јавноста објавени. 5) Доста ограничен број на законски и подзаконски акт објавени на веб страна (нема конзистентност помеѓу англиската, македонската и албанската верзија на вебстраната). 5) Нема посебни контакти за соработка со медиумите на веб страна. Застарени соопштенија за јавноста.	1) На веб страната на Министерството за инфраструктура се ставени на увид сите закони, подзаконски акти и нацрт-закони, 2) На порталот за енергетика редовно се објавуваат покани за учество на тендери, јавните набавки, јавни известувања, итн. (достапни само на словенечки јазик). 3) Посебен простор за медиуми на веб страна, архива на вести, видео записи, соопштенија за јавноста, календар на активности.	1) На веб страна се објавени: - Стратешки планови и енергетски биланси, - Законски и подзаконски акти, - Прописите на ЕУ во делот енергетика, - Одлуки и други документи кои се однесуваат на пазарот на енергија: природен гас, електрична енергија, нафта и нафтени деривати, топлинска енергија, - Одлуки, мапи, регистри за ОИЕ и ЕЕ. 2) Во рамки на министерството има независен директорат за односи со јавност 3) Јавно достапни контакти од одговорните лица на дадена тематика
Агенција за енергетика*			
Независност	1) Основана со посебен Закон, не е независен орган	/	/

	надвор од државната управа. 2) Буџет - трансфери од Буџетот на РМ, приходи од вршење на специфични услуги во областа на енергетиката, донации, имплементирање на проекти, издавање лиценци за енергетски контролори.		
Отчетност **-Финансиски извештаи** **-Ревизорски извештаи**	1) Објавени - Програми за работа (од 2006-2014) - Годишните извештаи за работа од 2007-2012 (со финансиски ивештај) и парцијално инфо за јавните набавки. 2) Нема објавено ревизорски извештаи. (на македонски јазик)	/	/
Транспарентност	1) Објавени на веб страна, стратегии, закони и подаконски акти, регистри, тарифници. 2) Е-изданија на - Дигитални мапи за потенцијални инвеститори, Прирачници за повластени производители на ОИЕ, Упатства за ЕЕ. (на македонски јазик), 2) Тековни и архива на завршени проекти. 3) Пристап до информации од јавен карактер. 4) Нема посебен контакт за	/	/

	медиумите.		
Регулаторно тело			
Независност	Регулаторна Комисија 1) Работата регулирана со Законот за енергетика. 2) Именување на членовите и претседателот-Собрание на РМ, по предлог на Владата. 3) Поднесува на усвојување до СРМ-годишен извештај. 4) СРМ го одобрува буџетот на Комисијата.	1) Релативно широка независност во работата, широк спектар на надлежности. 2) Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Националното собрание, по предлог на Владата. 3) Финансиски независна. Финансирање од наплаќањето на тарифите за користење на мрежата, не од државниот буџет.	Хрватска енергетска регулаторна Комисија 1) Основана со Законот за регулирање на енергетските дејности. 2) Самостојна, независна и непрофитна институција. 3) За својата работа е одговорна пред хрватскиот Парламент (членовите се именуваат од страна на хрватскиот парламент) 4) Финансиска независност - надоместоците од вршењето на услуги за регулирање на енергетките дејности (пропишани со Одлуката за такси за регулирање на енергетски дејности).
Отчетност **-Финансиски извештаи** **-Ревизорски извештаи**	1) Годишни ивештаи за работата објавени континуирано од 2004-2013 год., јавно достапни на страницата на РКЕ, содржат и финаниски детали за работењето, табеларно и наративно објаснување на буџетот. 2) Нема објавено ревизорски извештаи.	1) Најмалку еднаш годишно, до Владата и до Националното Собрание доставува извештај за состојбата во енергетскиот сектор, со информации за активностите и мерките што се преземени од страна на Агенцијата за исполнување на своите должности. 2) Нема објавени финансиски извештаи или извештаи од извршена ревизија.	1) Објавени годишни извештаи за работата од 2005-2013 год. 2) Нема објавени финансиски извештаи.
Транспарентност	1) Објавени закони и подзаконски акти во врска со работата на РКЕ. 2) Објавени внатрешни организациони акти – статут, деловник на работа, правилници.	1) Деловникот за работа на Агенцијата за енергетика е јавен и достапен на вебстраната. 2) Веб страната е содржи корисни информации за сите потрошувачи на енергија -	1) На веб страната се објавени: - буџетот, регистар на дозволите за остварување на енергетски дејности, мислења, одлуки, решенија, тарифните ценовници, законските и подзаконски акти, преглед на склучените договори за јавни набавки и нивната имплементација (од 2010 до 2014 година). 2) Објавен Регистар на јавни

	2) Нема објавено јавни набавки/тендери. 2) Пристап до информации од јавен карактер. 3) Редовно објавување на соопштенија за јавноста. 4) Нема посебен дел и контакт за медиуми на веб страна.	домаќинствата, малите и средни претпиријатија и индустријата (законодавна рамка, креирање на цената на електричната енергија и гасот, помош при избор на најконкурентен снабдувач со електрична енергија и гас, информации за поставеноста на пазарот на ел.енергија и природен гас, ОИЕ). (на словенечки јазик) (сите информации и документи се достапни само на словенечки јазик.) 3) Јавни консултации со јавноста и Соопштенија за јавност. 4) Посебен контакт за медиумите.	набавки, тендери, план за набавки. 3) На веб страната достапни се информации само за пазарот на природен гас. Нема доволно податоци за цената на електричната енергија и за електро-енергетската инфраструктура. 4) Консултации со заинтересираната јавност во процесот на донесување на прописи и методологијата во рамките на делокругот на нивната работа. 5) Редовно објавување на соопштенија за јавноста од состаноците на Управниот одбор. 6) Пристап до информации од јавен карактер.
Ревизорско тело			
Независност	Државен завод за ревизија – 1) Основан со Законот за државна ревизија. 2) Врховна ревизорска институција за вршење на државната ревизија, независна во своето работење. 3) Финансирање од Буџетот на РМ, го утврдува Собранието на РМ.	1) Суд за ревизија- Посебен статус (не спаѓа во ниедна од трите гранки на власт – законодавна, извршна и судска) гарантиран со Уставот и законите. Целосна неависност во работата. Највисоко тело за супервизија на државниот буџет и останатите државни сметки и останатите државни трошења. 2) Членовите ги назначува Националното Собрание, на предлог од Претседателот на Собранието. 3) Самостојно и независно финансирање- финансискиот план го одобрува националното Собрание.	Државен завод за ревизија 1) Самостојна и независна во својата работа (Законот за Државниот завод за ревизија) 2) Финансирана од државниот буџет.

Отчетност **-Финансиски извештаи** **-Ревизорски извештаи**	1) Објавени - Годишни извештаи за работата од 2001 до 2013год (од 2008-2013 и на англиски јазик)	1) Достапни на веб страницата на Судот - ревизорските извештаи на Судот, мислења во однос на конкретни ревизорски прашања.	1) Се објавуваат годишните финансиски извештаи (објавен е годишниот финансиски извештај за 2013, со споредбени податоци за 2012). 2) Годишните извештаи за ревизија (од 2007-2014)
Транспарентност	1) На веб страната достапна архива на извршени ревизии согласно програмата од 2002 до 2014. 2) Објавени годишни програми од 2004-2015 год. 3) Јавно достапни закони, правилници, кодекси, резолуции, стандарди, стратегија за развој. 4) Нема објавено јавни набавки и тендери. 2) Слободен пристап до информации од јавен карактер. 2) Нема посебен дел/контакт за медиуми.	1) Веб страната на Судот содржи корисни информации за секојдевната работа на Судот и за спроведените ревизии. 2) Судот издава годишен извештај кој го поднесува до Националното Собрание, за кој дебатира посебен комитет во Собранието чии седници се отворени за медиумите. 3) Судот организира редовни прес конференции на специфични теми.	1) Достапни стратешките и годишните планови, годишните извештаи за ревизија (период 2007-2014). Извештаите содржат и финансиски извештај за претходната година со проекции за идната. 2) Плановите и извештаите за јавни набавки како и информации за оние кои се во тек. (најголем дел од информациите се на на хрватски јазик, особено извештаите и плановите за работа.) 3) Достапен е контактот од ДСР за информирање на јавноста и одлуката за неговиот избор. (со што се олеснува комуникацијата меѓу заинтересираните странки и јавноста со ДЗР.)
Комисија за заштита на конкуренцијата			
Независност	1) Самостоен државен орган со својство на правно лице, независна во своето работење. Претседателот и членовите ги именува и разрешува Собранието на РМ. 2) Имплементација на Чл.101/102 од TFEU за Забраната за картелско здружување и злоупотреба на доминантната	1) Независна и автономна институција. основана од страна на Владата на Република Словенија, 2) Нејзините членови во работата нема да бидат под влијание и инструкција на државните или други власти. 3) Имплементација на Чл. 101/102 од TFEU. 4) Еднаш годишно поднесува мислењата до Националното собрание и до Владата.	Агенција за конкуренција 1) Јавна установа, основана од хрватскиот Парламент. 2) Независна во работата и одговорна пред Парламентот. 3) Примена на европското законодавство во делот на конкуренцијата (Членовите 101 и 102 од TFEU.

	положба.		
Отчетност **-Финансиски извештаи** **-Ревизорски извештаи**	1) Објавени годишни извештаи – од 2008-2013 (извештај за буџетски приходи и расходи само за 2013 и 2012 год).	На веб страна 1) Извештаи за работата – само за 2006 (на англиски јазик) 2) Извештаи со евиденција за спроведување на случаи – од 2000-2009 год (без 2004,2005,2006,2007)	Јавно достапни на веб страна, во форма достапна за симнување: 1) Годишните извештаи за Хрватската Агенција за конкуренција и за Државната помош, со архива на извештаи од 1998-2014. 2) Годишниот буџетот на Агенцијата – од 2013, со проекции за следните години.
Транспарентност	Јавно достапни: 1) Закони и уредби. 2) Известувања за концентрации. 3) Соопштенија за јавноста/ Нема посебен контакт за медиуми.	Јавно достапни : 1) Табели со преглед на активностите на Комисијата - од 2000-2010 год 2) Закони и други правни акти. 3) Соопштенија за медиумите во врска со одделни случаи и одлуки на Комисијата се објавуваат на веб страната. 4) Имиња и контакти на вработени кои работат на соодветната тематика јавно достапни на веб страната	Јавно достапни на веб страна, во форма достапна за симнување: 1) Програмите за работа на Агенцијата за конкуренција - од 2006 до 2016 год. (на хрватски јазик) 2) Двогодишниот стратешки план за работа од периодот 2011-2013 до 2015-2017год; 3) Акцискиот план за спроведување на антикорупциската програма. 4) Плановите за јавни набавки – за 2013 и 2014 год. 5) Преглед на склучени договори за јавни набавки и нивната имплементација. 6) Европско и национално законодавство и внатрешните акти. 7) Комуникациската стратегија на Агенцијата. 8) На веб страна достапни соопштенија за јавност 9) Архива на вести
Оператор на пазарот на енергија			
Независност	МЕПСО 1) Инстанца која оперативно го организира пазарот на ел.енергија во РМ. 2) Лиценциран од РКЕ, работи во состав на АД МЕПСО.	Борзен 1) Јавен сервис, од 2007 година во директна сопственост на Владата на Словенија. 2) Го промовира развојот на словенечкиот пазар на ел.енергија согласно правилата на ЕУ.	ХРОТЕ 1) Јавен сервис кој остварува активности за организирање на пазарот на ел.енергија и природен гас, под надзор на Хрватската Регулаторна Агенција ХЕРА.
Отчетност **-Финансиски извештаи** **-Ревизорски извештаи**	1) Јавно достапни финансиски извештаи 2) Нема објавено ревизорски извештаи.	Објавени на веб страна 1) Годишни и извештаи за одржлив развој – 2009-2013 – содржат финансиски извештаи и ревиски извештај.	Објавени на веб страна 1) Закони и секундарно законодавство за енергетика. 2) ЕУ Директиви и регулативи за пазарот на ел.енергија и гас. 3)
Транспарентност	Ограничен пристап	Објавување на:	Достапни на веб страна, во форма за

	на информации на веб страна (во склоп на вебстраната на МЕПСО) 1) Инфо за оранизацијата на пазарот на ел.енергија – за повластени производители и снабдувачи. - Табеларни прикази за балансот на пазарот ан ел.енергија за 2012 год. 2) Нема контакт за медиуми и објавени соопштенија.	1) Податоци за пазарот (цени на ел.енергија). 2) Брошури. 3) Податоци за балансирање на рамотежата. 4) Законски акти и правилници за функционирање на пазарот на ел.енергија. 5)Подигање на јавната свест – преку – 6) Имиња и конкакти на луѓе кои работат на соодветната тематика јавно достапни на интернет страните Контакт за прашања на граѓаните; Контакт за соработка со медиумите.	симнување (на хрватски јазик) 1) Закон за јавни набавки 2) План за јавни набавки 3) Регистер на договори за јавна набавка. 4) Електронска форма за контактирање на операторот и прашања.

** Во Словенија и Хрватска нема посебна Агенција за енергетика.*

* * *

ЕЛЕМ И МЕПСО – како работат двете државни енергетски компании

1. ЕЛЕМ

Електрани на Македонија или скратено ЕЛЕМ е најголемата компанија за производство на електрична енергија во државна сопственост. Од своите капацитети ЕЛЕМ обезбедува околу 96% од вкупното домашно производство на електрична енергија. Од термоелектраните со инсталиран капацитет од 825 MW се произведуваат 5.000 GW/h електрична енергија годишно, додека од хидроелектраните со инсталиран капацитет од 538 MW, се прозиведуваат 1.200 GW/h годишно електрична енергија. Само рударско-енергетските комбинати Битола и Осломеј произведуваат околу 80%, додека хидроелектраните на АД ЕЛЕМ произведуваат околу 16% од вкупната електрична енергија од домашните капацитети.[70] Токму поради ваквото значајно место на компанијата важно е да се направи анализа колку е транспарентно нејзиното управување и доколку има одредени недостатоци тие да се идентификуваат, со што би се понудиле и соодветни решенија за нивно надминување.

Она што на прв поглед може да се заклучи е дека интернет страницата на компанијата е прегледна, и извештаите се лесно достапни. Повторно како забелешка се јавува фактот што последен достапен извештај е оној од 2012 година, а тој за 2013 година не е објавен што беше случај со скоро сите анализирани ентитети во извештајот. Понатаму, повторно се забележува неконзистентност во презентирањето на резултатите. Додека некои извештаи како оние за 2009, 2012 можат да се преземат и споделуваат, извештаите за 2010 и 2011 се таканаречени мултимедијални и можат да се прегледуваат исклучиво на интернет без можност за нивно преземање што секако ја ограничува слободата на овој што сака да ги чита и/или анализира. Позитивно околу пак финансиските извештаи е тоа што тие се доста детални, со наративни објаснувања, лесни за преземање и споделување. Секако забелешката останува

[70] Официјална веб страница на ЕЛЕМ
http://www.elem.com.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=67&Itemid=98&lang=mk

дека извештајот за 2013 година во времето на пишување на овој извештај не беше објавен. Оттука, од објавеното може да се заклучи на пример, доколку се земе само ставката добивка пред оданочување дека компанијата во 2010 година имала најголема добивка додека во 2012 најмала[71]:

Табела 1

Добивка пред оданочување ад ЕЛЕМ	2012	2011	2010	2009
	142.794.184,00 денари	164.260.408, 00 денари	528.156.038,00 денари	314.402.809,00 денари

Во табелата 2 пак е прикажан балансот на состојбата на компанијата низ годините. Тука пак ситуацијата е поинаква, и компанијата најдобро стои токму во 2012 година, каде што има најголем број на тековни и нетековни средства.[72]

Табела 2

Баланс на состојба ЕЛЕМ	2012		2011		2010		2009	
	2012	12/31/2011	2011	12/31/2010	12/31/2010	12/31/2009	12/31/2009	12/31/2008
Вкупно тековни и нетековни средства (во илјади денари '000)	49,019,814	46,231,773	46,231,773	44,031,539	44,031,539	45,028,343	45,028,343	46,082,014

Од она што е достапно пак како годишен план, нема никакви документи, додека пак има документ насловен како Инвестицски план 2012-2017. Само тој план е и јавно достапен. Во него се излистани сите енергетски проекти кои компанијата планира(ла) да ги изгради во тој период, и тоа: РУДНИЦИ (1. Површински коп Подинска Јагленова Серија – Суводол 2. Јагленово наоѓалиште Мариово 3. Јагленово наоѓалиште Живојно 4. Јагленово наоѓалиште Поповјани); ТЕРМОЕЛЕКТРАНИ (5. Модернизација и Ревитализација на ТЕ Битола 6. ТЕ Мариово 7. Ревитализација на ТЕ Осломеј 8. Топлификација на Битола, Могила и Новаци 9. Комбинирана Гасна Електрана Енергетика); ХИДРОЕЛЕКТРАНИ (10. ХЕ Света Петка 11. Ревитализација на ХЕЦ – Втора фаза 12. Ревитализација на ХЕЦ – Трета фаза и надградба на ХЕЦ Шпилје 13. ХЕ Бошков Мост 14. Брана Луково Поле и Довод на Корабските води 15. Систем на Црна Река); ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ (16. Парк на Ветерни Електрани-Богданци 17. Соларна електрана). За секој проект поеднечно е наведена сумата на чинење, и од каде би дошле средствата, како и динамиката на вложување од година во година[73]. Единствена забелешка е што нема извештај за спроведеното од инвестицскиот план со што би се имало увид како на годишно ниво компанијата го исполнува планот и со кое темпо и каде има проблеми при реализацијата. За

[71] Финансиски извештаи за ЕЛЕМ, 2009, 2010, 2011, 2012 година.
http://www.elem.com.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=362&Itemid=166&lang=mk
[72] Ибид.,
[73] Извор: ЕЛЕМ, Инвестициски план 2012-2017 година,
http://www.elem.com.mk/images/stories/Investiciski_plan_2012_2017.pdf

илустрација, на почетокот од 2015 година некои од овие проекти се уште не се реализирани, ниту пак отпочнати како што се ТЕ Мариово, Топлификација на Битола, Могила и Новаци, како и спорните хидроцентрали Бошков Мост и Луково Поле, а и системот на Црна Река. Исто така, нема други информации освен во овој Инвестициски план за Соларната електрана. Сепак, дел од овие проекти можат да се најдат низ годишните извештаи на компанијата околу тоа што е конкретно споведено во таа година. Понатаму позитивно е што во делот Развој и инвестиции[74], повторно се наведени инвестициските вложувања за секоја година посебно иако овој дел би требало да биде поопсежен со детални прегледи на чекорите преземени, во која фаза е секој проект, доделените тендери, извршените јавни набавки и колку чини сето тоа.

Главна забелешка при прегледот на транспарентноста на ЕЛЕМ е што нема сумирано кои се' тендери компанијата ги има објавено, доделено, како и збирна анализа на направените јавни набавки, особено ако се има во предвид дека во 2012 година според Извештајот од мониторингот на јавните набавки од 2012 година дека најголемиот договор за јавна набавка во 2012 година го склучила Државната компанија за производство на електрична енергија ЕЛЕМ, и тоа во вредност од 53,3 милиони евра.

Во извештајот стои: "*Предмет на оваа набавка е услуга за ископ на јаглен и меѓуслојна јаловина во јагленовото наоѓалиште „Брод – Гнеотино", РЕК Битола, со дисконтинуирана технологија и во ориентациска количина од 11.000.000 m3. Во постапка со преговарање со претходно објавување оглас, ЕЛЕМ добил четири понуди од економските оператори, а договорот го склучил со Друштвото за градежништво и услуги „Пелистер" – Битола ДОО. Договорот е склучен во мај 2012 година, во времетраење од 24 месеци. Со склучениот договор од 19,2 милиони евра во јануари минатата година, Државните електрани на Македонија се позиционираат на третото место на листата на 10 најголеми договори за јавни набавка за 2012 година. Во постапка со преговарање со претходно објавување оглас за ископ на јаловина и јаглен од свлечиштето на Микролокација - 3 во рудникот Суводол – РЕК Битола, со дотур на јаглен до ТЕ Битола, со дисконтинуирана технологија според дополнителниот рударски проект. ЕЛЕМ на овој тендер добил 6 понуди, а договорот го склучил со Транс Мет ДОО од Скопје, со времетраење од 36 месеци. Оправданоста за изборот на постапката со преговарање со претходно објавување оглас ЕЛЕМ ја објаснува со законската основа дека доколку во претходниот тендер не е пристигната ниту една прифатлива понуда, постапката мора да се поништи.„*[75]

Знаејќи го ова, доколку компанијата сака да биде пример во земјата за транспарентно и отчетно управување пожелно е да објавува и сумирани листи на сите тендери и јавни набавки направени во годината за секоја година посебно.

Друго идентификувано прашање е тоа што беше ставено и како забелешка во последниот Извештај за напредокот на Македонија од Европската Комисија за 2014 во кој се вели дека "постојат голем број на инструменти низ политиките преку кои Владата се повеќе влијае на економијата – и на компетитивноста на различните сектори и компаниите во тие сектори – како што се...јавни гаранции за заеми на претпријатија во државна сопственост„.[76] Па така при расправа во Комисијата за финансирање и буџет при Собранието на РМ за Предлог на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот "Модернизација на блок 1 во ТЕ Битола„ меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ главните забелешки беа следниве:

[74] Извор: ЕЛЕМ, Развој и инвестиции http://www.elem.com.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=64&Itemid=128&lang=mk

[75] Извештај за мониторингот на јавните набавки, 4/2012, Извештај бр. 16, Центар за граѓански комуникации, Скопје, мај 2013 година.

[76] Извештај за напредокот на Македонија 2014 http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-strategy-paper_en.pdf

- Министерството за финансии нема пресметано никаков ризик од неможноста должникот да го врати кредитот,
- Не се наведени податоци за должникот за кој што државата треба да даде гаранција,
- Министерството за финансии не навело образложение за банкарските провизии во значителни износи,
- Кредтот кој што ќе го земе АД ЕЛЕМ е со променлива каматна стапка која е најнеповолна за должникот,
- Недоволно објавени студии на научна основа за потребите од интервенции,
- Законот се носи по скратена постапка. [77]

Одговорот од надлежните генерално се сведува на тоа дека државата и компанијата имаат капацитет да го остварат проектот и дека штом меѓународна банка се согласува на давање кредит и склучување на договор со одредена компанија, тоа е доволен знак за финансискиот капацитет и солвентноста на компанијата. Немаше објаснување зошто вака важни закони кои сепак удираат по џебот на даночните обврзници се носат по скратена постапка.

Наоди од Државниот завод за ревизија

Во однос на извршени ревизии овој документ ги пренесува наодите од ДРЗ за работата на ЕЛЕМ во 2006 и извршените јавни набавки во 2011 година. За извршената ревизија на финансиските извештаи на АД ЕЛЕМ Скопје за 2006 година државниот ревизор се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изрази негативно мислење за законското и наменското трошење на средствата. [78]

За регуларноста на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки во периодот за 2011 година во АД ЕЛЕМ, ДЗР изјави мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Во ревизијата се опфатени постапки за доделување на договорите за јавни набавки за стоки, услуги и работи спроведени во периодот од 2008 до 2011 година кои имаат реализација во известувачки период за 2011 година. Регуларноста на јавните набавки од 2011 година е одговорност на раководството на Влатко Чинговски - генерален директор на ад ЕЛЕМ[79].

Во ревизијата за 2011 е најдено дека :

- планот за јавни набавки не ги содржи сите податоци утврдени со законските и подзаконските акти;
- има неправилности во начинот и постапките за доделување на договори за одредени јавни набавки и реализација на склучените договори.

Примени се забелешки по Нацрт извештајот на државниот ревизор, тие се разгледани и претставуваат известување за превземените мерки по дадените препораки на овластениот ревизор.

При увидот во начинот на планирање на јавните набавки, ревизијата утврди дека во делот на усогласеност со законски прописи:

- не се применува општиот поимник за јавни набавки како референтна номенклатура во постапките за доделување договори за јавни набавки;
- дека доставените поединечни планови од подружниците не се унифицирани и

[77] Комисија за финансирање и буџет, Извештај за осумдесет и третата седница на Комисијата, 4.11.2013 година.
[78] Конечен Извештај на овластениот државен ревизор , број 13-313/6, до АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје, 29.03.2013 година.
[79] Ибид.,

- дека сите доставени поединечни планови не содржат податоци за видот на постапките за доделување на договорите.

Констатираната состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки, правилникот за форма и содржина на годишниот план за јавни набавки и уредбата за општиот поимник за јавните набавки. ЕЛЕМ информираше дека има нов план за јавни набавки за 2012 и 2013 во согласност со законската регулатива (со исклучок на примената на општиот поимник што се очекува да се поправи со воведувањето на новиот електронски систем).

Во делот на користење средства согласно законски прописи пронајдени се следниве наоди:

- Подружницата РЕК Осломеј има воспоставено пракса на континуирано ангажирање на работна сила од надворешни субјекти преку склучување рамковни договори по претходно спроведена постапка за јавни набавки наместо преку агенцијата за времени вработувања. Изготвената тендерска документација во овој поглед не е во согласност со Правилникот за содржината на тендерската документација и ја оневозможува конкуренцијата меѓу економските оператори што не е во согласност со член 2 од законот за јавни набавки.

Со ревизијата на склучените договори и фактурите произлезени од облигациони односи, ДЗР утврди дека постои разлика меѓу договореното и фактурираното. Во забелешките законскиот застапник доставил решенија за формирање комисија за вршење проверка на целокупната документација по јавните набавки и врз основа на нејзиниот заклучок да постапи за враќање на неоснованиот износ.

Препорака

- Обезбедувањето на дополнителна работна сила да се врши согласно законот за агенциите за привремени вработувања;
- Да се воспостави внатрешна контрола која ќе обезбеди проверка на фактурите со договорите пред нивното сметководствено евидентирање;
- Комисијата за јавни набавки да преземе активности со кои ќе обезбеди тендерската документација да се изготвува согласно Правилникот за содржина на тендерска документација и одредбите во склучените договори да ги содржат елементите на понудата која е доставена согласно тендерската документација.

Со увид во тендерската документација за јавна набавка на тркалезни лежишта во ЕЛЕМ, ДЗР утврди дека огласот за јавна набавка не е објавен во службено гласило на ЕУ или во соодветна деловна публикација иако преценетата вредност е над 500.000 евра што е спротивно член 54 од ЗЈН.

Со увид во сметководствената документација и во начинот на реализација на склучените рамковни договори со економски оператори, ревизијата утврди дека наведената состојба укажува на непочитување на повеќе одредби од склучените договори со економските оператори.

Одговорните лица во ЕЛЕМ склучувале анекси со кои цената за лежиштата се зголемила за 40% (не во согласност со член 198 од ЗЈН). Вкупниот зголемен износ е надминат за 627.000 денари. Во забелешките од ЕЛЕМ се вели дека е изготвен интерен програм кој автоматски ги генерира нарачките и бира прворангирани добавувачи со цел да не се надмине вредносната рамка.

ЕЛЕМ за потребите на РЕК Битола и РЕК Осломеј ангажирала помошна градежна механизација, а вредноста на овие склучени рамковни договори е 1.020.700 денари (861.400 за РЕК Битола, 159.300 за РЕК Осломеј). По увид во сметководствена евиденција, ревизијата не се увери во реалноста на дел од евидентираните обврски. Ревизија забележува дека за одреден период не бил имплементиран ГПС системот. Во периодот кога е фактурите се со помала вредност ревизија нема препорака бидејќи оваа состојба е надмината.

Вкупни ефекти од наодите:

- Изготвениот план за јавни набавки за 2011 не ги содржи сите податоци утврдени со законските и подзаконските акти;
- Неправилности во начинот и постапките за доделување одредени договори за јавни набавки и реализација на склучените договори за ангажирање работна сила од надворешни субјекти, набавка на тркалести лежишта и ангажирање на помошна градежна механизација.

Освен овие наведени проблеми, финансиските трансакции, склучените договори и нивната реализација се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Прашања на неизвесност:

Ревизија обелоденува состојби кои според својата материјалност влегуваат во делот на евидентирани и платени обврски во 2011 година. Во февруари 2006 година, по спроведена јавна набавка во 2005 година, склучен е договор меѓу ЕЛЕМ и правно лице од Словенија за изградба на ХЕЦ Света Петка. Договорните страни не постигнале согласност во однос на барање за наплата на штета од страна на ЕЛЕМ, по што се обратиле до Комисијата за пресудување спорови која била формирана со нивна согласност и која донела пет одлуки од кои петтата е конечна и врз основа на истата е склучена Спогодба помеѓу ЕЛЕМ и изведувачот. На крајот, по преземањето на објектот од страна на ЕЛЕМ, на ревизијата не и е презентиран документ од кој може да се согледа дека надлежна институција извршила технички преглед на објектот и не е издадено Одобрение за ставање во употреба на градбата. Понатаму, во април 2010 договорниот орган склучил договор за јавна набавка со правно лице од Германија за набавка на монтажа на главниот транспортен систем со траки во Брод Гнеотино. Со ивршениот увид во документацијата, се гледа дека договорниот орган со задоцнување изготвил Условен записник за примопредавање на завршените активности согласно договорот. До денот на завршување на ревизијата не е изготвен Записник за целосно примопредавање на опремата. [80]

Од приложената опсежна ревизија може да се заклучи дека се пронајдени недостатоци во работењето на ЕЛЕМ, и тоа особено во делот на јавните набавки и склучувањето на договори со трети лица. Главниот проблем тука е што, во сите случаи каде што е извршена ревизија на работата на државните ентитети и се пронајдени недостатоци во работењето скоро никаде нема извештаи за тоа какви активности и во кој рок се преземени за надминување на тие недостатоци. Исто така забелешка тука е дека ваквите ревзиорски извештаи иако достапни до јавноста, ниту ЕЛЕМ ниту било кој друг ентитет предмет на оваа анализа ги има споменато, објавено, или пак наведено во своите годишни или било какви други извештаи. Ова секако не е противзаконски, меѓутоа во полза на транспарентноста и отчетното трошење пари оди ако се преземе одговорност и јавно се презентираат недостатоците и начинот на кои тие се или ќе бидат надминати. Во спротивно, било која анализа останува нецелосна бидејќи е неможно да се најдат јавно достапни информации што се случило по наодите за неправилно работење.

2. МЕПСО

Македонски електропреносен систем оператор или МЕПСО, е државна компанија која е формирана во 2005 година со тогашната трансформацијата на Електростопанство на Македонија. Основната дејност на МЕПСО е непречен пренос на електричната енергија низ високонапонската мрежа и редовен и навремен проток на електрична енергија до своите клиенти, директните потрошувачи како и до нисконапонската мрежа на ЕВН Македонија. Што се однесува до финансиското работење на компанијата, најголемиот дел од приходите доаѓа од продадената електрична енергја.[81] Кога ќе се разгледа интернет страницата на компанијата, лесно можат да се најдат финансиските извештаи како и годишните извештаи за работа кои се поделени на неколку поглавја и тоа Финансиски извештај, Преносна мрежа, Електроенергетски систем

[80] Целокупната анализа е преземена од ревизорскиот извештај на Државниот завод за ревизија, Конечен Извештај на овластениот државен ревизор , број 13-313/6.

[81] ад МЕПСО, официјална страна http://www.mepso.com.mk/Details.aspx?categoryID=1

и Пазар на електрична енергија. Јавно достапни се извештаите од 2008 до 2012, каде повторно како што е случајот со скоро сите институции се' уште фали 2013 година. Во извештаите се опишуваат активностите на компанијата за секое од наведените поглавја, како и целосната состојба со електропреносниот систем во Македонија. Значајно за тоа во што планира да вложува компанијата се под-поглавјата Сектор за стратешко планирање[82] и Сектор за ревитализација[83], каде што се наведуваат проектите на АД МЕПСО.

Главна забелешка тука е што нема споредба на планирано-остварено па така не се знае од она што е наведено во извештаите колкав процент од проектите се изреализирани, колкав процент се во тек, и колкав процент не се, и тоа најмногу кај проектите под Сектор за стратешко планирање за разлика од Сектор за ревитализација каде може да се види планирани и реализирани, но само за 2010 година. Оваа добра практика за жал не може да се види во останатите извештаи. Па така информациите не се конзистентно претставени низ годините, што беше забележано и кај извештаите на другите чинители од енергетскиот сектор, со што видот на информации варира од година во година, што го прави споредувањето на планирано-остварено отежнато[84]. Исто така забелешка е што извештаите не се достапни за симнување туку можат да се прегледуваат само на интернет страницата на МЕПСО што дополнително го усложнува прегледот и истражувањето.

Под полето финансиски извештаи има два вида подизвештаи, биланс на состојба и биланс на успех (Слики 7 и 8). Забелешката тука е дека извештаите сепак не се доволно информативни за заинтересираните страни надвор од компанијата. Ако на тоа се надодаде фактот што не може да се направи подетална споредба меѓу бројките и она што е остварено и што стои во наративните извештаи, ваквите финансиски извештаи како што се прикажани не се од никаква поголема корист. Се' што е можно да се направи е споредба на тоа како стоела компанијата низ годините (Табела 2), со што повторно е многу тешко да се изналзира зошто на пример 2010 година била најслаба година од четирите години прикажани, и зошто има зголемување најмногу во 2012 година. Друг проблем е што нема објавено никакви ревизорски извештаи со што би се покажало добра волја од страна на компанијата за отчетно и транспарентно работење.

Табела 2

Баланс на состојба МЕПСО	**2012**		**2011**		**2010**		**2009**	
	2012	12/31/2011	2011	12/31/2010	2010	12/31/2009	2009	12/31/2008
Вкупно тековни и нетековни средства	9,157,482,000.00	8,458,376,000.00	8,460,879,000.00*	7,708,103,000.00	7,708,103,000.00	8,164,608,000.00	8,164,606,229.00	8,285,625,786.00
Во евра	148,179,320	136,866,925	136,907,427	124,726,585	124,726,585	132,113,398	132,113,398	134,071,614

* 40502 ЕУР разлика помеѓу она што е прикажано во извештајот од 2011 година и во извештајот до 2012 година каде што се прави споредба на финансиската состојба од 2011 и 2012 година. Во извештајот од 2012 година се прикажани средствата за помалку од 40502 ЕУР. Од прикажаното, најслаба година за МЕСПСО била 2010, додека најголем раст доживува во 2012 година.

[82] Пример од Извештајот за 2012 година: http://www.mepso.com.mk/Content_Data/mepso2012/sektor_za_stratesko_planiranje.html
[83] Пример од Извештајот за 2010 година: http://www.mepso.com.mk/Content_Data/cd2010/main.html
[84] Сите извештаи на МЕПСО се достапни тука: http://mepso.com.mk/Details.aspx?categoryID=232

Слики 7 и 8

Биланс на состојба (Извештај за финансиската состојба)

	Белешки	(000 МКД) на 31 декември 2012	2011
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	6	6,751,976	5,765,402
Нематеријални средства	7	23,738	5,820
Вложувања во неконсолидирани подружници	8	2,469	159
Финансиски средства расположливи за продажба	9	6,345	6,345
Финансиски средства чувани до доспевање	10	248,611	367,497
Финансиски побарувања	11	1,055	1,005
		7,034,194	**6,146,228**
Тековни средства			
Залихи	12	87,151	81,850
Финансиски побарувања	11	30,000	101,500
Побарувања од купувачи и останати побарувања	13	1,204,246	1,384,231
Парични средства и парични еквиваленти	14	801,891	744,567
		2,123,288	**2,312,148**
Вкупно средства		**9,157,482**	**8,458,376**
Капитал и резерви			
Акционерски капитал		3,059,393	3,059,393
Резерви		297,858	63,307
Останат капитал		296,913	296,913
Нераспределена добивка/Акумулирана (загуба)		483,464	357,551
Вкупно капиталирезерви	15	**4,137,628**	**3,777,164**
Нетековни обврски			
Обврски по кредити	16	2,573,303	2,682,749
Донации	17	521,558	3,072
		3,094,861	**2,685,821**
Тековни обврски			
Обврски по кредити	16	184,327	188,145
Обврски кон добавувачи и останати тековни обврски	18	1,740,666	1,807,246
		1,924,993	**1,995,391**
Вкупно обврски		**5,019,854**	**4,681,212**
Вкупно капитал и резерви и обврски		**9,157,482**	**8,458,376**

Биланс на успех (Извештај за сеопфатната добивка)

	Белешки	(000 МКД) Година што завршува на 31 декември 2012	2011
Приходи од продадена електрична енергија	19	3,346,319	2,810,671
Останати оперативни приходи	20	83,636	74,257
		3,429,955	**2,884,928**
Намалено за:			
Набавна вредност на продадена електрична енергија	21	153,919	77,732
Потрошени материјали	22	50,198	45,318
Трошоцизавработени	23	298,916	290,000
Амортизација и депрецијација	6,7	309,406	282,389
Останати оперативни расходи	24	2,145,278	1,305,188
Оперативна добивка		**472,238**	**884,301**
Приходи од финансирање	25	70,638	29,827
(Расходи) одфинансирање	25	(55,219)	(71,434)
		15,419	(41,607)
Добивкапредоданочување		**487,657**	**842,694**
Данокнадобивка	26	(4,193)	(1,296)
Добивка за финансиската година		**483,464**	**841,398**
Останата сеопфатна добивказагодината		-	-
Вкупна сеопфатна добивка за годината		**483,464**	**841,398**

Отчетното и транспарентно работење, е особено важно затоа што станува збор за една од најголемите компании во Македонија која е во државна сопственост, и од чие што работење зависи сигурното снабдување со електрична енергија на сите субјекти во Македонија. Ова е исто така важно бидејќи при работењето државните компании често се под критика дека недомаќински ги трошат парите на даночните обврзници, како што е на пример расправата во Комисијата за финансирање и буџет, по точка: Предлогот на закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Рехабилитација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција[85]. Првиот воочлив проблем е што законот се носи по скратена постапка. Иако тука нема ништо нелегално, бидејќи се работи за заем кој што ќе мора да го враќаат даночните обврзници во интерес е законот да биде носен во нормална постапка, каде што повеќе општествени чинители би можеле да се вклучат во дебатата. Ваквата практика на носење закони по скратени постапки кога се работи за подигнување на кредити/позајмици итн. е забележана и кај други случаи што покажува неотвореност на надлежните кога се работи за потреба од земање финансиски средства да вклучат и други субјекти во расправата, па макар тоа биле и само пратениците на пленарна сесија. Собранието на РМ, за кое анализата покажа дека има многу ограничена улога во креирањето на енергетските политики на Македонија, би можело барем во доменот за кое е најодговорно, а тоа се носењето на закони, да има поголема улога во расправите по предлог законите и да ѝ наметне на Владата да го почитува тоа.

[85]Извештај на Комисијата за финансирање и буџет, за Осумдесет и седмата седница одржана на 28 ноември 2013, издаден на 30.11.2013.

Дискусијата околу погоре споменатиот Закон за заем се однесува на побаран заем од ЕБОР од 40.500.000 евра што го сочинуваат следните компоненти:

1. Ревитализација на 110 kV далекуводи постари од 40 години;
2. Далечинско следење, видео надзор, управување и прилагодување на трафостаници;
3. Функционално затворање на оптичката мрежа во рамките на преносната мрежа и изработка на модел за максимално искористување;
4. Ревитализација на трафостаници.[86]

Генерално забелешките на оваа расправа се движеа во насока на тоа дека МЕПСО недомаќински троши пари со што на пример, од буџетот на компанијата ќе се финансира изработка на физибилити студија за изработка на хотелски комплекс на планината Јабланица во износ од 250.000 евра; на Пониква ќе се гради сноуборд патека во износ од 1 милион евра и ќе се прави барокна фасада на административна зграда. Ако овие проекти треба да ги финансира АД МЕПСО, а од друга страна се задолжува со кредит од 25 милиони евра се става под сомнение оправданоста од ваквото задолжување. Бидејќи основната дејност на АД МЕПСО е да обезбеди квалитетен пренос на електрична енергија, се поставува прашањето зошто оваа компанија би влегла во неведените проекти.[87] Оправдувањето одеше во насока на тоа дека компанијата прави проекти кои што се од општествен интерес и во интерес на граѓаните иако нејасно е како фасада може да биде од интерес за даночните обврзници поготово што нема објавено пресметки колку е исплатлива целата таа реконструкција и колку е енергетски ефикасна. Друга забелешка е што ваквите проекти надвор од делокругот на работата на компанијата не можат да се најдат во годишните извештаи, за кои според начелата на транспарентно и отечтно работење би требало да бидат претставени во посебно поглавје. [88]

> Нетранспарентни финансиски извештаи, неможност за преземање на содржина од извештаите што ја намалува нивната достапност, извештаи за планирано остварено нема, како и ревизорски извештаи надворешни и внатрешни. Последен објавен извештај е за 2012 година и ништо потоа.

Понатаму проблем е и тешкото доаѓање до одредени инфорамции. Па така во погорниот Извештај од Собраниската комисија стои дека Директорот на АД МЕПСО изјавил: "Од 2009 година до денес АД МЕПСО има реализирани проекти во вкупна вредност од 35 милиони евра, а сопственото учество во тие проекти е околу 14 милиони евра. До крајот на 2017 година со Акциониот план АД МЕПСО планира да финансира проекти од вкупно 154.096.000 евра, во кои сопственото учество ќе изнесува 62.787.000 евра.„[89] Меѓутоа кога посочениот Акционен план беше побаран за потребите на ова истражување со помош на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, беше соопштено дека МЕПСО не изготвува никакви акциони планови. Можна е забуна околу тоа што различни заинтересирани страни од различни сектори подразбираат под Акционен план, сепак проблем е кога постојат нејаснотии околу тоа, зошто некаде е споменат, а го нема како официјален извор. Ова е проблематично пред се' затоа што е тешко на заинтересирани страни надвор од компанијата на едноставен начин да им се овозможи увид во тоа што компанијата планира да работи, како ги троши парите и на кои проекти, што е остварено и

[86] Овој проект ќе се реализира со средства од заем од ЕБОР за кои Република Македонија нема да издаде државна гаранција. Правата и обврските на АД МЕПСО се дефинирани во Договорот за заем кој ќе биде потпишан од страна на АД МЕПСО. Датумот на затварање на проектот е 4 години од датумот на потпишување на Договорот за заем. – од Извештајот на Комисијата за буџет и финансирање.

[87] Извештај на Комисијата за финансирање и буџет, 30.11.2013.

[88] Ибид.,

[89] Ибид.,

што не е и кои се причините за тоа, со што изготвувањето на независна, експертска анализа за работењето на целокупниот енергетски сектор секогаш ќе биде нецелосна.

Останати проблеми поврзани со МЕПСО, кои диркетно не се врзуваат со трошењето на пари, но се дел од транспарентното владеење, се проблемите за кој известува Енергетската заедница. Па така Енргетската заедница во својот последен извештај, под поглавјето Отворени прекршочни случаи [90] го посочи случајот со (не)усвојувањето на заеднички координиран метод за менаџмент на застој како и процедура за алокација на капацитет на пазарот, од страна на МЕПСО.

"На 20 јануари 2011 година, Секретаријатот испрати отворено писмо до Република Македонија во врска со случајот ECS-4/11. Секретаријатот е загрижен дека МЕПСО се'уште нема усвоено заеднички координиран метод за менаџмент на застој (common coordinated congestion management), како и процедура за алокација на капацитет на пазарот, што треба да се направи во согласност со обврската што произлезе од Одлуката на Министерскиот совет од 2008 година. На Форумот во Атина јуни 2014 година, беше кажано дека "Форумот изрази загриженост поради неучеството на мрежните оператори на ... Република Македонија ... што како поделена одлука ја минира ефективноста на проектот SEE CAO[91], се коси со обврските преземени со Договорот за Енергетската заедница и ја игнорира претстојната хармонизација со напредните правила за тргување на ЕУ. Форумот го кани операторот на преносниот систем на РМ ... да му презентира на Секретаријатот, до крајот на јули 2014, патоказ со конкретни акции и рокови за учество во било кое регионално тело што врши долгорочна распределба на капацитетите. Во спротивно, Форумот го повикува Секретаријатот да земе во предвид мерки, вклучувајќи и повторно отворање на прекршочни постапки против ... РМ за да се оствари механизмот за напредно тргување (forward trading mechanism) што го опфаќа SEE CAO најдоцна до 1 декември 2014 година. " Секретаријатот во моментов се подготвува за образложено мислење за овој случај.„ [92]

Тука е нејасно е зошто македонската јавност не е запознаена со овој случај каде МЕПСО веќе 3 години поради некои причини не се приклучува на проектот SEE CAO со останатите оператори на преносни системи од регионот, поготово што таа обврска произлегува со самото членување во Енергетската заедница. Особено проблематичен е фактот што Секретаријатот на Енергетската заедница го истакнува овој проблем со уште два други проблема за кои разгледува мислење за покренување постапки против Македонија[93], и ако на нив се додаде и четвртиот случај со одложувањето на либерализацијата на пазарот на енергетика, ситуацијата станува критична. Направената анализа посочува дека Македонија назадува во исполнувањето на обврските преземени со членувањето во Енергетската заедница што е многу загрижувачки особено што декларативно енергетските власти секогаш биле за целосно почитување на тие обврски. Ситуацијата на теренот покажува нешто сосем друго, и АД МЕПСО е само дел од тој мозаик.

Иако АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО функционираат по принцип на напалаќање на услугите кои ги нудат, сепак тоа што се двете најважни државни компании во енергетскиот сектор ги прави ранливи на негативно влијание доколку законите не се доволно јасни или доволно спроведливи. Ова посебно се однесува

[90] Annual Implementation Report, 2013/2014, Energy Community Secretariat, страна 106.
[91] SEE CEO или Coordianted Action Office of South East Europe е аукциска мрежа за тргување со струја на Југоисточна Еворпа во која Македонија за сега не е. Линк до официјалната интернет страна: http://www.seecao.com/
[92] Annual Implementation Report, 2013/2014, Energy Community Secretariat, страна 106.
[93] Другите два случаи се: непочитување на директивата за сулфур во горива, и неусвојувањето на Националниот Акционен план за обновливи извори. Извор: Annual Implementation Report, 2013/2014, Energy Community Secretariat, страна 106.

на таканаречната "скриена државна помош„ или помош која не е доделена по прописи, јавно и траснпарентно што веќе беше посочено и од самата Европска комисија.[94] Ова секако се поклопува со наодите погоре за расправите за двата заема за МЕПСО и ЕЛЕМ и дали и колку се трошат домаќински парите кои државата ги позајмува од странски извори, а кои подоцна ќе мора да ги враќаат граѓаните на Македонија.

Позитивни искуства од Словенија и Хрватска

И во Словенија и Хрватска, енергетските компании во државна сопственост се обврзани да работат транспарентно, и согласно воспоставените законски норми редовно да ги известуваат надлежните државни институции и јавноста за реализираните активности, планираните проекти и финансиското работење. Во овој дел се дадени примерите на компаниите за производство и пренос на електрична енергија во овие две земји.

1. Словенија

ЕЛЕС (Electricity Transmission System Operator) е операторот за пренос на електрична енергија во Словенија.[95] Основач и единствен сопственик на компанијата е Република Словенија. Мисијата на ЕЛЕС е да обезбеди сигурен, непрекинат и квалитетен пренос на електрична енергија до крајните потрошувачи во Словенија и низ Европа. Во својата работа ЕЛЕС применува имплементација на технички решенија паралелно со трансфер на know-how во менаџирањето на компексни системи, а се со цел развој на одржливи и напредни технонологии. ЕЛЕС е партнер со Европската мрежа на преносни системи (ENTSO-E).

ЕЛЕС претставува компанија која е општествено одговорна и која се грижи за заштита на животната средина. Компанијата вложува и ги поддржува своите вработени (529 вработени) преку инвестирање во нивното образование и дообразование.

Транспарентност

Годишни извештаи[96]

Транспарентноста во работата ЕЛЕС ја обебедува преку објавување на редовни Годишни извештаи за активностите, резултатите и буџетските параметри за претходната година. На веб страната на ЕЛЕС се објавени сите годишни извештаи од 1999 година до денес. Притоа извештаите се презентирани компаративно за тековната и претхдната година (Слика 1), и содржат информации и податоци за:

- Главните активности за тековната година и целите за следната,
- Технички податоци за извршениот пренос на електрична енергија, како и за одржувањето на преносната мрежа и нејзиниот понатамошен развој,
- Пресметка на ризици, вложувања во истражување и развој,
- Финансиски извештај споредбено со годината претходно
  - Биланс на состојба - промени во вредноста на долготрајните и краткотрајните средства на компанијата, и обврските;
  - Биланс на успех – приходи од работењето, оперативни трошоци, и заработка;

[94] Извештај за напредокот на Македонија 2014 http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-strategy-paper_en.pdf


[95] http://www.eles.si/en/the-company.aspx

[96] Пример на Годишни извештаи на ЕЛЕС за 2013 и 2012 година, соодветно: http://www.eles.si/en/files/eles/userfiles/ANG/About_ELES/Annual_reports/Annual%20report%202013.pdf и http://www.eles.si/en/files/eles/userfiles/ANG/About_ELES/Annual_reports/Eles_Letno_porocilo_2012_ENG.pdf.

- Извештај за готовинските текови - парични текови од финансиски, оперативни, инвестициски и капитални активности;
- Промена во структурата на капиталот;

- Извештај од независен ревизор – на веродостојноста на внатрешниот финансиски извештај на ЕЛЕС - согласно со словенските стандарди на сметководство.

Слика 9 – Резиме на главни достигнувања



1. *Брошури*

Брошурите кои ги издава ЕЛЕС се кратки документи (до 20 страни) од информативен карактер, на кои податоците се претставени во компаративна перспектива, претставени на пластичен и колоритен начин во табели и графици. Податоците се однесуваат на состојбата на енергетскиот биланс, инсталиран капацитет, годишно, месечно и дневно количество на произведена и потрошена електрична енергија, периоди на најголема дневна неделна и просечна потрошувака на електрична енергија, технички податоци за преносната мрежа (440 и 220 kV), количини на електрична енергија разменета со соседите.[97]

2. *Соработка со медиумите*

Бидејќи ЕЛЕС врши услуги од јавен карактер, доста е важно да компанијата биде поврзана со медиумите и новинарите. Затоа на веб страната на ЕЛЕС има посебен дел за соработка со медиумите, кој се ажурира, и во кој на редовна основа се информираат новинарите за активностите на компанијата.[98]

3. *Соработка со граѓаните*

За да ја донесе работата на ЕЛЕС поблиску до крајните потрошувачи – граѓаните, ЕЛЕС на веб страната ги информира заинтересираните граѓани за карактеристиките на постоечката преносна мрежа, за преносната мрежа во изградба, како и за новите планирани траси на преносна мрежа. Преземените мерки за одржување на далекуводите и трансформаторите исто така се објавуваат на веб страната, а ЕЛЕС ги информира граѓаните за мерките и активностите што ги презема компанијата за заштита на животната средина.[99]

На веб страната на ЕЛЕС достапни се информации за проектите од заеднички интерес на ЕУ во кои компанијата е вклучена, како и европското законодавство кое се однесува на развојот на европските енергетски мрежи (Табела 1).[100]

[9797] Примери за брошури на ЕЛЕС: http://www.eles.si/files/eles/userfiles/porocila/brochures/ELES-LP08_ang_kor5.pdf и http://www.eles.si/files/eles/userfiles/porocila/brochures/ELES-LP07_ang_kor5.pdf

[98] Контакт за медиуми http://www.eles.si/en/media/media-contacts.aspx

[99] Веб страната на ЕЛЕС http://www.eles.si/files/eles/userfiles/ANG/About_ELES/Company_profile/2014/ELES_Company_profile_2013_Ang.pdf.

[100] Веб страна на ЕЛЕС http://www.eles.si/en/for-citizens/planned-transmission-infrastructure.aspx.

Значајни планирани проекти за развој на преносната мрежа:

2x400 kV Beričevo-Krško далновод – пробно пуштање во работа
2x110 kV Gorica-Divača далновод - реконструкција
2x110 kV Brestanica-Hudo далновод- реконструкција
220 kV Šoštanj-Podlog далновод– реконструкција

Согласно со Законот за енергетика и Декретот за методите на имплементација на јавен сервис на операторот за дистрибуција на електричната енергија, ЕЛЕС е обврзана да подготвува планови за развој на преносната мрежа за следната декада, два пати годишно.[101]

4. Соработка со бизнис заедницата

Бизнис заедницата е еден од главните партнери на ЕЛЕС. На веб страната на ЕЛЕС се достапни детални и технички информации кои се од корист за компаниите кои работат на пазарот на дистрибуција и производство на електрична енергија. Притоа ЕЛЕС овозможува пристап до податоци за:

- преку-граничните капацитети за трансфер на електрична енергија;
- функционирањето на преносната мрежа;
- оптоварување на мрежата и производство на електрична енергија;
- планови за развој на преносната мрежа и за пристап до мрежата;
- јавни аукции за купување на електрична енергија;
- јавни тендери и набавки.[102]

Во согласност со законот, ЕЛЕС ја објавува тендерската документација за сите јавни тендери и набавки (скенирани оригинали), превземена од порталот за јавни набавки www.enarocanje.si . Со објавување на тендерската документација на интернет ЕЛЕС сака да привлече поширок спектар на квалитетни и конкурентни понуди, како и да поттикне соработка со нови компании кои претходно не се пријавувале на тендерите. Сите активни и поминати тендери се објавени соодветно на веб страната.[103]

Енергетската компаније **XCE (Holding Slovenske elektrarne d.o.o)** е најголемата словенска компанија за производство и трговија со електрична енергија на пазарот на електрична енергија. Компанијата е групација од хидроелектрани, термоелекрани и нуклеарна централа, кои заедно произведуваат најголем дел од електричната енергија во Словенија. Во исто време ХСЕ е снабдувач со електрична енергија (сигурно и квалитетно) до домашните потрошувачи, но исто така се повеќе се наметнува како достојна конкуренција на европскиот пазар на електрична енергија. ХСЕ освен во Словенија се присутни и на странските пазари, имаат компании, подружници и претставништва во Словенија, Хрватска, Србија, Македонија, Италија, Унгарија, Чешка, Романија и Словачка.[104]

Конкретно ХСЕ групацијата се занимава со следните активности:

- Производство на електрична и топлинска енергија
- Набавка на лигнит
- Продажба и трговија со електрична и топлинска енергија, доставува договори за електрична енергија, купони за емисија на CO_2, RECS сертификати, гаранции за потекло,

[101] Објавен "*The Transmission Network Development Plan in the Republic of Slovenia 2011-2020",* http://www.eles.si/files/eles/userfiles/ANG/For%20Bussines%20Users/Network%20Development/Development%20strategy%20of%20the%20Electrical%20Power%20System%202011-2020.pdf
[102] Повеќе на веб страната на ЕЛЕС http://www.eles.si/en/for-business-users.aspx.
[103] Достапни на http://www.eles.si/en/for-business-users/public-tenders-and-procurement.aspx
[104] Повеќе информации можат да се најдат на официјалната страница на ХСЕ http://www.hse.si/en/company-profile/introduction.

- Оптимизација на производство на HSE група,
- Обезбедување на помошни услуги, потребни за функционирање на енергетскиот систем,
- Управување и имплементација на енергетски и еколошки проекти.

Со воведувањето на "унифициран фронт" на маркетинг пристап и заеднички бренд ,ХСЕ е на пат да стане значаен и сигурен снабдувач со електрична енергија на централно-европскиот пазар. Во исто време, ова гарантира обезбедување на безбедно и сигурно снабдување со електрична енергија за домашните потрошувачи, социјалното осигурување на вработените кои работат во подружниците, како и понатамошен развој на словенечката економија.

Транспарентност

1. *Годишни извештаи*

ХСЕ групацијата редовно ги објавува годишните извештаи за работата на веб страната.[105] Притоа истите содржат:[106]

- Извештај за работата од Надзорниот одбор
  - мислење и надзор над активностите на компанијата и менаџерскиот тим,
  - објавување на надоместоците за работата на Надзорниот одбор и ревизорите (плаќања за присуство, патни трошоци бонуси)
  - алокација на остварен профит,
  - информација за акционерскиот капитал,
  - производство на електрична енергија и трговија во рамките на ХСЕ групацијата,

- Извештај за бизнис активностите
  - имплементација на стратешките и бизнис политики,
  - политиката на менаџирање,
  - условите на пазарот и позицијата на компанијата на пазарот на енергија,
  - проиводството на електрична и топлинска енергија од компаниите во ХЕС групацијата,
  - информации за продажбата и клиентите,
  - вредноста на средствата и вкупен капитал, како и оперативни резултати,
  - Група компании во 2013 година,
  - нови инвестиции,
  - менаџмент на ризици,
  - вложување во R&D (истражување и развој),

- Извештај за социјалната одговорност на компанијата
  - информации за структурата и обраованието на вработените – дома и во странство,
  - одговорност за заштита на животната средина,

- Финансиски извештај на ХСЕ компанијата и групацијата
  - извештај од независна ревизорска компанија,
  - извештај за финансиската состојба споредбено со годината претходно, кој вклучува:
    1. Биланс на состојба - промени во вредноста на долготрајните и краткотрајните средства на компанијата, и извори на капитал;
    2. Биланс на успех - приходи од работењето, оперативни трошоци, заработка/загуба;
    3. Останата сеопфатна добивка;

[105] Веб страната со објавени годишни извештаи на ХСЕ http://www.hse.si/en/publications/annual-reports

[106] Пример за Годишните извештаи на ХСЕ http://www.hse.si/en/files/default/letna-porocila/en/HSE2013-annual-report.pdf

4. Готовински текови – парични текови од оперативни активности, инвестициски и финансиски;
5. Промена во структурата на капиталот.

2. *Јавни набавки*

Информациите и документацијата за јавните набавки се објавуваат на посебен дел на веб страната на ХСЕ.[107]

Поблиску со граѓаните

Заради приближување на работата на ХСЕ поблиску до финалните потрошувачи и граѓаните, веб страната на ХСЕ на интерактивен начин (timeline) овозможува запознавање со историјатот на компанијата и најважните моменти за развојот на истата - http://www.hse.si/en/company-profile/zgodovina-druzbe (Слика 2).

Слика 10



Покрај тоа, на веб страната се достапни информации за планираните равојни активности и нови проекти (Табела 2). ХСЕ групацијата, во согласност со долгорочната стратегија, извршува бројни активности за поддршка на инвестициски проекти во областа на производството на енергија - модернизација на постојните термо електрични централи и хидроцентрали, и изградба на нови енергетски капацитети. Извршувањето на развојните активности на ХСЕ ги следат директивите на домашната и европската енергетска политика, согласно критериумите за долгорочен развој. Зајакнувањето на регионалната соработка во областа на производство на енергија е исто така од стратегиска важност за ХСЕ, која се стреми за проширување кон пазарите во југоисточна Европа, како една од нејзините стратешки цели.

Во согласност со европската енергетска политика, ХСЕ ги следи целите:

- Зголемување на уделот на обновливите извори на енергија,
- Примена на нови технологии со употреба на фосилни горива,
- Намалување на емисиите на стакленички гасови,
- Зголемување на енергетската ефикасност,
- Привлекување на странски инвестиции.

[107] Веб страната на ХСЕ за објавување на јавни набавки http://www.hse.si/en/public-procurement.

Табела 4[108]

Проект	Инвеститор
Конструкција на ХЕЦ на средина на реката Сава	ХСЕ д.о.о.
Конструкција на ХЕЦ на долниот дел на реката Сава	ХСЕ, ХЕСС, ДЕМ, СЕНГ, ТЕБ во ГЕН енергија
Блок 6	Термоцентрала Шоштањ
ХЕЦ Козјак	Дравска електрана Марибор
Модернизација на опрема за ископување	Јагленокоп Велење
Станица за пренос на јаглен	ТЕЦ Трбовље

Специфика на словенскиот енергетски сектор е производството на електрична енергија од нуклеарна енергија. **Нуклеарната централа Кршко** е е во функција повеќе од триесет години.[109]

Со оглед на специфичноста на иворот на енергијата и неговите последици врз околината и здравјето на луѓето, компанијата редовно ја информира јавноста за сите техничко технолошки промени, стратегијата на компанијата и секојдневните активности. Компанијата гарантира високо ниво на нуклеарна безбедност, стабилност и конкурентност на производство на електрична енергија во споредба со другите извори на енергија и се стреми кон јавна прифатливост на нивната работа. Имаат формирано квалификуван тим кој врз основа на know-how, континуирана обука, сигурна работа и оперативна ефикасност, го исполнува планот за работа и обезбедува континуирано и сигурно производство на електрична енергија.

Јавно достапни се годишните извештаи (од 2004 до денес), кои содржат информации за:[110]

- Влијанието на нуклеарната централа врз животната средина
- Активностите кои се превземаат за одржување и подобрување на високо ниво на нуклеарна безбедност
- Перформанси
- Меѓународна соработка
- Обуки и информации за вработените
- Преглед на финансиската состојба – Извештај на независен ревизор (потврда), извештај за состојбата со средствата (моментални, долгорочни), промени и последна состојба во акционерскиот капитал и обврските, трансфер на парични средства и финансиски резултати.

За заинтересираната јавност дозволени се организирани посети на нуклеарната централа.

[108] Листа на проекти достапна на веб страната http://www.hse.si/en/projects.
[109] Веб страната на НЦ Кршко http://www.nek.si/en/.
[110] Пример за извештаи на НЦ Кршко http://www.nek.si/uploads/documents/LP_ANG_2013.pdf.

2. Хрватска

Хрватскиот оператор на преносниот систем (ХОПС) е единствениот оператор на преносниот систем на електрична енергија во Хрватска, надлежен за пренос на електричната енергија произведена во Хрватска или увезена од другите земји за хрватските потрошувачи, како и за транзит на електрична енергија низ хрватската преносна мрежа. Покрај тоа ХОПС е задолжен и за одржување на преносната мрежа (400 kV, 220kV and 110kV напонски мрежи), како и развој и изградба на нови линии за пренос на електричната енергија во земјата и за прекугранично пренос.[111]

ХЕП-ОПС е формиран во 2005 година, со реформите во Хрватскиот енергетски сектор за одделување (unbundling) на производството, преносот и дистрибуцијата на електрична енергија, при што хрватската енергетска компанија ХЕП (Хрватска електропривреда) беше реструктуирана и поделена. Од 2013 година ХЕП-ОПС работи како засебна компанија и правно лице под ново име ХОПС. ХОПС е независна од енергетските дејности на производството и снабдување со електрична енергија.

ХОПС врши 1) координација помеѓу потрошувачката на електрична енергија и планирањето на производството; 2) координација меѓу увозот, извозот и други форми на размена на електрична енергија; 3) балансирање на екстремно производство и пренос на електрична енергија и координира снабдување со електрична енергија на потрошувачите. ХОПС гарантира и обезбедува системски и дополнителни услуги, подготвува извештаи и архиви на податоци за управување со системот, и прави анализа на перформансите на хрватскиот енергетски систем.

Хрватскиот оператор на преносниот систем работи согласно хрватските и европски законски акти, и во согласност со условите за отворање и функционирање на пазарот на електрична енергија (Закон за енрегетика и Закон за електрична енергија). Пристапот до и корисењето на преносната мрежа е транспаренен, објективен и недискриминирачки. Пазарот е целосно либерализиран од 01 јули 2008 година.

Деловната активност на ХОПС за пренос на електрична енергија вклучува (меѓу останатото) и:

- безбедност на снабдувањето со енергија, преку обезбедување на соодветен преносен капацитет и сигурност на преносната мрежа,
- користење на интерконектори со други мрежи врз основа на критериуми кои се објективни, јавно достапни и недискриминаторски применети,
- обезбедување на енергија за покривање на загубите на пренос, како и енергија за балансирање, врз основа на транспарентни, недискриминаторни и пазарни принципи,
- управување со загубите во мрежата,
- обезбедување на недискриминација кон преносната мрежа корисници, особено за компании во рамките на вертикално интегрираното претпријатие,
- обезбедување на информации до корисниците на мрежата за нивен пристап до мрежата и ефикасно користење на истата,
- континуитет и сигурност на снабдувањето со електрична енергија систем и соодветна координација меѓу производство, пренос и дистрибуција на системи,
- обезбедување на пристап до преносната мрежа според регулирани, транспарентни и недискриминаторски принципи,
- преземање на вкупниот износ на електрична енергија произведена од повластените производители,
- одржување на квалитет на електрична енергија параметри,
- алокација на прекугранични капацитети за пренос.

[111] Веб страната на ХОПС http://www.hops.hr/wps/portal/en/web/about.


Транспарентност

Согласно со Законот за пазарот на електрична енергија, ХОПС работи врз принципите на транспарентност и не-дискиминација. ХОПС врши пренос на електрична енергија на транспарентен, објективен и недискриминаторски начин, обезбедувајќи еднакви услови за сите учесници на пазарот. Притоа, ХОПС е задолжен да усвои Програма за апликација на овие принципи во своето работење, и имплементацијата на истата да поднесе извештај до хрватската регулаторна агенција за енергија (ХЕРА), кој го објавува на веб страната. ХЕРА исто така остварува надзор на бизнис активностите на ХОПС, кој има обврска за барање на согласност од ХЕРА за одредени активности.

Според Законот за пазарот на електрична енергија, во својата организиација и во донесувањето на одлуки ХОПС е независен од операторот на дистрибутивниот систем и од компаниите во рамките на и надвор од ХЕП група, кои вршат активности за производство и снабдување со електрична енергија. Притоа преку објавување на извештаи за работата и брошури за активностите, ХОПС континуирано обезбедува навремено информирање на учесниците на пазарот за сите деловни активности, директно или на својата веб страница.[112]

- Основни податоци за работењето – на техничко ниво[113]

На веб страната на ХОПС се објавени кратки документи од технички каракетер "Основни податоци за работењето„ (Basic preliminary data), во компаративна перспектива - годишна побарувачка на енергија, оптеретување на системот, производство на елетрична енергија во Хрватска на годишно ниво и според изворот на енергија, технички губитоци во преносната мрежа, годишно количество на прекугранична размена на електрична енергија.



Слика 11

На веб страната на ХОПС се објавени и кратки документи од технички каракетер "Основни податоци за работењето„ (Basic preliminary data), во компаративна перспектива - годишна побарувачка на енергија, оптеретување на системот, производство на елетрична енергија во Хрватска на годишно ниво и според изворот на енергија, технички губитоци во преносната мрежа, годишно количество на прекугранична размена на електрична енергија.

И покрај оправданата корисност од овој вид на публикации, ХОПС ги има објавено истите само за определен број на години (2009-2012).

- Годишен извештај[114]

Годишните извештаи за работата на ХОПС содржат: 1) Извештај за кадровската екипираност, 2) Финансиски извештај за бизнис активностите – имот, капитал и обврски, биланс на успех, 3) Состојбата на електроенергетскиот преносен систем, 4) Податоци за одржување на преносниот систем, 5) Развојни проекти за изградба и реконстуција на преносната мрежа, 6) Меѓуинституционална и меѓународна соработка, 7)

[112] Некои од публикациииите достапни на http://www.hops.hr/wps/portal/hr/web/dokumenti/publikacije.
[113] Пример http://www.hops.hr/wps/wcm/connect/64cd453e-fb99-4a49-8fe7-82976f6d244b/HEES_preliminarni_podaci_2012_v2.pdf?MOD=AJPERES
[114] Пример за објавен годишен извештај на ХОПС http://www.hops.hr/wps/wcm/connect/1191f4ba-9073-4553-b0a4-52f20dda54de/GI_2008.pdf?MOD=AJPERES.

Поддршка за функционирање на пазарот на електрична енергија, 8) Активности за развој на преносната мрежа и интеграцијата на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија во мрежата, 9) Заштита на животната средина.

На веб страната се достапни само неколку извештаи (за 2006, 2007 и 2008 година), а изостануваат последните извештаи, што го доведува во прашање критериумот на транспареност во работата на ХОПС.

Јавни набавки

На веб страната на ХОПС се објавуваат информации за постапката на јавните набавки, кои содржат податоци за начинот на аплицирање, датумот на објавување на тендерот, и потребните формулари од тендерската документација.[115]

Покрај тоа, ХОПС објавува и регистар на договори за јавни набавки[116] и регистар на рамковни спогодби[117] (од 2011 до 2014) во согласност со Законот за јавни набавки.[118]

Производството на електрична енергија во Хрватска е во надлежност на националната компанија **ХЕП (Хрватска електропривреда).** ХЕП групацијата опфаќа компании кои се занимаваат и со снабдување и дистрибуција на електрична енергија.[119]

ХЕП групацијата има 4000 MW инсталиран капацитет за производство на електрична енергија и 974 MW за производство на топлина. Во состав на ХЕП Производство се наоѓаат 25 хидроцентрали и осум термоцентрали, кои како гориво користат мазут, природен гас и јаглен. Некои од нив имаат комбинирано производство на електрична и топлинска енергија (централизиран систем за греење во Загреб и Осиек).

Освен ХЕП Производство, во ХЕП групацијата и неколку други компании се занимаваат со производство на електрична енергија и тоа ТЦ Пломин и ТЦ RWE Power, ХЕП Обновливи извори на енергија, како и нулеарната централа Кршко во Словенија, во која ХЕП е ко-сопственик.

ХЕП снабдува повеќе од 2,3 милиони корисници. За снабдување на тарифните потрошувачи е задолжен ХЕП Операторот на дистибутивниот систем, а за снабдување на квалификуваните потрошувачи тоа го прави компанијата ХЕП Снабдување, која за натпреварува со останатите снабдувачи на електрична енергија на либерализираниот пазар на електрична енергија.

Други енергетски дејности

***ХЕП Трејд** вршат купување и продажба на електрична енергија, оптимизација на електрани и тргување посредување во домашниот и странските пазари.*

[115] Портал каде се објавуваат јавните набавки на ХОПС http://www.hops.hr/wps/portal/hr/web/nabava/postupci-javne-nabave.
[116] Пример за регистар на договори за јавни набавки на ХОПС за 2011 година http://www.hops.hr/wps/wcm/connect/bebc815e-6a9d-4028-ad07-590a22f88e98/Pregled+sklopljenih+ugovora+2011.pdf?MOD=AJPERES.
[117] Пример за преглед на рамковни спогодби на ХОПС за 2014 година http://www.hops.hr/wps/wcm/connect/1874647c-fa5e-4362-b74b-40e0a83aa7f9/Pregled+sklopljenih+OS+2014.pdf?MOD=AJPERES
[118] Архива достапна на http://www.hops.hr/wps/portal/hr/web/nabava/registar.
[119] http://www.hep.hr/hep/grupa/shema.aspx.

ХЕП Греење *се занимава со производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, во градовите Загреб, Осиек и Сисак и во дел од Загребскиот жупански.*

ХЕП Гас *доставува природен гас до потрошувачите.*

НЕР ЕСКО *е компанија која нуди енергетски услуги, се развива, спроведува и финансира проекти за енергетска ефикасност на пазарот со седиште.*

Транспарентност

ХЕП групацијата е доста транспарентна во однос на своите активности и на веб страната објавува информации достапни за потенцијални и идни инвеститори и заинтересираната јавност.

1) Финансиски извештаи со извештај на независен ревизор – кои се објавуваат во континуитет од 2008 година, а кои содржат:
   - Одговорност за консолидираните финансиски извештаи
   - Консолидираниот извештај за сеопфатна добивка
   - Биланс на состојба / Консолидиран извештај за финансиската состојба
   - Консолидиран извештај за промените во капиталот
   - Консолидираниот извештај за паричните текови
   - Белешки кон консолидираните финансиски извештаи

2) Power Point презентации – со резиме на финансиската состојба

3) ХЕП Весник од информативен карактер - архива од 2000 година[120]

4) Научно списание „Енергија„ – архива од 2001 година[121]

5) Годишни извештаи за работата на ХЕП групацијата, кои го содржат и консолидираниот финанскиски ивештај – архива од 2008 година[122]
   - Мисија, визија и основни вредности
   - ХЕП група
   - Правна рамка
   - Развојни цели, проекти во тек и планирани
   - Членство во меѓународни организации
   - Корпоративно управување
   - Ревизија
   - Работење во 2013 година – параметри за произведена електрична енергија
   - Финансиските резултати
   - Резултатите од активностите
   - Финансиската состојба
   - Инвестиции
   - Основни принципи во односите со засегнатите страни
   - Анти-корупциска програма

[120] Објавена архива на публикации на ХЕП http://www.hep.hr/hep/publikacije/vjesnikArhiva.aspx
[121] http://www.hep.hr/hep/publikacije/energijaArhiva.aspx.
[122] Пример - годишниот извештај на ХЕП за 2013 година
http://www.hep.hr/hep/publikacije/godisnje/2013godisnje.pdf.

- Вработените и клиентите
- Донации
- Одржлив развој, политика и организација на природата и животната средина
- Најважни достигнувања за годината

6) Годишни извештаи за одржлив развој и заштита на животната средина – архива од 2003 година.[123]

Јавни набавки

На веб страната на ХЕП се објавуваат огласите за јавни набавки, преглед на склучени договори и нивното извршување.[124]

Споредбена табела

	Транспарентност – Отчет	**Финансиска транспарентност**	**Соработка со јавноста**	**Јавни набавки**
Производство на електрична енергија				
Македонија	**ДА** - Објавени годишни извештаи од 2002-2012 год.	**ДЕЛУМНО** - Објавени финансиски извештаи од 2002-2012 год - Нема објавено ревизорски извештаи. - Објавени наративни инвестициски вложувања од 2009 до 2014.	**ДЕЛУМНО** - Посебен дел на веб страна за односи со медиуми/прес центар. - Нема посебен контакт за медиуми. - Има општа е-форма за абелешки и коментари.	**НЕ** **-** Нема објаено тендери за јавни набавки на веб страна.
Словенија	**ДА** - Објавени годишни Извештаи од 2002 год до денес, компаративни по години	**ДА** - Објавени финансиски извештаи со неависен ревизорски извештај, од 2002 до денес.	**ДА** **-** Посебен дел Медиа центар на веб страна **-** Јавно достапни информации за планираните развојни активности и нови проекти	**ДА** - Информациите и документацијата за јавните набавки се објавуваат на посебен дел на веб страната
Хрватска	**ДА** - Објавени годишни извештаи за работата од	**ДА** - Објавени финансиски извештаи со	**ДА** - Посебен дел за медиуми на веб страна и посебен	**ДА** - Објавени огласите за јавни набавки, преглед на склучени договори и

[123] Објавени публикации за заштита на животната средина на веб страната на ХЕП http://www.hep.hr/hep/publikacije/okolis/default.aspx.

[124] Портал на ХЕП на кој се објавуваат огласи за јавни набавки http://www.hep.hr/hep/oglasi/nadmetanja.aspx.

	2008 год. до денес - Годишни извештаи за одржлив развој и заштита на животната средина (архива од 2003 год.)	извештај на независен ревизор (во континуитет од 2008 год.)	контакт за медиуми	нивното извршување
	Транспарентност – Отчет	**Финансиска транспарентност**	**Соработка со јавноста**	**Јавни набавки**
Пренос на електрична енергија				
Македонија	**ДЕЛУМНО** - Објавени годишните извештаи од 2008 до 2012 год - Биланс на електроенергетски от систем (само за 2012 год)	**ДЕЛУМНО** - Објавени финансиските извештаи од 2008 до 2013 год. - Нема објавено ревизорски извештаи	**НЕ** - На веб страна нема објавено контакт за медиуми - Ограни	**ДЕЛУМНО** - Архива на објавени тендери на јавни набавки за 2013 и 2014 год.
Словенија	**ДА** - Објавени сите годишни извештаи од 1999 година до денес, во компаративна перспектива	**ДА** - Објавени финансиските и ревизорските извештаи (независен ревизор) од 1999 год до денес.	**ДА** - Посебен дел на веб страната за соработка со медиумите. - Инфо на веб страната до граѓаните и бизнис заедницата за работата на системот и планирани проекти.	**ДА** - Објавена тендерската документација за сите јавни тендери и набавки и сите активни и поминати тендери
Хрватска	**ДЕЛУМНО** - Објавени годишни ивештаи само за неколку години (2006, 2007 и 2008) - Обврсата за објавување на извештајот кој се поднесува до ХЕРА не е запазена	**ДЕЛУМНО** - Годишните ивештаи содржат и Финансиски извештај за бизнис активностите, но лимитирано само за 2006,2007 и 2008 година	**ДА** - Архива на вести за 2012, 2013 2014 - Посебен контакт за медиуми	**ДА** - Податоци за начинот на аплицирање, датумот на објавување на тендерот, потребните формулари од тендерската документација). - Регистар на договори за јавни набавки и на рамковни спогодби.

Проблеми при финансирањето и трошењето на парите во македонскиот енергетски сектор

Во овој дел ќе бидат презентирани 3 студии на случај, од енергетскиот сектор каде што ќе се презентираат наоди за воочено неправилно и/или незаконско работење, од што подоцна ќе произлезат препораки за како таквото однесување во иднина да биде препознаено и спречено, или пак на кој начин можат да се применат ефективни мерки против прекршителите.

1. Наодите од ДЗР за доделените концесии за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроцентрали[125]

Овој дел ќе ги презентира наодите од заклучокот по извршената ревизија на успешност која се однесува на активностите поврзани со оценка на ризиците и можностите за подобрување на ефикасноста во вршењето на работите и услугите од доделените концесии за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи. Периодот опфатен е 2007-2012 година во кој преку МЕ се реализирани 5 постапки за доделување концесија и врз основа на тоа досега се склучени 70 договори за концесија со вкупна инвестициона вредност од 108,25 милиони евра. Дефинирани цели на ревизијата се да утврди дали се запазени роковите утврдени во склучените договори за концесија за вода за изградба мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија (дали нивната изградба се реализира според предвидената динамика, да бидат завршени најдоцна во рок од 3 години како и динамичниот план за изградба кој е составен дел од договорот) и дали концесионерот има започнато со комерцијална работа и производство на електрична енергија во согласност со зададените технички карактеристики.

Ревизијата утврдила дека:

- Нема услови за промоција на јавно приватно партнерство поради тоа што советот за јавно приватно партнерство пропишан со Законот за концесии и други видови јпп не е формиран;
- Постапките за доделување концесии биле реализирани без студија за концесиски проект;
- Сите доделени концесии се без проценета максимална вредност на концесијата;
- До декември 2011 водењето на регистар за доделени договори за концесии било обврска на Министерството за финансии и тоа до сега не било спроведено. Од јануари 2012 водењето регистар е обврска на Министерство за економија;
- Концесионерите не ја применувале законската обврска за прв технички преглед на опремата пред пуштање во производвство на малите хидроелектрични централи;
- Постои поголем застој во отпочнувањето со изградба на објектите во рок од една година од датумот на потпишување на договорите бидејќи концесионерите најчесто не успеваат да ги обезбедат сите потребни согласности и дозволи за добивање одобрение за градба;
- Концесионерите се соочуваат со големи проблеми при решавање на имотно правните односи;
- Надзорот од комисијата за вршење надзор над начинот на вршење на концесиска дејност се врши записнички само во крајната фаза кога објектот е целосно изграден.

Ревизијата исто така обледодени дека не е обезбеден доволен и ефикасен систем на контрола на сите фази на изградба на малите хидроелектрани посебно во општините. Понатаму, прашањата кои ги покрива овој извештај без презентирани и дискутирани со инволвираните институции. Нивните забелешки не содржат елементи за измена или дополнување на извештајот поради тоа што истите ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата.

Подрачјата кои покажаа ризици при прелиминарните истражувања се групирани по области во:

- Законска и позаконска регулатива

[125] Конечен извештај на државниот ревизор, бр. 17-149/1, 23.01.2013 година.

- Во Законот за концесија и други видови на јавно приватно партнерство предвидено е основање на Совет за концесија и ЈПП. Констатирано е дека советот не е формиран, поради што наведените активности не се реализирани и претставуваат причина за немање на иницијатива за изработка на наведената стратегија;
- Согласно член 27 од Законот за концесии и други видови на ЈПП, предлогот за започнување на постапка за доделување концесија треба да содржи и Студија за концесиски проект (опис на студијата и што треба да содржи на стр 18 од извештајот – забелешка на авторот). Постапките за доделување на концесии за изградба на мали хидроцентрали биле спроведени без студија и од тие прчини на дел од доделените локации се јавуваат проблеми;
- И покрај постоење на законска обврска (член 30- проценета вредност на концесијата), сите доделени концесии биле без проценета максимална вредност на концесијата. Методологијата за пресметување проценета вредност е донесена ненавремено и со тоа не е исполнета законската обврска (опис на како се пресметува максимална вредност по методологијата на стр 20-21 од извештајот – забелешка на авторот);
- Министерствата за финансии и за економија немаат отпочнато со водење на регистар на доделени додоговри за концесии како ни регистар за доделени договори за ЈПП. Ова не овозможува комплетен увид за сите склучени договори;
- Петте изградени хидроцентали кои се пуштени во употреба се без решение за ставање на техничката опрема во употреба како што би требало според Законот за техничка инспекција.

- Договори за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија:
  - Постои голем застој во реализација на договорите. Незапазување на рокот за започнување на изградба е најчесто поради сложена постапка за вадење дозволи, неисполнување на роковите од страна на надлежните институтции и измена на законската регулатива после склучувањето на договорот. Од страна на Комисијата за вршење на надзор над начинот на вршење на концесиската дејност, најголем дел од задоцнувањата не се по вина на Концесионерот. Ревизијата изработи Преглед кој ги содржи причините за пролонгирање на роковите за изградба на МХЕ и тоа од 70 склучени додоговори степенот на целите кои е реализиран е следен:
    - Со првиот меѓународен оглас потпишани се 16 договори за концесија со 5 концесионери од кои само 4 концесионери отпочнале со работа;
    - Со вториот оглас се потпишани 14 договори со 2 концесионери од кои нема ниедна хидроцентала која почнала со работа;
    - Со третиот оглас пак, потпишани се 5 договори со 3 концесионери од кои само 1 концесионер отпочнал со производство на електрична енергија;
    - Со четвртиот оглас потпишани се 12 договори со 5 концесионери и сите се во фаза на добивање на одобрение за градба;
    - Со петиот оглас потпишани се вкупно 23 договори со 11 концесионери и сите се во фаза на проектирање.
  - Концесионерите при решавање на имотно праните односи се соочуваат со немање на релевантни податоци за сопственоста на земјиштето, или со нерешени имотно правни односи. Наведедните проблеми доведуваат до застој и тоа се рефлектира на рокот за изградба на МХЕ;
  - Концедентот има обврска да врши надзор на сите фази од изградба и експлоатација на објектот. МЕ има формирано комисија но таа надзорот го врши само во крајната фаза,

кога објектот е целосно изграден. Ревизијата констатира дека контролата од страна на Комисијата е записничка и само врз основа на приложената документација од страна на концесионерот.

Препораки по утврдената ревизија:

- Владата да преземе активности за основање совет за ЈПП;
- Концедентот да ја применува Уредбата за содржината на физибилити студијата;
- МЕ да отпочне со водење регистар на доделени договори за ЈПП;
- МЕ да донесе Решение за ставање на техничката опрема во употреба донесено од Државниот инспекторат за техничка инспекција;
- Да се поедностават процедурите за обезбедување на потребната документација;
- Постапката за решавање на имотно правни односи да биде со претходно разрешен начин на користење на земјиштето;
- Конедентот т.е. Владата да овласти надлежен орган кој ке врши постојан надзор во текот на сите фази на концесискиот период.

Прашања на неизвесност

- Ревизијата има обврска да укаже дека Концедентот нема обезбедено доволен и целосен и ефикасен систем на контрола на сите фази на изградба на малите хидроцентали. Ревизијата препорачува во програмата за работа на инспекциските служби, посебно во општините, да се планираат редовни инспекциски надзори над сите објекти кои се во фаза на изградба за да се обезбеди целосен и ефикасен систем на контрола. Општините кои немаат доволно кадар потребно е да склучат договор за меѓусебна општинаска соработка со поголеми општини.

Нема јавно информации ниту кај Министерството за економија ниту кај било која друга институција за тоа дали и кои од погоре утврдените неправилности се веќе санирани, дали има повторување на некои од нив, и дали има некои нови проблеми при давањето на концесии. Уште еднаш, со ова се покажува недостатокот од транспарентност не само при признавањето на недостатоци и неправилности во работењето туку и при нивното јавно прикажување. Како добра пракса би се покажало јавното обелоденување на преземените чекори по наодите од ДЗР со кои што Министерството би покажало дека сериозно ги сфаќа ваквите анализи. Меѓутоа дури и да се случило санирање на последиците, јавноста е спречена во дознавањето за тоа.

2. Случајот со РЕК Битола

Во 2010 година, се обелодени дека полицијата поднела кривични пријави против дванаесет поранешни и тогашни директори и раководители во РЕК Битола, осомничени дека потпишувале фактури со фирми-изведувачи за поголеми суми од договорените. Директорите и останатите лица се товарат дека во 2008 година потпишувале фактури со надворешни фирми-изведувачи за ангажирање работна рака при ремонт на постројките по суми повисоки од проектираните. На овој начин, се исплаќале пари за поголем број на ангажирани работници и работни часа од предвидените. Ваквите дејства биле спротивни на интерните акти донесени во јануари и јуни 2008 година во РЕК Битола. Директорите потпишале 742 фактури повисоки од договорените износи и со ваквите трансакции ја оштетиле компанијата за 7 милиони евра.[126] Веќе на почетокот на 2011 година, дојде до одредена промена при што медиумите известуваа дека за 12 директори на РЕК Битола, осомничени за злоупотреба на службената положба,

[126] Извор: Дневник, прочитан на 15 декември 2014 година.
http://www.dnevnik.mk/?ItemID=11E5F5E4341BA34A9CEAD59982A8001C

се'уште трае неизвесноста дали ќе бидат обвинети или не. Резултатот ќе треба да го даде судското вештачење на предметот што битолската истрага го испратила во Бирото за судски вештачења во Скопје. Истрагата е категорична, 12 директори и раководители во РЕК не може да бидат притворени, бидејќи станува збор за преземање определени истражни дејства, а не барање за истрага. Овие постапки не смеат да се изедначуваат...Во меѓувреме Обвинителството привремено ја отфрли анонимната кривична пријава против Зоран Коњановски, поранешен директор на РЕК, актуелен министер за одбрана, се' додека не заврши вештачењето. Откако ќе заврши вештачењето последниот збор ќе го има Битолското обвинителство. Јавниот обвинител, Петар Аневски, вели дека за предметот „Дванаесет раководители во Битола и за поранешниот директор Коњановски ќе биде одлучувано со една јавна обвинителска одлука. "Според финансиската документација, нема сомневање за прибавување имотна корист за некој од осомничените во одреден износ. Станува збор за евентуално прибавување на некакво право да работат одредени фирми. Доколку се сомневаме дека има одредена имотна корист, ќе поднесеме барање за истрага, а не предлог за определени истражни дејства„, напомнува Аневски.[127].

Меѓутоа, веќе подоцна во септември 2011 година, битолското Јавно обвинителство ја отфрлило кривичната пријава против 12 раководители, бидејќи не станувало збор за кривични дела за кои се гони по службена должност.Од собраните докази и вештачењето од страна на вешти лица од Бирото за судски вештачења прозилегло дека не е направена економска штета за РЕК Битола. Оправданието на РЕК било дека е настанато пречекорување но не биле фиктивни фактури туку изведувачите ги извршиле потребните работи со што е спречено настанување на поголеми штети, а финансиското пречекорување од предвидениот план се случило поради тоа што при ремонтите на блоковите требало да се санираат и претходно непредвидени дефекти.[128]

При доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до Јавното обвинителство и Основниот суд во Битола за најнови информации околу пријавите против 12 раководители на РЕК и пријавата против екс-директорот на РЕК Коњановски, одоговорот од Јавното обинителство беше дека се одбива барањето на Аналитика поради тоа што не можело со точност да се утврди кој го поднел барањето и дека не е наведено за кој период се бара информацијата[129], додека судот одби да даде одговор за 12 раководители бидејќи не бил посочен точниот број на предмет кој би им помогнал да пребаруваат во системот при што требало да се поденесе барање за дополнување на оригиналното барање. Поради физичка спреченост такво барање не беше доставено со што тука заврши комуникацијата со Судот.[130] Сепак, за случајот Коњановски Судот достави информација, која што гласи во

[127] Извор: Нова Македонија, прочитан на 15 декември 2014 година. http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=97331556064E334F91ED877BC224808C

[128] Извор: Вечер, прочитан на 15 декември 2014 година. http://vecer.mk/veshtachenjeto-pokazhalo-ne-e-predizvikana-ekonomska-shteta

[129] Основно Јавно обвинителство, Решение, А бр. 369/14 02.12.2014 Битола. Ова е прв ваков случај, Аналитка низ годините има поднесувано огромен број барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и никогаш не било одбиено барањето со образложение дека не се знае кој го поднесува. Целосното име на организацијата е Здружение за истражување на политики Аналитка – Гостивар, додека седиштето на организацијата е улица Даме Груев 7/8-3 во Скопје. Аналитика на сите барања удира два печата, штембил и печат, става потпис, како и приложува податоци за поднесителот на барањето. Доколку било која институција има проблем да утврди за кого станува збор може, пред да го одбие барањето, да се обрати лично до Аналитика и да ги добие сите потребни податоци и информации за организацијата. Поради ограничено време за истражување, авторот на оваа студија реши да не се жали до второстепената инстанца – Комисјата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер иако го има тоа право, и го задржува правото јавно да обелодени каков одговор добила од Јавното обвинителство Битола и јавно да искаже зошто не се согласува со тоа.

[130] Проблемот тука е ригорозното толкување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде што институциите често одбиваат да произведат информација доколку тоа се побара од нив, и исклучиво одговараат на барања кои се однесуваат на веќе постоечки документи. Ова се случи во неколку наврати од истражувањето со што се отежнува било каква анализа, бидејќи во многу наврати се потребни информации кои не стојат конкретно во некој документ или не се објавени на никаква веб страница, а Законот е единствената алатка на

целост: Против обвинетиот Зоран Коњановски поранешен директор на РЕК Битола, Основниот суд Битола има постапувано по предлогот на ОЈО-Битола КО Бр. 840/10 од 30.12.2010 година за преземање определени истражни дејствија за делото Злоупотреба на службената положба и овластување. Постапувајќи по ваквиот предлог оформен е предметот ОИД бр. 2/11 и откако се преземени потребните дејствија предметот е повторно вратен на постапување пред ОЈО-Битола, до ден денес од нивна страна не е покренато кривично обвинение против лицето Зоран Коњановски за наведеното кривично дело.[131]

Проблемот со овој случај е што, нема доволно независни истражувања дали навистина направените пречекорувања од дури 7 милиони евра се навистина за ремонти на дефекти во РЕК кои не биле приметени или пак станува збор за злоупотреба на службената должност и овластување на осомничените. Ниту пак има анализа на вештачењето на Бирото за судски вештачења, со што евентуално би се смириле сомнежите дека пребрзо е отфрлен случајот или пак би се утврдило евентуална недоследност во самото вештачење. Останува прашањето зошто воопшто дошло до финансиско пречекорување и како тоа да се спречи во иднина, и дали воопшто некој интерно во самата компанија одговарал за превидот по кој дури и надлежните институции биле инволвирани. Јавноста има право да знае што прави РЕК Битола за да спречи вакви инциденти во иднина, и дали воопшто се учи од грешките. Како најголем производител на електрична енергија во државата, РЕК Битола мора да подлежи на ригорозен надзор во своето работење и вакви инциденти би требало да се исклучок, а не правило бидејќи целокупната енергетска безбедност на државата зависи не само од тоа дали ќе се произведе струја туку и дали компанијата работи стрикно во согласност со законите. Негативните последици од неправилното работење на крајот пак ги сносат граѓаните на РМ и оттука и потребите од надоврешен надзор врз работењето на енергетскиот сектор.

3. Трговија со струја

Во претходните глави беше расправано за тоа кои се наодите на Енергетската заедница за дел од регулаторните тела во Македонија кои би требало да ја штитат конкуренцијата и слободата на пазарот на енегетика во Македонија како и со кои закони се регулира трговијата со струја во Македонија и надвор од неа. Оваа појава е се' уште нова, и како земја аспирант за членство во ЕУ, Македонија се обидува да ги следи во чекор и правилата на единствениот енергетски пазар на ЕУ. Проблемите се неизбежни, па така по претходно истражување, како случај кој покрена прашина во енергетиката и за кој известува и самата Енергетска заедница е случајот со наводното картелско здружување во 2012 година.

Студија на случај – картелско здружување и затајување на данок

На 27 март 2012 година Антимонополската комисија (се однесува на КЗК) на Македонија поднесе прекршочни пријави против четири трговци со електрична енергија под сомнение дека го прекршиле законот преку манипулирање со цената на увезената електрична енергија во земјата, во наддавање што се одржа во јануари 2012 година.

Четири компании се вклучени во овој случај "ГЕН – И„, "Руднап груп„, "ЕСПАДА„ и "ЕФТ„ за кои КЗК имала основано сомнение дека креирале картелско здружување, со цел на тендерското наддавање одржано во јануари 2012 за увоз на електрична енергија да ја диктираат цената со што би биле во предност пред другите фирми кои исто така учествувале во ова наддавање.


граѓаните која им стои на располагање. Оттука се појавува дилемата на кој начин да се бараат информации доколку однапред не се достапни доволен број податоци за да се оформи барањето за слободен пристап на начин на кој им одговара на државните институции, особено имајќи го предвид фактот што секоја институција дискрециono одлучува колку "тесно„ ќе го толкува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

[131] Основен суд битола, Предмет: доставување на податоци. Су 03 бр. 1106/14, 25.11.2014 година.

Што се однесува до тоа како е дојдено до оваа пријава и откритие, важно е да се знае дека Владата решава кон крајот на јануари 2012 година да му укаже на ЕЛЕМ, да ја достави на разгледување целата документација за последните две понуди за увоз на електрична енергија за декември 2011 и јануари 2012 година. Комплетната документација од јавната аукција, ЕЛЕМ ја става на располагање на КЗК која подоцна заклучува дека постои основано сомнение дека четирите фирми формирале картелско здружување со цел да спречат други фирми да победат на тендерот. Понудите беа објавени во декември 2011 и јануари 2012 година поради недостиг на електрична енергија во земјата која се случи поради зголемената потрошувачка (многу ниски температури што доведе до тоа да многу домаќинства користат струја за греење.[132]

Интересно е да се истакне дека ова беа единствените вести поврзани со овој случај. Што се однесува до тоа колкав е процентот од пазарот на електрична енергија кои овие трговци со струја го заземале во 2012 година, слика 9[133] јасно прикажува колкав е нивниот удел.

Слика 11



Друг настан веднаш по гореспоментиот проблем беше што тогашниот директор на КЗК Чедомир Краљевски беше разрешен од функцијата во април 2012 година само еден месец по откривањето на

[132] Линкови до вестите поврзани со овоју случај: http://www.mkd.mk/22152/crna-hronika/uvozni-struja-sud-karteli; http://bukvar.mk/news/utvrden-monopol-pri-uvoz-na-struja?newsid=Ovlm;
[133] Извор: Годишен извештај на МЕПСО за 2012 година, http://www.mepso.com.mk/Content_Data/mepso2012/bilans_na_opee.html

овие случаи[134]. Исто така, немаше јавно достапни информации за тоа зошто директорот беше сменет, туку веста беше објавена заедно со веста дека иститот месец Владата направи голема "чистка„ во владините и државните органи наречена "Нов бран„. Оваа смена на кадри беше направена во 22 институтции, агенции итн. додека ниту еден министер не беше сменет.[135]

Друг случај истата година по наводното картелско здружување кое го привлече вниманието на јавноста беше тоа што Царинската управа откри даночно затајување во неколку фирми кои тргуваат со електрична енергија. Ова е соопштението на Царинската управа во целост[136]:

"Во изминатите два месеца, при вршење контроли кај трговци со електрична енергија, Царинската управа кај три фирми – увозници на електрична енергија утврдила големи неправилности, за што се донесени решенија за дополнителна наплата на царински долг во вкупен износ од околу 113 милиони денари (1,8 милиони евра).

Како што соопштуваат од Управата, во првиот случај, трговско друштво од Скопје избегнало плаќање на царински давачки во вкупен износ од околу 79,4 милиони денари. Притоа е констатирано дека за потребите на пријавеното правно лице, во текот 2011 и 2012 година, преку електро – преносниот систем биле испорачани вкупно 154.790 MWh електрична енергија. Утврдено е дека дел од увезената електрична енергија е бесправно отстранета од царински надзор без да бидат платени царински давачки во износ од 71,6 милиони денари. Исто така, пронајдени се и анекси кон генералниот договор за купопродажба на електрична енергија каде единечната цена за MWh по која била купена електричната енергија била значително повисока споредено со единечната цена по која истата била декларирана, па на тој начин избегнато е плаќање на царински давачки во висина од 7.8.милиони денари.

Во вториот случај, соопшуваат од Управата, констатирано е дека трговско друштво од Скопје избегнало плаќање на царински давачки во вкупен износ од околу 30 милиони денари, за што се донесени две решенија за дополнителна наплата на царински долг, додека во третиот случај, донесени се решенија за дополнителна наплата на царински долг износ од 3,5 милиони денари, за електрична енергија за која не се поднесени царински декларации за пуштање во слободен промет и не се платени давачките, а со дополнителна контрола е утврдено дека стоката е пуштена во слободен промет. Царинските измами се откриени при проверка и споредба на количините на оцаринетата електрична енергија во Република Македонија со податоците за количините на увезена, извезена и транзитирана електрична енергија, за период 2010-2012 година.„

Компаниите кои се споменуваат и во двата случаја во периодот од откривањето на случајот па се' до моментот на нивните казни што беа изречени на 27 октомври 2014 година, слободно функционираа и работеа на пазарот на електрична енергија со што се доведува во прашање колку казните или стравот од казните има детерминирачка улога ако се знае дека тие не се стопроцентно ефективни во случаи како горенаведените.

Во врска пак со изречените казни, КЗК после 2 и пол години од откривањето на случајот одлучи и ги пронајде за виновни петте (првично беа четири, петтата компанија ГЕН-И Кршко Словенија е подоцна додадена – забелешка на авторот) компании трговци со струја, со што се казнети со вкупно три милиони евра за нарушување на конкуренцијата на пазарот. "Комисијата утврдила дека компаниите во повеќе наврати меѓусебно си ги договорале цените и количините за продажба на струја и такви понуди доставувале на јавен тендер за набавка на струја за тарифните потрошувачи, на државната ЕЛЕМ. Се работи за компаниите ЕФТ, ЕЗПАДА, РУДНАП, ГЕН-И Скопје и ГЕН-И Кршко, Словенија. Истите

[134] Извор: http://www.kumanovonews.com/vesti/kraljevski-smenet-od-antimonopolska-uprava
[135] Извор: http://www.dnevnik.mk/?ItemID=2D3DDB3AA2D27D4190E621C798F627F7
[136] Извор: http://faktor.mk/archives/8399; http://grid.mk/read/news/102081911/1110346/krivichni-prijavi-za-nelegalen-uvoz-na-struja; http://grid.mk/read/news/102081911/1107851/uvezuvale-struja-ne-plakjale-carina; http://www.utrinski.mk/?ItemID=475EF7362BBFF64FB8CD75FDD7D5A08C

доставувале понуди за продажба на електрична енергија со цени и количини претходно одредени на начин кој им овозможувал да ги делат количините на електрична енергија која требало да се испорача на АД ЕЛЕМ, Скопје и тоа директно преку доставување на понуди и индиректно преку меѓусебно склучување на договори за купопородожба на електрична енергија која била предмет на набавките на АД ЕЛЕМ што имало за цел нарушување на конкуренцијата преку фиксирање на цените и делење на пазарот на набавка на елетрична енергија за тарифните потрошувачи, стои во соопштението од Комисијата. Антимонополската комисија утврдила дека дел од компаниите во 11 наврати од октомври 2011 до февруари 2012 година меѓусебно си ги договарале цените и количините со кои ќе настапат на тендерот, а една компанија во речиси истиот период ваквото договрање го сторила 4 пати.„[137]

Останува да се види дали и на кој начин изрекувањето на казните ќе влијае врз пазарот на електрична енергија, дополнето со одложената либерализација која секако ќе има огромно влијание и врз трговците со струја.

Заклучок

Опсежната анализа во овој документ покажа дека има многу отворени прашања кога станува збор за транспарентноста и отечноста на сите засегнати страни во енергетскиот сектор на Македонија. Предмет на анализата беа државните институции директно инволвирани во енергетскиот сектор како Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика, понатму независниото тело Регулаторна комисија за енергетика, државните компании за производство и пренос на електрична енергија АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО, како и Собранието на РМ и тоа конкретно Комисиите за економски прашања и финансирање и буџет. Во останатиот дел беа земени три студии на случај и тоа Ревизијата на ДЗР на Концесиите со малите хидроцентрали, Случајот со РЕК Битола и наводните фиктивни фактури и Случајот картелско здружување и затајување на даноци кај трговците со струја. Исто така беа посочени и позитивните практики од електро-енергетскиот сектор во Хрватска и Словенија.

Надоврзувајќи се на ова, студијата ја покажа и ја утврди поставената хипотеза дека институциите и компаниите во државна сопственост се доста затворени кога се работи за односи со јавноста, споделување на информации и податоци. Ова е случај особено кога станува збор за финансиското работење, како и тоа дека транспарентноста и отечноста се повеќе исклучок отколку правило во нивното работење.

Како главни прашања за институциите и државните компании, кои остануваат да бидат решени и подобрени според анализата се:

- необјавување годишни програми со финансиски планови;

- необјавување на годишни извештаи со детални финансиски анализи на потрошеното во претходната година;

- необјавување на внатрешни и надворешни ревизорски извештаи;

- проблеми со водењето на сметководствата;

- таму каде што има извештаи – неконзистентност низ годините при известувањето како во формата така и во содржината на извештаите;

- непрецизни закони кои се однесуваат на овој сектор посебно Законот за енергетика како и Законите за државна помош, јавни набавки, заштита на конкуренцијата;

- проблеми со тендерите и јавните набавки т.е. непочитување на пропишаните законски процедури;

[137] Извор: 24 Вести, Глоба од 3 милиони евра за трговци со електрична енергија, http://24vesti.mk/globa-od-3-milioni-evra-za-trgovci-so-elektrichna-energija

- необјавување на дадените тендери како и остварените јавни набавки на своите веб страници;

- непрецизни буџети, кои што исто така не се доволно јасни за поширокатa јавност;

- непроследување на откриени недостатоци во работењето – непознатост што се случува со одредени случаи откако ќе се откријат и упатат до надлежните институции како МВР, Јавно обвинителство, итн;

- предолги процедури откако ќе се утврдат недостатоци во работењето;

- мали казни за тие што ги сториле прекршоците;

- немање законска обврска за постапување по наодите на државниот ревизор;

- нетранспарентна државна помош за енергетските државни компании;

- недоволно известување по медиумите особено за случаите каде што се откриени недостатоци при работењето;

- проблематична (не)зависност на Регулаторната Комисија за енергетика и нејасна позиција во системот на Агенцијата за енергетика;

- недоволна вклученост на Собранието на РМ во одлучувањето по енергетските прашања;

- нетранспарентност на Секторот за енергетика при Министерството за економија, без ниту еден податок или информација објавени на интернет страницата на министерството;

- пронајдени неправилности во начинот и постапките за доделување на договори за одредени јавни набавки и реализација на склучените договори кај ЕЛЕМ;

- финансиска нетранспарентост со таканаречените проекти од општествен интерес на МЕПСО и ЕЛЕМ, нејаснотии околу оправданоста, недоволни расправи за користа од нивното имплементирање итн;

- слаб човечки и финансиски капацитет кај оние институции кои би требало да вршат некаков надзор како Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државната комисијата за спречување на корупција.

Препораки

Анализата се обиде да даде општ приказ за транспарентноста во енегетскиот сектор, со што се дава можност подоцна да се вршат поконцентрирани анализи за точно посочените проблеми. Во последниот дел на студијата следат препораките кои државните инситтуции би требало да ги преземат со цел подобрување на транспарентноста и отечтноста со трошењето на парите на даночните обврзници на Македонија во енергетскиот сектор. Тие не се конечни, врз нивна основа како и врз основа на посочените проблеми можат да се вршат дополнителни анализи за секоја институтција поединечно.

Препораки кои се однесуваат на Законската регулатива:

- Да се разгледа опцијата за воведување независен надзор над финансиското работење во енергетскиот сектор од тела формирани со посебна легислатива на која им е доделена таа улога како и од законодавниот дом како врховен претставник на граѓанската волја или пак зајакнување на капацитетите таму каде што го има независниот надзор.
- Пазарот на тргување со електрична енергија бидејќи е високо профитабилен треба да биде построго регулиран, како и надзорот над трговците со енергија.
- Да се регулира работата на ЕЛЕМ и МЕПСО со посебни закони или подзаконски акти.

- Да се воведат посебни поглавја или членови во Законот за контрола на државната помош и Законот за заштита на конкуренцијата, кои ќе се однесуваат на енергетските прашања, со што подробно би се регулирала државната помош во овој сектор (строго под кои услови може да биде доделена, казни ако се доделува незаконски итн.) и со кои би се заштитила конкуренцијата на пазарот на енергетика кој станува се' поразвиен а со тоа и подложен на неправилности доколку законската основа не е доволно добра.
- Да се предвиди законски задолжително објавување на годишниот планиран буџет, годишниот план за работа (или повеќегодшен зависно од институцијата) и годишниот финансиски извештај на сите институции и компании кои работат во енергетика со јасни рокови и предвидени казни доколку тоа не се случи.
- Казните треба да одат за подобрување на енергетската сиромаштија и/или во планираниот Фонд за енергетска ефикасност со што би се вратиле назад на општеството и на самите институции.

Препораки кои се однесуваат на Собранието на РМ (вклучително и Буџетот на РМ):

- Да му се даде на Собранието поголема улога при нацртот и изготвувањето на стратешките енергетски документи.
- Да се воведе опција за надзор врз трошењето на пари кој би го извршувала Комисијата за економски прашања кај Секторот енергетика при Министерството за економија, и кај Агенцијата за енергетика, како и над сите проекти каде што државата гарантира при заеми на државните компании ЕЛЕМ и МЕПСО.
- Воведување толковник во Буџетот со кој сите финансиски поими ќе бидат објаснети што значат.
- Поголема прегледност на енергетските проекти во самиот Буџет за да може компаративно да се споредува колку средства се предвидуваат и трошат низ годините. Посебно да се стави акцент на предвидените заеми во енергетскиот сектор и нивно јавно и јасно прикажување во самиот Буџет.
- Воведување измени во Буџетот на РМ со тоа што ќе биде задолжително наративното објаснување за тоа како се потрошени средствата за изминатата година при што ова ќе важи за сите сектори, не само за енергетиката.
- Обуки на членовите на Комисијата за финансирање и буџет и посебно за Комисијата за економски прашања за теми поврзани со енергетиката.
- Посебни расправи само за енергетски теми за да има доволно простор за детално и темелно разгледување на тоа како се трошат парите на даночните обврзници за енергетските потреби, кои освен преку даноци граѓаните и лично ги плаќаат со сметките за струја.

Препораки кои се однесуваат на Агенцијата за енергетика:

- Агенцијата за енергетика да се финансира со сопствен буџет.
- Агенцијата за енергетика да ги објавува ревизорските извештаи на својата интернет страница, како и сите програми и извештаи со тоа што тие треба да бидат лесно достапни, да можат да се преземаат и споделуваат и да имаат конзистентна форма пропишана со Правилник.
- АЕ јавно и транспарентно да ги објавува јавните набавки што ги има направено во текот на една фискална година.
- АЕ да објавува извештаи за спроведувањето на наодите од ревизорите.
- Да се зајакнат професионалните капацитети на АЕ и да се вработи дополнителен стручен кадар во соодветен размер со обврските што ги има Агенцијата.

Препораки кои се однесуваат на Регулаторната комисија за енергетика на РМ:

- Да се зајакне независноста на РКЕ, да се избираат членовите по пат на конкурс, а само Претседателот да биде избиран од страна на Собранието на РМ. Претседателот на РКЕ да не смее да биде избран на повеќе од еден мандат кој мора да биде ограничен на најмногу 5 години.

- РКЕ да ги објавува ревизорските извештаи на својата интернет страница, како и сите програми и извештаи, со тоа што тие треба да бидат лесно достапни, да можат да се преземаат и споделуваат и да имаат конзистентна форма пропишана со Правилник.
- РКЕ да објавува извештаи за спроведувањето на наодите од ревизорите.
- РКЕ јавно и транспарентно да ги објавува јавните набавки што ги има направено во текот на една фискална година.
- РКЕ да воспостави подобра соработка со Енергетската заедница и да предложи измени во законската регулатива која се однесува на нејзината независност со цел зацврснување на независноста од извршната и законодавната власт.

Препораки кои се однесуваат на Секторот енергетика при Министерството за економија:

- Секторот енергетика и целото Министерство да започнат со објавување на сите ревизорски извештаи на својата интернет страница, како и на сите годишни програми и извештаи како наративни така и финансиски, со тоа што тие треба да бидат лесно достапни, да можат да се преземаат и споделуваат и да имаат конзистентна форма пропишана со Правилник.
- Секторот енергетика да ја подобри својата комуникација со јавноста, јавно приложувајќи кои лица работат во него, со истакнати информации за контакт.
- Министерството за економија и Секторот енергетика, на својата интернет страница да поставува обновени листи на склучени договори за јавни набавки како и доделени тендери како за енергетскиот сектор така и во другите сектори. За поедноставно пребарување треба листите да се поделат секторски во зависност од тоа во колку сектори се скучени такви договори.

Препораки кои се однесуваат на ад ЕЛЕМ:

- ЕЛЕМ да ги објавува ревизорските извештаи на својата интернет страница, како и годишните програми и извештаи, како наративни така и финансикси со тоа што тие треба да бидат лесно достапни, да можат да се преземаат и споделуваат и да имаат конзистентна форма пропишана со Правилник.
- Да се започне со практитка на објавување извештаи за тоа што е подобрено и како се решаваат проблемите предочени во ревизорските извештаи како надворешни така и внатрешни.
- Да се започне со практитка на објавување на сите склучени тендери и јавни набавки за секоја фискална година.
- Податоците во годишните извештаи да бидат компаративни со претходната година, со наративно објасување за тоа што е исполнето од годишниот план за работа.
- Во финансиските планови и извештаи да почнат да се наведуваат таканаречените проекти од општествен интерес, или пак да бидат издвоени во посебни извештаи, но јавно достапни на интернет страницата на компанијата.

Препораки кои се однесуваат на ад МЕПСО:

- МЕПСО да започне со објавување на целосни финансиски извештаи кои ќе содржат детални информации за финансиското работење на компанијата.
- Да ги објавува ревизорските извештаи на својата интернет страница, како и годишните програми и извештаи, како наративни така и финансиски, со тоа што тие треба да бидат лесно достапни, да можат да се преземаат и споделуваат и да имаат конзистентна форма пропишана со Правилник.
- Да се започне со практитка на објавување извештаи за тоа што е подобрено и како се решаваат проблемите предочени во ревизорските извештаи, како надворешни така и внатрешни.

- Да се започне со практитка на објавување на сите склучени тендери и јавни набавки за секоја фискална година.
- Податоците во годишните извештаи да бидат компаративни со претходната година, со наративно објасување за тоа што е исполнето од годишниот план за работа.
- Во финансиските планови и извештаи да почнат да се наведуваат таканаречените проекти од општествен интерес, или пак да бидат издвоени во посебни извештаи, но јавно достапни на интернет страницата на компанијата.
- Да има јавно достапни информации на страницата на компанијата околу тоа како се решаваат споровите со Енергетската заедница.

Други препораки:

- Да се зајакнат професионалните капацитети и да се зголеми буџетот на Државната комисија за спречување на корупција. Истата да се обврзе да ги следи сите случаи за кои дала мислење и се во процедура, поради водење јасна евиденција и статистика за разрешницата на случаите.
- Воведување на парични но и казни за забрана за дејствија на пазарот, при прекршување на правилата на пазарот т.е. Законот за заштита на конкуренцијата и доколку се наруши конкуренцијата на пазарот на енергетика, во зависност од тежината на стореното дело.
- Зајакнување на неависноста и капацитетите и на другите институции кои што се баваат со надзор над работата на енергетскиот сектор во некој дел, како што се Комисијата за заштита на конкуренцијата, Царинската управа, како финансиски така и со човечки ресурси.
- Обвинителите и судиите кои се инволвирани во случаи поврзани со енергетиката треба да поминат посебни обуки за тоа како да се справуваат со вакви случаи поради нивната специфична природа.
- Судовите и Јавните обвинителства редовно да поднесуваат сооопштенија до јавноста за процесите во кои што се инволвирани актери од енергетскиот сектор.

Извори

Закон за енергетика, Сл. Весник бр. 16 од 10.02.2011 година

Пречистен текст на Законот за јавни набавки објавена од страна на Бирото за јавни набавки

Забелешка на Регулаторната комисија за енергетика на РМ доставена официјално до Аналитика на 4.02.2015 година

Годишен извештај за спроведување, Секретаријат на Енергетската Заедница, 2013/2014, Annual Implementation Report, 2013/2014, Energy Community Secretariat

Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија, Извештај за Предлог-финансискиот план на Регулаторната Комисија за енергетика за 2014 година, Триесет и деветтата седница одржана на 29 ноември 2013 година

Буџет на РМ, 2010 година

Буџет на РМ, 2011 година

Буџет на РМ, 2012 година

Буџет на РМ, 2013 година

Буџет на РМ, 2014 година

Конечен извештај на овластениот државен ревизор за Агенцијата за енергетика, број 08-200/2, 27.01.2011 година

Извештај на Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија на Педесет и првата седница одржана на 5 ноември 2010 година како заинтересирано тело го разгледа Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2011 година, 8.11.2010

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Осумдесет и втората седница одржана на 8,9,10,11,12,17,18,23,24,26 и 27 ноември 2010 година, како матично работно тело го разгледа: Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2011 година. 8.11.2010

Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија на Шестата седница одржана на 10 ноември 2011 година како заинтересирано работно тело го разгледа Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. 14.10.2011

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Дванаесеттата седница одржана на 14, 15, 16, 21, 24, 28, 29, 30 ноември, 1, 2 и 3 декември 2011 година, како матично работно тело го разгледа, Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. 3.12.2011

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија на Четириест и третата седница одржана на 19, 23, 26, 27, 29, 30 ноември, 1, 3, 4, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22

декември 2012 година, како матично работно тело го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2013 година. Извештај од 22.12.2012

Агенција за енергетика, Извештај за работа за 2010 година
http://www.ea.gov.mk/images/stories/E_Izdanija/Izvestai/Izvestaj_za_rabota_2010.pdf

Годишен извештај за работата на Агенцијата за енергетика за 2011
http://www.ea.gov.mk/images/stories/E_Izdanija/Izvestai/Izvestaj_za_rabota_2011.pdf

Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција за 2012 година,
http://www.dksk.org.mk/images//godisenizvestaj2012.pdf

Конечен извештај на овластениот државен ревизор за Агенцијата за енергетика, број 08-200/2, 27.01.2011 година

Извештај за работа на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2013 година
http://www.erc.org.mk/odluki/Godisen%20izvestaj%20za%20rabota%20na%20Regulatornata%20komisija%20za%20energetika%20na%20RM%20za%202013%20godina.pdf

Извештај за напредокот на Македонија 2014, Европска комисија, Брисел 8.10.2014
http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-strategy-paper_en.pdf

Допис до Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, 05.12.2013 година http://www.erc.org.mk/odluki/20131205105740953.pdf

Извор, Фактор http://www.energy-community.org/portal/page/portal/ENC_HOME/NEWS/News_Details?p_new_id=9661

Извор Енергетска Заедница на Југоисточна Европа: http://www.energy-community.org/portal/page/portal/ENC_HOME/NEWS/News_Details?p_new_id=9661

Конечен извештај на овластениот државен ревизор за Регулаторната комисија за енергетика на РМ, број 08-142/7, 28.12.2010 година

Извор Фактор http://faktor.mk/archives/126273

Изјавата на Претседателот на Секретаријатот г. Копач, извор: http://www.energy-community.org/portal/page/portal/ENC_HOME/NEWS/News_Details?p_new_id=9661

Државен завод за ревизија, Конечен извештај на државниот ревизор за Министерство за економија, Број 17-122/9, датум 25.09.2012

Државен завод за ревизија, Конечен извештај на државниот ревизор за Министерство за економија, Број 17-122/10, датум 25.09.2012

Финансиски извештаи за ЕЛЕМ, 2009, 2010, 2011, 2012 година.
http://www.elem.com.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=362&Itemid=166&lang=mk

ЕЛЕМ, Инвестициски план 2012-2017 година, http://www.elem.com.mk/images/stories/Investiciski_plan_2012_2017.pdf

ЕЛЕМ, Развој и инвестиции http://www.elem.com.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=64&Itemid=128&lang=mk

Извештај за мониторингот на јавните набавки, 4/2012, Извештај бр. 16, Центар за граѓански комуникации

Извештај за напредокот на Македонија 2014 http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-strategy-paper_en.pdf

Комисија за финансирање и буџет, Извештај за осумдесет и третата седница на Комисијата, 4.11.2013 година

Конечен Извештај на овластениот државен ревизор , број 13-313/6, до АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје, 29.03.2013 година

Извештај за 2012 година ад МЕСПСО http://www.mepso.com.mk/Content_Data/mepso2012/sektor_za_stratesko_planiranje.html

Извештај за 2010 година ад МЕПСО http://www.mepso.com.mk/Content_Data/cd2010/main.html

Извештаи на МЕПСО http://mepso.com.mk/Details.aspx?categoryID=232

Извештај на Комисијата за финансирање и буџет, за Осумдесет и седмата седница одржана на 28 ноември 2013, издаден на 30.11.2013

Годишни извештаи на ЕЛЕС за 2013 и 2012 година, соодветно http://www.eles.si/en/files/eles/userfiles/ANG/About_ELES/Annual_reports/Annual%20report%202013.pdf и http://www.eles.si/en/files/eles/userfiles/ANG/About_ELES/Annual_reports/Eles_Letno_porocilo_2012_ENG.pdf.

Брошури на ЕЛЕС: http://www.eles.si/files/eles/userfiles/porocila/brochures/ELES-LP08_ang_kor5.pdf и http://www.eles.si/files/eles/userfiles/porocila/brochures/ELES-LP07_ang_kor5.pdf

Веб страната на ЕЛЕС http://www.eles.si/files/eles/userfiles/ANG/About_ELES/Company_profile/2014/ELES_Company_profile_2013_Ang.pdf.

Веб страна на ЕЛЕС http://www.eles.si/en/for-citizens/planned-transmission-infrastructure.aspx.

"*The Transmission Network Development Plan in the Republic of Slovenia 2011-2020",* http://www.eles.si/files/eles/userfiles/ANG/For%20Bussines%20Users/Network%20Development/Development%20strategy%20of%20the%20Electrical%20Power%20System%202011-2020.pdf

Достапни на http://www.eles.si/en/for-business-users/public-tenders-and-procurement.aspx

Повеќе информации можат да се најдат на официјалната страница на ХСЕ http://www.hse.si/en/company-profile/introduction

Веб страната со објавени годишни извештаи на ХСЕ http://www.hse.si/en/publications/annual-reports

Веб страната на ХСЕ за објавување на јавни набавки http://www.hse.si/en/public-procurement

Листа на проекти достапна на веб страната http://www.hse.si/en/projects

Извештаи на НЦ Кршко http://www.nek.si/uploads/documents/LP_ANG_2013.pdf

Веб страната на ХОПС http://www.hops.hr/wps/portal/en/web/about

Некои од публикациите достапни на http://www.hops.hr/wps/portal/hr/web/dokumenti/publikacije

Пример за објавен годишен извештај на ХОПС http://www.hops.hr/wps/wcm/connect/1191f4ba-9073-4553-b0a4-52f20dda54de/GI_2008.pdf?MOD=AJPERES.

Портал каде се објавуваат јавните набавки на ХОПС http://www.hops.hr/wps/portal/hr/web/nabava/postupci-javne-nabave.

Пример за регистар на договори за јавни набавки на ХОПС за 2011 година http://www.hops.hr/wps/wcm/connect/bebc815e-6a9d-4028-ad07-590a22f88e98/Pregled+sklopljenih+ugovora+2011.pdf?MOD=AJPERES

Пример за преглед на рамковни спогодби на ХОПС за 2014 година http://www.hops.hr/wps/wcm/connect/1874647c-fa5e-4362-b74b-40e0a83aa7f9/Pregled+sklopljenih+OS+2014.pdf?MOD=AJPERES

Архива достапна на http://www.hops.hr/wps/portal/hr/web/nabava/registar

Објавена архива на публикации на ХЕП http://www.hep.hr/hep/publikacije/vjesnikArhiva.aspx

Објавени публикации за заштита на животната средина на веб страната на ХЕП http://www.hep.hr/hep/publikacije/okolis/default.aspx

Портал на ХЕП на кој се објавуваат огласи за јавни набавки http://www.hep.hr/hep/oglasi/nadmetanja.aspx

Конечен извештај на државниот ревизор, бр. 17-149/1, 23.01.2013 година

Извор: Дневник, прочитан на 15 декември 2014 година. http://www.dnevnik.mk/?ItemID=11E5F5E4341BA34A9CEAD59982A8001C

Извор: Нова Македонија, прочитан на 15 декември 2014 година. http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=97331556064E334F91ED877BC224808C

Извор: Вечер, прочитан на 15 декември 2014 година. http://vecer.mk/veshtachenjeto-pokazhalo-ne-e-predizvikana-ekonomska-shteta

Извор: http://www.kumanovonews.com/vesti/kraljevski-smenet-od-antimonopolska-uprava

Извор: http://www.dnevnik.mk/?ItemID=2D3DDB3AA2D27D4190E621C798F627F7

Извор: http://faktor.mk/archives/8399; http://grid.mk/read/news/102081911/1110346/krivichni-prijavi-za-nelegalen-uvoz-na-struja; http://grid.mk/read/news/102081911/1107851/uvezuvale-struja-ne-plakjale-carina; http://www.utrinski.mk/?ItemID=475EF7362BBFF64FB8CD75FDD7D5A08C

Извор: 24 Вести, Глоба од 3 милиони евра за трговци со електрична енергија, http://24vesti.mk/globa-od-3-milioni-evra-za-trgovci-so-elektrichna-energija

КАКО ДО ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ КАЈ ИНСТИТУЦИИТЕ И КОМПАНИИТЕ ВО ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СОЊА ЗУБЕР / ИСТРАЖУВАЧКИ И МЕНАЏМЕНТ КООРДИНАТОР / sristeska@analyticamk.org

www.analyticamk.org

Contact
Address: Dame Gruev No: 7-8/3 1000 Skopje, Macedonia
Tel: 00389 (0)2 3121 948 Fax: 00389 (0)2 3121 948
info@analyticamk.org